-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

**Од законите кои беа разгледувани на седниците на Комисијата во текот на 2019 година, седум беа закони со ЕУ знаме.**

Согласно Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за одбрана и безбедност, Предлог на законот за класифицирани информации во прво читање го разгледуваше како заинтересирано работно тело. Овој Предлог на закон беше со ЕУ знаме.

Останатите Предлог на закони, Предлог на одлуки, Резолуции, Информации и извештаи Комисијата ги разгледуваше како матично работно тело.

**Комисијата ги разгледа следниве <u>Предлог на одлуки</u> за испраќање на припадник или припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировни мисии:**

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка„ во Исламската Република Авганистан;

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка„ во Исламската Република Авганистан;

-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка„ во Исламската Република Авганистан;

-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ„ во Република Либан;

-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка„ во Исламската Република Авганистан;

-Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА„ во Босна и Херцеговина;

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ„ во Република Либан;

-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка", во Исламската Република Авганистан;

-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан;
-Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА" во Босна и Херцеговина
-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан и
-Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан.

**Комисијата ги разгледа следниве Предлог на одлуки за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија:**
-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија и
-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија.

**Комисијата ја разгледа и усвои следната Предлог на Резолуција:**
-Предлог на резолуција за Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2019 - 2028.

**Комисијата ја разгледа следната Информација:**
-Информација за потребата од склучување на договор со Владата на САД за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија

Оваа Информација, Комисијата ја разгледуваше согласно Законот за јавните набавки во делот на одбраната и безбедноста.

**Комисијата одржа седница на која беше разгледан:**
-Извештајот од Законодавно-правната комисија по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите, по скратена постапка; поднесен од пратениците Емил Димитриев, Агим Шаќири, Костадин Костадинов и Мирослав Јовановиќ.

**Членовите и заменициите членови на Комисијата за одбрана и безбедност остварија средба со претседателот на државата, г. Стево Пендаровски; септември 2019 година, Вила Водно, Скопје**

На средбата се разговараше за актуелната безбедносна ситуација во земјата и регионот, реформите во безбедносно-разузнавачкиот систем и системот за следење на комуникациите кои се спроведуваа преку Комисијата за одбрана и безбедност односно Собранието на Република Северна Македонија, следните

активности на Комисијата, како и за важноста од членството на нашата држава во НАТО Алијансата.

Комисијата оствари бројни активности за унапредување и остварување на цивилната демократска контрола и надзор во областа на одбраната и безбедноста. Со оглед на потребата за прилагодување кон НАТО и ЕУ стандардите и заложбата и потребата од реформата во безбедносниот систем, извршени се повеќе измени и дополнувања на законите што се однесуваат на оваа област.

Во текот на 2019 година, претседателот и членовите на Комисијата остварија повеќе средби со делегации на сродни комисии од земјите членки на НАТО и регионот, високи фукционери од седиштето на НАТО во Брисел и претставници на ЕУ. Тука пред се станува збор за развивање на парламентарната димензија на лобирање за членство во НАТО и ЕУ.

Во својство на коорганизатор, во јануари 2019 година, Комисијата за одбрана и безбедност организираше Панел дискусија, која се однесуваше и фокусираше на улогата на НАТО за нашата земја, придобивките што ги обезбедува членството во НАТО како и укажување на словенечкото искуство, предизвиците и придобивките од нивното пристапувањето во НАТО. Со овој настан се одбележи и преземањето на улогата на Република Словенија со која тие стануваат НАТО контакт Амбасада за Република Северна Македонија.

Врз основа на потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу Собранието и ДЦАФ (Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор) односно финансиската и стручната поддршка која ја овозможува ДЦАФ за периодот 2017-2020, а во рамки на Програмата за рефрома на безбедносниот сектор 2017-2020 во Република Северна Македонија и Проектот за зајакнување на парламентарниот и независен надзор во текот на 2019г. целиот состав на Комисијата за одбрана и безбедност активно учествуваа на повеќе специјално дизајнирани семинари, обуки и работилници.

Во таа насока, претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност оствари Работна посета на Словенечкиот Парламент и заштитената просторија со цел да се запознае со Словенечкиот модел на заштитена соба/просторија, од сите аспекти, да ги добие сите релевантни и неопходни информации кои ќе се користат во понатамошните фази за изградба на заштитената просторија во Парламентот на Република Северна Македонија, односно за поддршка за спроведување на планот ШТИТ.

Во насока на исполнување на НАТО стандардите и потребата од изградба на заштитена соба-просторија (глува соба), Комисијата за одбрана и безбедност се обрати до ПСРСМ, г. Талат Џафери и побара формално да се определи простор / просторија во рамките на Собранието на Република Северна Македонија која ќе може да се пренамени и да се изгради по сите стандарди кои ќе ги задоволува критериумите за нејзино правилно и ефикасно користење.

Исто така, членовите на Комисијата во текот на 2019 година имаат реализирано и учествувано на повеќе активности и настани

организирани од страна на институции, организации и други различни групи во рамките на граѓанското општество, како академски институции, Тинк-тенк, НВО за човекови права и НВО насочени кон политички и безбедносни прашања, кои со своето работење имаат влијание врз одлуките и политиката на секторот за безбедност.

**Позначајни работни средби, учества на конференции, учества на панел дискусии и друг вид на состаноци на претседателот и/или на членовите и замениците на членови на Комисијата за одбрана и безбедност се:**

-остварена средба за актуелни прашања од областа на безбедноста и одбраната со г. Доузинас Константинос, претседател на Постојаниот комитет за национална одбрана и надворешни работи на Парламентот на Република Грција; март 2019, Скопје;
-учество на тркалезна маса во рамките на работната посета на Делегацијата на Поткомитетот за транзиција и развој на ПС на НАТО, на Република Северна Македонија; март 2019, Скопје;
-остварена средба со г. Јан Хамачек, заменик претседател на Влада и министер за внатрешни работи на Чешката Република на Министерството за внатрешни работи во рамки на неговата официјална посета на Република Северна Македонија; април 2019, Скопје;
-учество на Специјален семинар за Република Северна Македонија „Следните Чекори кон НАТО”, мај 2019, Скопје;
-учество на работен семинар на тема „Законодавни процеси во одбраната”; јуни 2019, Скопје;
-присуство на Отворениот ден за високи гости во рамки на вежбовната активност „Одлучен удар” која ја спроведуваше Министерството за одбрана на Република Северна Македонија во соработка со вооружените сили на САД; јуни 2019;
-остварена средба со г-ѓа Тери Ен Велингтон, Сектор за политика на Амбасадата на САД во Скопје; јули 2019 Скопје;
-остварена средба со делегација од Сенатот на Република Франција предводена од Г-ѓа Елен Конве - Муре, заменик претседател на Сенатот на Република Франција и член на Комисијата за надворешни работи, одбрана и вооружени сили во францускиот Сенат; ноември 2019, Скопје;
-учество на конференција “Идни предизвици за управување со миграциите”; ноември 2019, Скопје;
-учество на работилница на тема „Родова застапеност во безбедноста”; ноември 2019, Скопје
остварена средба со г. Јоан-Кристијан Киртеш, претседател на групата за пријателство со Република Северна Македонија во Парламентот на Романија; декември 2019, Скопје и
-учество на конференција „Реформите во разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија: постигнувања, предизвици и приоритети”; декември 2019, Скопје.

**Позначајни меѓународни активности на претседателот и/или на членовите и замениците на членови на Комисијата за одбрана и безбедност се:**

-студиска посета на Штабот на НАТО и Врховните штабни здружени сили (СХАПЕ); февруари 2019, Брисел, Кралство Белгија.

-учество на Интерпарламентарна конференција организирана од страна на Комисијата на Заедничка надворешна и безбедносна политика и Комисијата на заедничката безбедносна политика на државите членки на Европската Унија; март 2019, Букурешт, Република Романија;
-учество на Регионална годишна конференција на Парламентарните комисии за одбрана и безбедност на земјите од Југоисточна Европа; ноември 2019, Тирана, Република Албанија;
-учество на вториот годишен Форум за отпорност на Западен Балкан; декември 2019, Софија, Република Бугарија и
-учество на Официјалниот состанок на лидерите на НАТО во Лондон; декември 2019, Лондон, Велика Британија.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>25</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>55</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>4</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>30</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>22</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>7</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>8</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">декларации, резолуции</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>14</td></tr>
<tr><td colspan="2">иницијативи, стратегии</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">други акти</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">јавни расправи</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-функционирање на политичкиот систем,
-менување на границите на Републиката,
-државните симболи и нивната употреба,
-судството, адвокатурата и јавното обвинителство,
- амнестија и помилување,
-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето,
-матична евиденција и заштита на личните податоци,
-лични имиња, лични карти и патни исправи,
- попис на населението,
- системот на јавното информирање,
-право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
-избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците,
-референдум,
-народниот правобранител,
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи,
-одликувања, признанија и награди,
-празниците на Република Македонија,
-организација на државната управа,
-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците,
-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на заедниците
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на политичките системи и односите меѓу заедниците и
-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР КИРАЦОВСКИ,** претседател | |
| | **ЧЕДОМИР САЗДОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Соња Мираковска | |
| 2. | Ферид Мухиќ | |
| 3. | Сашко Костов | |
| 4. | Бетиане Китев | |
| 5. | Анета Симоска Димоска | |
| 6. | Реџаил Исмаили | |
| 7. | Сурија Рашиди | |
| 8. | Антонијо Милошоски | |
| 9. | Владимир Ѓорчев | |
| 10. | Даниела Рангелова | |
| 11. | Зоран Илиоски | |
| 12. | Јусуф Хасани | |
| 13. | Панчо Минов | |
| 14. | Африм Гаши | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Катерина Кузмановска | |
| 2. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 3. | Благојче Трпевски | |
| 4. | Енес Ибраим | |
| 5. | Костадин Ацевски | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | | |
| 8. | Трајко Вељаноски | |
| 9. | Нада Ципушева | |
| 10. | Магдалена Манаскова | |
| 11. | Ане Лашкоска | |
| 12. | Иван Стоиљковиќ | |
| 13. | Нола Исмајлоска Старова | |
| 14. | Фадил Зендели | |

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е постојано работно тело основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 31 мај 2017 година ("Службен весник на Република Македонија" број 64/2017).

*Во периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржа 43 седници. На нив беа разгледани вкупно 64 точки, од кои 41 беа предлози на закони.*

На седниците на Комисијата беа разгледани следните точки:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија - I читање;

- Предлог на закон за Централен регистар на население - I читање;

-Предлог на законот за инспекциски надзор - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижност - I читање;

-Предлог на закон за изменување на законот за вработените во јавниот сектор - I читање;

-Предлог на законот за извршување на санкциите - II читање;

-Предлог на законот за Централен регистар на население - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди - II читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија - II читање поднесен од пратениците Артан Груби, Зеќир Рамчиловиќ, Панчо Минов, Јован Митровски, Џеват Адеми, Ејуп Алими, Реџаил Исмаили, Весел Мемеди и Јусуф Хасани;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижност - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа - II читање поднесен од пратениците Артан Груби, Зеќир Рамчиловиќ, Панчо Минов, Јован Митревски, Џеват Адеми, Ејуп Алими, Реџаил Исмаили, Весел Мемеди и Јусуф Хасани и

-Предлог на закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор - II читање;

-Предлог на закон за инспекциски надзор - II читање;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за пратениците, по скратена постапка - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборен законик, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесен од пратениците Бетиан Китев, Реџаил Исмаили, Сашко Костов, Соња Мираковска и Јусуф Хасани;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, по скратена постапка поднесен од Хари Локвенец;

-Годишен извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2017 година;

-Годишен извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2018 година;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;

-Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за

слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2018 година;

-Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2018 година

-Извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2018 година;

-Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2018 година

-Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права во 2018 година;

-Граѓанска иницијатива за собирање на потписи од најмалку 150.000 избирачи за распишување на дополнителен референдум за одлучување на граѓаните на целата територија на Република Македонија, доставена преку овластениот предлагач Тодор Петров;

-Граѓанската иницијатива за собирање на потписи од најмалку 150.000 избирачи за распишување на дополнителен референдум за одлучување на граѓаните на целата територија на Републиката, на Сто педесет и седум граѓани, доставена преку овластениот предлагач Тодор Петров;

-Информација во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на Народниот правобранител, од страна на органите на државната управа опфатени во истиот;

**-Јавна расправа** по Предлог на законот за инспекциски надзор;

**-Јавна расправа** по Предлог на законот за извршување на санкциите;

-Предлог на резолуција за промени и подобрување на положбата на ромите во Република Северна Македонија поднесена од пратениците Самка Ибраимовски, Мирсада Емини Асани, Јулијана Николовска, Павле Богоески, Енес Ибрахим, Диме Велковски, Соња Мираковска, Ѓулумсер Касапи, Ирена Стефоска, Маја Морачанин, Славица Шуманска Митева, Ивана Туфегџиќ, Агим Муртезанов, Лилјана Поповска и Трајчо Димков;

-Разгледување на Извештајот на Законодавно-правната комисија по Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа;

-Предлог одлука за давање согласност на општите акти на Народниот правобранител;

-Предлог на закон за изменување на Законот за прекршоците - I читање;

-Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2018 година;

-Предлог на закон за дополнување на Законот за правда за децата, по скратена постапка;

-Предлог на закон за правосудниот испит - I читање;

- Предлог на закон за правосудниот испит - II читање;

- Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители - I читање;

-Предлог на закон за Инспекторат за употреба на јазиците - I читање;

-Годишен извештај на Народниот правобранител за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2018 година;

--Предлог на закон за Инспекторат за употреба на јазиците - II читање;

-Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања - Претседателски избори и предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар 2019 година;

-**Јавна расправа** по Предлог-законот за Академија за судии и јавни обвинители;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, поднесен од пратениците Снежана Калеска Ванчева и Мирослав Јовановиќ, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правда за децата - I читање;

-Предлог на закон за лобирање - I читање;

-Предлог на закон за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка и

-Предлог на закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор,по скратена постапка;

-Предлог на закон за лобирање - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правда за децата - II читање;

- Предлог на закон за Академија за судии и јавни обвинители - II читање;

-**Јавна расправа** по Предлог на законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија

-Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година;

-Формирање на работна група за зајакнување, унапредување и подобрување на соработката помеѓу Собранието на Република Северна Македонија и Народниот правобранител;

-Предлог на закон за висока раководна служба - I читање;

- Предлог на закон за неевидентирани лица во матична книга на родени - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка и

-Предлог на закон за изменување на Законот за централен регистар на население, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, по скратена постапка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 43 |
| Вкупно разгледани точки | | 64 |
| **Поднесени амандмани** | | **9** |
| Закони по области | политички систем | 41 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 16 |
| | 2 читање | 13 |
| | скратена и итна | 12 |
| декларации, резолуции | | 1 |
| одлуки | | 2 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 14 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | 2 |
| **јавни расправи** | | **4** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации,

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство,

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави,

-стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации,

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори,

-ратификација на меѓународни договори,

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации,

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави,

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АНТОНИЈО МИЛОШОСКИ,** претседател |
| | **МАГДАЛЕНА МАНАСКОВА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Тања Ковачев |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Ивана Туфегџиќ |
| 4. | Јагода Шахпаска |
| 5. | Илија Николовски |
| 6. | Шпреса Хадри |
| 7. | Емил Димитриев |
| 8. | Никола Поповски |
| 9. | Елизабета Канчевска Милевска |
| 10. | Ане Лашкоска |
| 11. | Емилија Александрова |
| 12. | Африм Гаши |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Далибор Богдановски |
| 2. | Татијана Прентовиќ |
| 3. | Костадин Ацевски |
| 4. | Јулијана Николова |
| 5. | |
| 6. | Артан Груби |
| 7. | Илија Димовски |
| 8. | Трајко Вељаноски |
| 9. | Сашо Василевски |
| 10. | Љупчо Димовски |
| 11. | Зоран Ѓорѓиевски |
| 12. | |

*Комисијата одржа **14 седници** на кои беа разгледани **36 точки**.*

*Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на ратификација на меѓународни договори, беа разгледани и препорачани на Собранието **25** предлози за донесување на законски акти.*

*Беа разгледани **10** тези за завршни разговори на амбасадори, пред стапување на нивната должност.*

*На една од седниците, министерот за надворешни работи, Никола Димитров даде **извештај** за спроведувањето на надворешната политика на Република Македонија.*

**Претседателот на Комисијата, Антонијо Милошоски оствари средби со:**

-заменик на претседателот на Сенатот на Република Франција и член на Комисијата за надворешни работи на Францускиот Сенат, Елен Конве - Муре;

-амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, Кристијан Тимоние;

-амбасадорот на Република Полска, Војциех Тицињски и

-амбасадорката на Република Латвија, Гунта Пасторе.

**Комисијата оствари средби со:**

-министерот за надворешни работи на Република Литванија, Линас Линкевичиус, 28 јануари 2019 година;

-делегација на Бундестагот на Сојузна Република Германија во состав: Јосип Јуратовиќ, Рената Алт, Андреас Лемел, Хансјерг Милер, 13 јуни 2019 година;

-делегација за Социјални развојни работи - Комисија на Националниот Народен Конгрес на Народна Република Кина во состав: Хи Итинг, Чен Сиси, Фанг Џун, Ван Џин, Џу Ханчун, 5 јули 2019 година и

-делегација на Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Албанија во состав: Мими Кодели, Васил Стерјовски, Зеф Штјефни, Рудина Хајдари, 19 ноември 2019 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 36 |
| **Поднесени амандмани** | | **1** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| ратификации | | 25 |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| прашања и предлози | | - |
| платформи на амбасадори | | 10 |
| **ислушување на амбасадори** | | **-** |
| **јавни расправи** | | **-** |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;
-следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Македонија и Европската унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската унија, вклучувајќи ги програмите за финансиска помош;
-следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, како и на предлагање мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија;
-следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
-анализирање на последиците од пристапување на Република Македонија во членство во Европската унија и подготвува извештаи во врска со истите;
-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската унија;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Македонија во членство во Европската унија

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АРТАН ГРУБИ,** претседател | |
| | , заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Јулијана Николова | |
| 2. | Татјана Прентовиќ | |
| 3. | Лидија Тасевска | |
| 4. | Славица Шуманска Митева | |
| 5. | Бетиане Китев | |
| 6. | Никола Поповски | |
| 7. | Трајчо Димков | |
| 8. | Јусуф Хасани | |
| 9. | Сашо Василевски | |
| 10. | Магдалена Манаскова | |
| 11. | Невенка Стаменковска | |
| 12. | Јагода Шахпаска | |
| 13. | Фадил Зендели | |
| 14. | Шпреса Хадри | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ивана Туфегџиќ | |
| 2. | | |
| 3. | Ристе Ташев | |
| 4. | Бети Рабаџиевска Наумовска | |
| 5. | Снежана Калеска Ванчева | |
| 6. | Хари Локвенец | |
| 7. | Ејуп Алими | |
| 8. | Антонио Милошоски | |
| 9. | Емил Димитриев | |
| 10. | Елизабета Канчевска Милевска | |
| 11. | Слаѓана Митовска | |
| 12. | Владанка Авировиќ | |
| 13. | Жаклина Пешевска | |
| 14. | Африм Гаши | |

*Во извештајниот период од вкупно закажани 30 седниции одржа 28 седници (една е незавршена), на кои од поставени 56 точки беа разгледани 53 точки.*

Во рамките на следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на ЕУ разгледа **32 законски предлози** со ЕУ знак, при што констатира дека се прифатливи за понатамошно читање од аспект на нивната усогласеност со правото на ЕУ.

Согласно воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Македонија за ЕУ процесите ги разгледа:

-програмата и приоритетите на Романското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јануари - јуни 2019 година, претставени од страна на Амбасадорот на Република Романија во Република Северна Македонија, Н.Е Виорел Станила (23 јануари 2019 година)

Одржа една **Јавна расправа** за Предлог законот предлог законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, во второ читање (14 март 2019 година)

Одржа тематска седница на тема: Промоција на поддршката на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Северна Македонија преку Компонентата за зајакнување на капацитетот за ЕУ (23 март 2019 година)

Во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Северна Македонија за ЕУ процесите оддржа јавна расправа на тема: Осврт на евроинтегративните процеси во Република Северна Македонија по самитот на Европскиот совет во октомври 2019 година.

**Реализирани средби на претседателот на Комисијата, г. Артан Груби**

-Новиот генерален секретар на Регионалниот совет за соработка, **Мајлинда Брегу** (22 јануари 2019);

-Амбасадорот на Република Романија во Република Македонија, Н.Е. **Виорел Станила** (23 јануари 2019);

-Полскиот амбасадор во Република Северна Македонија **г. Војциех Тициńски** (28 јануари 2019);

-заедно со координаторката на Клубот на млади, Ивана Туфегџиќ, со г.**Федерик Петит**, пратеник од Националното собрание на Француската Република, во придружба на францускиот амбасадор во Република Македонија, Н.Е. **Кристијан Тимоние** (30 јануари 2019);

-Амбасадорот на Република Бугарија во Република Северна Македонија г. **Ангел Ангелов** (21 февруари 2019);

-Амбасадорот на Франција во Македонија г. **КристијанТимоние** (21 февруари 2019);

- г. **Костас Дуцинас**, професор по право и филозофија и Директор на Биркбек институтот за хуманизам на Лондонскиот Универзитет (29 март 2019);

-претставници на Здружението на Советот на амбасадори, г. **Љупчо Арсовски**, проф. **Агим Лека**, и г-ѓа **Александра Накева-Ружин** (2 октомври 2019) и

-г-ѓа **Елен Конве-Муре**, заменик-претседател на Сенатот на Република Франција и член на Комисијата за надворешни работи во Францускиот сенат, во придружба на амбасадорот на Република Франција во Република Северна Македонија, **Кристиан Тимоние** (4 ноември 2019).

**Претседателот на Комисијата, г. Артан Груби учествуваше и се обрати на**

-политичкиот форум на тема: Градење на посилни држави во ЗБ и Источна Европа: Зајакнувањена владеењето на правото, човековите права и заштитата на

малцинствата, што се оддржа во Скопје (7 февруари 2019 година) и
-на Конференцијата на тема: Перспективите за проширувањето по Европскиот совет: Улогата на Собранието и односот на европскиот совет, што се оддржа во Скопје (1 ноември 2019 година).

**Претседателот, членовите и замениците на Комисијата во земјата ги остварија следните средби со:**

-француските пратеници, во Националното собрание на Франција, **Лилијана Танги и Жак Мер**, во придружба на амбасадорот на Франција во Република Северна Македонија, **Кристијан Тимоние** (24 јануари 2019 година);
-заедно со Комисијата за надворешна политика со **Линас Линкевициус**, министер за надворешни работи на Република Литванија, во придружба на **Раша Каирине**, амбасадор на Република Литванија во Македонија и **Ваида Станкевичиус**, шефица на одделот за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на Литванија (28 јануари2019 година);
-Министерката за европски прашања при Министерството за Европа и за Надворешни работи на Република Франција, г-ѓата **Натали Лоазо** (26 февруари 2019 година);
-со холандска парламентарна делегација во состав: **Хајке Велдман** претседател на Комисијата за европски прашања и членот на Комисијата г. **Ане Мулдер** (8 мај 2019 година);
-со хрватска делегација во состав: г. **Домагој Милошевиќ**, претседател на Одборот за европски работи г. **Миро Ковач**, претседател на Одборот за надворешна политика г. **Домагој Хајдуковиќ**, потпретседател на Одборот за европски работи г-ѓа **Весна Пусиќ**, член на Одборот за европски работи (5 јуни 2019 година) и
-со германска парламентарна делегација во состав: **Јосип Јуратовиќ**, претседател на парламентарната група СПД, г-ѓа **Рената Алт** зам. претседател на парламентарната група ФДП, г. **Андреас Лемел**, член на парламентарната група ЦДУ/ЦСУ, г. **Хансјерг Милер**, член на парламентарната група АФД (13 јуни 2019 година).

### 2.2.Меѓународна активност на Комисијата во странство

#### 2.2.1.Меѓународна активност на Претседателот на Комисијата за европски прашања, г. Артан Груби:

-учество на Молитвениот појадок во Приштина (14 мај 2019);
-учество на Конференција на тема: Пристапување на Западен Балкан во Европската Унија - примена на политички критериумиг во организација на Центарот за демократска транзиција (ЦДТ), поддржана од Парламентот на Република Црна Гора и Амбасадата на Кралството Норвешка во Република Србија, во Подгорица, Црна Гора (29-31 мај 2019) и
-учество заедно со потпретседателот на Собранието, г.Горан Мисовски и пратеничката Лилјана Кузмановска во Вашингтон на настани и обуки за борба против корупција и транспарентно владеење организирана од Меѓународен републикански институт (ИРИ) (16-26 септември 2019).

**2.2.2 Меѓународна активност на Претседателот, членовите и замениците на Комисијата за европски прашања:**

-учество на делегација во состав: Јагода Шахпаска, Агим Шаќири и Жаклина Пешевска на Конференција на комисиите за европски прашања во Букурешт (21 јануари 2019);
-учество на пратениците Сашо Василевски и Бети Рабаџиевска Наумовска на Интерпарламентарна конференција на тема „Иднината на ЕУ„ во Букурешт, Романија (1-2 април 2019);
-учество на Делегација во состав: Владанка Авировиќ и Емил Димитриев, на 15-от состанок на Конференцијата на парламентарните комисии за европски прашања / интеграции на земјите учеснички на Процесот за стабилизација и придружување во Југоисточна Европа (КОСАП) во Белград (14 - 15 април 2019);
-учество на пратеничката Шпреса Хадри, на Конференцијата на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ - КОСАК, што се одржа во Хелсинки, Финска (21 и 22 јули 2019);
-учество на пратеничките Владанка Авировиќ и Слаѓана Митовска, на Семинар за социјални медиуми за парламентарки во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија (13 и 14 ноември 2019) и
-учество на Делегацијата во состав од пратениците: Сашо Василевски, Бетиане Китев, Реџаиљ Исмаили и Драган Данев на Тркалезна маса на високо ниво за процесот на евроинтеграции на Западен Балкан во Европскиот парламент во Брисел (3 декември 2019).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 28 |
| Вкупно разгледани точки | | 53 |
| **Поднесени амандмани** | | **46** |
| Закони по области | политички систем | 17 |
| | економски систем | 7 |
| | јавни дејности | 8 |
| Закони | 1 читање | 24 |
| | 2 читање | 18 |
| | скратена и итна | 4 |
| ратификации | | 1 |
| декларации, резолуции | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 2 |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членови на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија",

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на изборите и именувањата и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ИЛИЈА ДИМОВСКИ,** претседател |
| | **ЗОРАН ИЛИОСКИ,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Антонијо Милошоски |
| 2. | Крсто Мукоски |
| 3. | Даниела Рангелова |
| 4. | Димитар Стевананџија |
| 5. | Љупчо Димовски |
| 6. | Горан Мисовски |
| 7. | Хари Локвенец |
| 8. | Костадин Костадинов |
| 9. | Мухамед Зеќири |
| 10. | Ивана Туфегџиќ |
| 11. | Артан Груби |
| 12. | Фадил Зендели |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Кузмановска |
| 2. | Драган Данев |
| 3. | Трајчо Димков |
| 4. | Васил Пишев |
| 5. | Благица Ласовска |
| 6. | Лидија Тасевска |
| 7. | Јулијана Николова |
| 8. | Далибор Богдановски |
| 9. | Татијана Лалчевска |
| 10. | Тања Ковачев |
| 11. | Ејуп Алими |
| 12. | Африм Гаши |

*Составот на оваа Комисија е утврден согласно со Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија донесена на конститутивната седница на Собрание на Република Северна Македонија одржана на 31 мај 2017 година ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17) и Одлуките за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 73/17, 73/17, 84/17 и 160/17)*

*Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија одржа* ***7*** *седници со* ***31*** *разгледани точки.*

За Комисијата за прашања на изборите и именувањата како надлежно тело во Собранието, најзначајна новина во однос на постапката за избор и именување претставува начинот на именување на претседателот и членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Оваа постапка беше предвидена согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси којшто Собранието го донесе на 80-та седница одржана на 17 јануари 2019 година.

Претседателот на Собранието на 21.01.2019 година објави Оглас за именување на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата ("Службен весник на Република Северна Македонија" број.14/2019). Претседателот на Собранието на 21 јануари 2019 година донесе Роковник за спроведување на постапката за именување на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата. Собраниската Комисија за прашања на изборите и именувањата на 29.01.2019 година донесе Решение бр.16-569/11, со кое формираше Комисија за селекција на кандидатите за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата. Комисијата за селекција изврши административна проверка на пријавените кандидати, а во периодот од 3 до 6 февруари 2019 година во Собранието спроведе јавни интервјуа со 57 кандидати.

Записникот од спроведените интервјуа со кандидатите како и Ранг листата на кандидатите беа објавени на интернет страната на Собранието. Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 08.02.2019 год. утврди Предлог-листа за именување на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата. Собранието на 85-та седница одржана на 08 февруари 2019 година донесе Одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата. Постапката за избор на составот на Државната комисија за спречување на корупцијата за прв пат беше спроведена на јавен и транспарентен начин. Службата на Собранието даде значаен придонес и обезбеди административна и стручна поддршка во целокупната постапка.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, согласно Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија и соодветните закони утврди Предлог на одлуки и истите ги достави до Собранието за нивно донесување.

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата ги утврди следниве Предлог на одлуки:

-Предлог на одлука за разрешување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија,

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици - членови на Националниот совет за евроинтеграции,

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија,

-Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламенти на други држави,

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Интерпарламентарната унија – ИПУ,

-Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации,

-Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот за граѓански надзор,

-Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Северна Македонија,

-Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата и

-Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство,

-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Северна Македонија,
-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација,
-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции,
- Предлог на одлука за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството за Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола,
-Предлог на одлука за именување на директор на Агенцијата за квалитет во високото образование и
-Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата во Извештајниот период ги утврди следниве Предлози:

-Предлози за именување на директор и на заменик на директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер,
-Предлог за избор на директор и на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци,
-Предлог за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија и
-Предлогот за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Дваесет и петтата седница одддржана на 5 септември 2019 година го разгледа Извештајот за утврдена фактичка состојба број 03-133/6 од 29 август 2019 година на Советот на јавни обвинители Република Северна Македонија.

Во рамките на своите надлежности, Комисијата за прашања на изборите и именувањата донесе и поединечни акти-Решенија за плата на избрани и именувани лица како и Решенија за остварување право на плата по престанок на функцијата на поранешни функционери.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | **7** |
| Вкупно разгледани точки | **31** |
| одлуки | 17 |
| предлози | 4 |
| решенија | - |
| барања | - |
| листи | - |
| разно | 10 |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот,

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот,

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите,

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните,

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ФАДИЉ ЗЕНДЕЛИ,** претседател |
| | **РЕЏЕП МЕМЕДИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | |
| 2. | Сашко Атанасов |
| 3. | Рубин Земон |
| 4. | Ферид Мухиќ |
| 5. | Ммирсада Емини Хасани |
| 6. | Ане Лашкоска |
| 7. | Трајчо Димков |
| 8. | Панчо Минов |
| 9. | Крсто Јовановски |
| 10. | Ирена Стефоска |
| 11. | Алија Камберовски |
| 12. | Нола Исмајлоска Старова |
| 13. | Емилија Александрова |
| 14. | Зиадин Села |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Никица Корубин |
| 2. | Маја Морачанин |
| 3. | Благојче Трпевски |
| 4. | Мухамед Зеќири |
| 5. | Реџаил Исмаили |
| 6. | Дафина Стојановска |
| 7. | Горан Манојлоски |
| 8. | Ванковер Манчев |
| 9. | Борис Змејковски |
| 10. | Далибор Богдановски |
| 11. | Бети Рабаџиева Наумовска |
| 12. | Драган Данев |
| 13. | Слаѓана Митовска |
| 14. | |

*Во периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа* ***6*** *седници на кои разгледа* ***8*** *точки и* ***две*** *беа посветени на јавни расправи.*

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на 11 март 2019 година ја одржа **Седмата седница** со

**Дневен ред**:

**Јавна расправа на тема: Заштита на човековите права - Пресудите на Европскиот суд за човекови права**

**Осмата седница,** Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот ја одржа на 29 март 2019 година со

**Дневен ред:**

**1.Усвојување на заклучоци од Шестата седница на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 19 јули 2018 година**

**Деветтата седница** на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот се одржа на 6 јуни 2019 година со

**Дневен ред:**

1. **Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2018 година,**
2. **Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2018 година и**
3. **Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација за 2018 година**

**Десеттата седница** на Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието започна на ден 22 јули 2019 година, и имаше две продолженија, првото продолжение на десеттата седница се одржа на 13 септември 2019 година и второто продолжение на десетата седница, кое се одржа на 5 ноември 2019 година со

**Дневен ред:**

1. **Јавна расправа на тема: Состојбата со човековите права во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија**

Врз основа на член 127 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот основаше Работна група за посета на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија во состав: Фадил Зендели, Сашко Атанасов, Мирсада Емини - Асани, Трајчо Димков, Панчо Минов, Ирена Стефоска, Маја Морачанин и Слаѓана Митовска. За време на посетите пратениците беа придружувани од преставници на невладиниот сектор, и тоа: Слаѓана Марјановиќ Пановска и Ана Ангеловска од НДИ, Сибел Амет од Хелсиншкиот Комитет за човекови права на РСМ и Маргарита Цаца Николовска, поранешен судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Оваа група имаше за цел согледување на состојбите во кои се наоѓаат овие установи и предизвиците со кои се соочуваат, а како резултат на посетите беше свикана оваа јавна расправа со учество на сите засегнати страни заради утврдување на идните мерки кои би можеле да бидат преземени.

Во периодот од јули 2018 до јули 2019 година Работната група реализираше посета на три казнено-поправни установи: Затворот КПД Идризово, Затворот КПД Штип и КПУ Затвор Охрид. Во рамките на посетата се реализираа средби со директорите на наведените казнено-поправните установи, вработените, но исто

така се оствари и директен контакт со осудените лица. Согласно член 127 став 3 од Деловникот на

Собранието на Република Македонија, Работната група подготви Извештај од посетите.

**Единаесеттата седница** на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот се одржа на 15 ноември и 2 декември 2019 година со

**Дневен ред**:

**ПРЕТСТАВКА од Ѓорѓи Илиевски, вработен во Државниот просветен инспекторат - Виш просветен инспектор**

**Против: вршење притисок, мобинг на работно место после констатираните незаконски унапредувања на јавни функционери во наставно - научни звања на Универзитетот во Тетово**

**На дванаесеттата седница** започната на ден 20 декември 2019 година, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот работеше по следниот

**Дневен ред:**

1. **Предлог - Резолуција за осуда на масовните повреди на човековите права и извинување на граѓаните**
2. **Претставка од граѓанин**
3. **Приговор од граѓанин**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | **6** |
| Вкупно разгледани точки | | **10** |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | **-** |
| | економски систем | **-** |
| | јавни дејности | **-** |
| Закони | 1 читање | **-** |
| | 2 читање | **-** |
| | скратена и итна | **-** |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | **-** |
| декларации, резолуции | | **1** |
| одлуки | | **-** |
| информации, извештаи, програми, планови | | **3** |
| уставни измени | | **-** |
| иницијативи, стратегии | | **-** |
| други акти | | **4** |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица,
-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,
-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,
-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ,** претседател |
| | , заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фросина Ташевска Ременски |
| 2. | Тања Ковачев |
| 3. | Мухамед Зеќири |
| 4. | Татијана Лалчевска |
| 5. | Ејуп Алими |
| 6. | Иван Иванов |
| 7. | Благица Ласовска |
| 8. | Трајчо Димков |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Јован Митревски |
| 2. | Благојче Трпевски |
| 3. | |
| 4. | Снежана Калева Ванчева |
| 5. | Артан Груби |
| 6. | Нада Ципушева |
| 7. | Ванковер Манчев |
| 8. | Емилија Александрова |

*Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање оддржа* ***6*** *седници на кои се разгледаа* ***10*** *точки и тоа* ***3*** *извештаи,* ***една*** *програма и* ***шест*** *точки посветени на разно.*

| Одржани седници | | 6 |
|---|---|---|
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| Измени на Устават | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите,
-утврдување на законитоста во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на овластените органи (ОТА),
-утврдување на ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки,
-изготвување извештај за извршениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на ваквиот надзор и
-други прашања што се однесуваат на овластените органи (ОТА) за спроведување на мерките за следење на комуникациите

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЕМИЛ ДИМИТРИЕВ,** претседател |
| | **ДРАГАН ЦУКЛЕВ,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Тања Ковачев |
| 2. | Зоран Илиоски |
| 3. | Ејуп Алими |
| 4. | Трајчо Димков |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Затуроска |
| 2. | Горан Мисовски |
| 3. | Агим Шаќири |
| 4. | Весна Пемова |

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

*Комисијата во извештајниот период од 1 јануари до 31 декември 2019 година одржа **12** седници на која разгледа **28** точки и тоа **11** извештаи, една одлука, една иницијатива и **15** точки посветени на разно.*

Комисијата во во периодот 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година реализираше шест (6) работни и надзорни посети од кои две (2) во Оперативно-техничката агенција, Скопје; една (1) во Управата за финансиска полиција; една (1) во Царинската управа, една (1) во Службата за воена безбедност и разузнавање и една (1) во Агенција за национална безбедност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 28 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки, декларации, програми | | 1 |
| Информации, извештаи | | 11 |
| Иницијативи, стратегии | | 1 |
| други акти | | 15 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА,** претседател |
| | **ПАНЧО МИНОВ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Кети Смилевска |
| 2. | Костадин Костадинов |
| 3. | Диме Велковски |
| 4. | Агим Муртезанов |
| 5. | Панче Иванов |
| 6. | Горан Милевски |
| 7. | Реџаил Исмаили |
| 8. | Сурија Рашиди |
| 9. | Крсто Мукоски |
| 10. | Драган Цуклев |
| 11. | Зоран Илиоски |
| 12. | Дафина Стојаноска |
| 13. | Владанка Авировиќ |
| 14. | Неџбедин Каремани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Мира Стојчевска |
| 2. | Јован Митревски |
| 3. | Милева Ѓорѓиева |
| 4. | Мерал Узеири Ферати |
| 5. | Ристе Ташев |
| 6. | Благојче Трпевски |
| 7. | Ејуп Алими |
| 8. | Весел Мемеди |
| 9. | Илија Димовски |
| 10. | Никола Мицевски |
| 11. | Владимир Ѓорчев |
| 12. | Љупчо Димовски |
| 13. | Ванковер Манчев |
| 14. | Фадил Зендели |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17). Со Одлуката се утврдени надлежностите на комисиите.

*Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година има одржано 30 седници со вкупно 73 точки на дневен ред и тоа:*

-10 Предлози на закони во прво читање,
-8 Предлози на закони во второ читање,
-31 Предлог на закон по скратена постапка,
-Предлог на Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите,
-Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, Завршна сметка на Буџетот

на Република Северна Македонија за 2018 година,
-2 Финансиски плана,
-7 Извештаи,
-1 Стратешки план,
-1 Програма за работа,
-2 Јавни расправи и
-2 Статутарни одлуки за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност ( во I и II фаза) и Предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2020 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година. Согласно законската обврска утврдена во член 52 од Законот за буџетите, Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија по нејзиното утврдување од страна на Владата на Република Северна Македонија се доставува до Собранието на Република Северна Македонија за разгледување и донесување. Извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на буџетот, заедно со коментарите на Министерството за финансии се составен дел на Завршната сметка. Воедно, кон Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија се приложени и завршните сметки на буџетите на Единиците на локалната самоуправа. Завршната сметка, односно Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија ја рефлектира фискална политика реализирана во претходната година и користењето на буџетските средства од страна на корисниците.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година. На Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година беа поднесени вкупно 391 амандман. Комисијата за финансирање и буџет во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија водеше претрес по 192 амандмани од овластени предлагачи. Комисијата за финансирање и буџет усвои 9 амандмани на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.

Согласно член 33 став 7 од Законот за буџетите за прераспределби помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите одлучува Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата за финансирање и буџет согласно своите надлежности ја разгледа Предлог-Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Целта на предложената Одлука беше прераспределба на средства со цел субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клима уреди во Скопје, Битола, Тетово и Кичево во износ од 620.000.000 денари, како и дополнителни средства во износ од 90.000.000 денари за откуп на акции за целосна државна сопственост на АД ГА- МА.

Имајќи ја во предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови,

забелешки и предлози по однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. На седницата свое излагање имаа и Народниот правобраните Иџет Мемети и претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Билјана Ивановска, На Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година беа поднесени вкупно 393 амандмани. Во рокот утврден со Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по сите поднесени амандмани. Комисијата за финансирање и буџет усвои 12 амандмани на Предлогот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Согласно Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија во 2018 година. Во текот на 2018 година Државниот завод за ревизија има извршено 66 ревизии од кои 54 ревизии на регуларност, 1 ревизија на усогласеност, 4 ревизии на успешност и 3 follow up ревизии. Од извршените ревизии издадени се 117 ревизорски извештаи, од кои 109 извештаи за ревизија на регуларнопст, еден извештај за извршена ревизија на усогласеност, 4 извештаи од извршена ревизија на успешност и 3 извештаи од фоллоњ уп ревизии. Комисијата усвои Заклучоцо со кои меѓудругото му предложи на Собранието да констатира дека Државниот завод за ревизија во 2018 година своите активности ги насочил кон реализација на Програмата за работа и притоа изготвил извештаи кои содржат информации и препораки за подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија. Исто така, Собранието ја поддржува целосната реализација на Твининг проектот IПонатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизијаг особено реализацијата на Компонентата 3 која се однесува на зајакнување на соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Собранието на Република Северна Македонија за разгледување на ревизорските извештаи.

На една од своите седници Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2017 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Комисијата го разгледа и Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2018 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Комисијата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија за 2019 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2018 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година и Годишниот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурувањето за состојбата и движењета на пазарот на осигурување во Република Македонија во 2018 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година. Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2019 година.

Комисијата за финансирање и буџет разгледа и две Статутарни одлуки за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (I и II фаза). Во првата фаза на разгледување Комисијата за финансирање и буџет едногласно и предложи на Законодавно правната комисија да ги вгради забелешките содржани во Мислењата на Владата и да ги достави до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Во втората фаза на разгледување на Статутарните одлуки Комисијата за финансирање и буџет констатира дека Комисијата за хартии од вредност постапила по забелешките дадени во првата фаза на разгледување на Статутарните одлуки и му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да донесе Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на закон за вршење на сметководствени работи. Предлогот на законот за вршење на сметководствени работи е во насока на подобрување на функционалноста на Институтот на овластени сметководители и поголема вклученост на членовите на Институтот во неговата работа. Исто така, целта е да се овозможи слободен влез во професијата за сите заинтересирани лица веднаш по завршување на формалното образование и стекнување на искуство во вршење на сметководствени работи пред, во текот и по завршувањето на стручниот испит за сметководител, односно овластен сметководител. Ќе се овозможи и намалување на трошоците во работењето на правните субјекти кои не вршат сметководствена дејност преку ослободување од обврската за вработување на сметководител, односно овластен сметководител за вршење на сметководствени работи, освен за потребите за составување и потпишување на годишна сметка и/или финансиски извештаи.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан.

Во јуни 2016 година, претседателите на Владите на 6 земји од Западен Балкан на самитот во Виена го прифатиле Заедничкиот акционен план за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан. Тоа претставува продолжение на претходно договорените активности на самитот во Париз и Виена каде земјите се обврзале на реформите во транспортот поврзани со т.н. меки мерки дефинирани во CEETO (South-East Europe Transport Observatory).

Имплементацијата на Заедничкиот акционен план за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, всушност значи развивање на Регионален проект за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, кој ќе ги имплементира идентификуваните активности во секоја земја. Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан е од регионален карактер и во првична фаза ќе ги вклучи Македонија, Србија и Албанија, а понатаму ќе се приклучат Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово. Основната цел на Проектот е промоција на подлабока економска интеграција во рамки на регионот, намалување на трошоците за трговија и зголемување на ефикасноста на транспортот.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем наменет за финансирање на Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот VIII и автопатот Миладиновци - Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта. Со реализацијата на овој проект предвидена е изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот VIII и автопатот Миладиновци - Штип. Имплементатор на проектот ќе биде ЈП за државни патишта. Проценетата вредност на проектот изнесува 13,7 милиони евра. Проектот ќе се финансира со заем од ЕБОР во износ од 13 милиони евра и учество на ЈП за државни патишта во износ од 0,7 милиони евра.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица. Со донесувањето на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, физичките лица ќе имаат право на враќање на дел од платениот данок на додадена вредност, при што истите самите на некој начин ќе бидат инспектори, односно ќе бараат да им се издадат фискални сметки. Поради тоа се очекува и зголемување на регистрираниот промет преку фискални системи на опрема, како и зголемена наплата на даноците, односно намалување на даночната евазија од даночните обврзници. Со законот се пропишува дека физичките лица кои имаат наполнето 15 години возраст доколку ги исполнат условите пропишани со законот, ќе можат да го остварат правото на враќање на дел

од данокот на додадена вредност. За остварување на ова право, истите ќе треба да ги пријавуваат податоците од бар кодот на фискалните сметки кои ги добиваат при купување на добра и услуги, преку апликативен софтвер за оваа намена на органот за јавни приходи. Со горенаведеното пријавување на фискалните сметки, физичките лица ќе имаат право на враќање на 15 % од данокот на додадена вредност искажан во фискалните сметки, при што износот на пресметан данок од кој ќе се враќа данокот изнесува најмногу 12.000 денари во едно тримесечје. Највисокиот износ на поедична фискална сметка за која може да се оствари правото на враќање на данокот е 30.000 денари.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп. Причините поради кои се предлага донесување на Закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп е со цел зголемување на основната главнина на Друштвото во висина на побарувањето што го има Република Северна Македонија по основ на јавните давачки за задолжително социјално осигурување кон друштвото, со зголемување на бројот на акциите со нова емисија на акции, односно запишување на хартии од вредност врз основа на претворање на побарувањето во траен влог наменет за Република Северна Македонија со што би се обезбедило понатамошно рентабилно и успешно работење на Друштвото.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната Банка за обнова и развој - Светска Банка по договорот за заем на развојни политики за јавни финансии и конкурентност. Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка на 18 април 2019 година ја усвои новата Рамка за партнерство со Република Северна Македонија за периодот 2019-2023 година. Имено, со новата Рамка за партнерство на државата и се ставаат на располагање до 420 милиони УСД за нови заеми во текот на следните четири и пол години на спроведување на Рамката за партнерство, во зависност од капацитетот за кредитирање на Светска банка, барањата на други заемопримачи, успешноста и приоритетите на земјата и глобалните економски настани. Рамката за партнерство се фокусира на три меѓусебно поврзани области: Извозно - ориентиран раст: Подобрување на средината за конкурентен приватен сектор; Инклузивен раст: Проширување на вештините и можностите за најранливите категории и Одржлив раст: Подобрување на одржливоста и градење на отпорност на шокови. Во рамки на третата област, Република Северна Македонија има можност да обезбеди финансиски средства за финансирање на буџетските потреби под исклучително поволни услови.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата. Во Република Северна Македонија се

спроведуваат активни програми и мерки за вработување преку Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување. Исто така, со Законот за минимална плата во Република Македонија се обезбедува финансиска поддршка на работодавачите кои исплатуваат плата во повисок износ од минималната плата. Со цел да се стимулира зголемување на платите на вработените во приватниот сектор преку финансиска поддршка за работодавачите кои ќе извршат зголемување на платата на вработените, се наметнува потребата од законско регулирање на мерка за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување како финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија. Со ова законско решение работодавачите се стимулираат да ја зголемат нето платата без да имаат обврска да исплатат социјални придонеси за исплатеното зголемување на платата, а осигурениците (работниците) непречено ги остваруваат правата од работен однос. Целта е да се поттикнат работодавачите да исплаќаат плата во повисок износ заради подобрување на економскиот стандард на вработените и поттикнување на економскиот раст и развој во Република Северна Македонија.

Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање за Проектот за изградба на Автопат - делница Кичево - Охрид кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта. Реализацијата на Проектот за изградба на Автопат - Делница Кичево - Охрид започна по донесување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Миладиновци - Штип и патната делница Кичево - Охрид во 2013 година и склучување на договор за изградба. Со овој проект значително се подобруваат транспортните врски на дел од патниот Коридор 8 помеѓу Кичево и Охрид. Автопатската врска обезбедува високо ниво на услуги, вклучувајќи брз, сигурен и безбеден сообраќај. Со изградба на оваа делница на ниво на автопат, трајно ќе бидат решени посочените проблеми и ќе се обезбеди брз и сигурен сообраќај во текот на целата година. Успешната реализација на овој проект ќе има директно влијание на зголемувањето на вработеноста и економскиот раст во Северна Македонија. Населението кое што живее во регионите каде што се изведуваат работите на изградба на автопатот ќе имаат корист од намалување на транспортните трошоци и времето на патување, подобрување на квалитетот на патничкиот и товарниот сообраќај и ќе се создадат значајни можности за вработувања, особено во индустријата за изградба на патишта.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта. Проектот за поврзување на локални патишта во износ од 70.000.000 евра е дел од новата Country Partnership Framework - FY19-FY23, усвоена од страна на Групацијата Светска банка на 18 април 2019 година. Основната цел на Проектот е подобрување на владиниот капацитет за управување со локалните патишта и подобрување на пристапот до пазарите и

услугите. Проектот за поврзување на локални патишта ќе се реализира во 80 општини во Република Северна Македонија каде ќе се реализираат градежни активности за рехабилитација, реконструкција и надградба на локални патишта и улици со вкупна должина до 450 км. Со Проектот ќе се подобри безбедноста на патиштата и ќе се обезбеди социјална вклученост, што ќе се постигне со поврзување на оддалечените и загрозените заедници и зголемување на достапноста на транспортната мрежа на локално ниво. Целта на овој проект е подобрување на владиниот капацитет за управување со локалните патишта и подобрување на пристапот до пазарите и услугите.

Комисијата на една од своите седници ги разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за проектот вПречистителна станица за отпадни води во Скопјег и Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје". Проектот „Пречистителна станица за отпадни води во Скопје" опфаќа изградба и работење/управување со станицата за третман на отпадни води која ќе опслужува не помалку од 500.000 жители во градот Скопје. Пречистителната станица за отпадни води ќе биде лоцирана во југоисточниот дел на општина Гази Баба на левиот брег на реката Вардар во областа Трубарево. Целта на проектот е да се обезбеди примарен и секундарен третман на отпадните води во градот Скопје, со што ќе се исполнат минималните барања од Директивата за третман на урбаните отпадни води на ЕУ. Проектот е подготвен со поддршка од консултантите кои ја изработија Физибилити студијата за проектот (финансирана од страна на Француската влада), консултантите финансирани од ВБИФ грант средства, како и ЕБОР и ЕИБ (ЕИБ е водечка финансиска институција чии правила ќе се применуваат при имплементација). Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање доставија известување до ЕБОР и ЕИБ дека вкупниот износ на потребни финансиски средства за проектот изнесува 136 милиони евра и побараа од двете банки да го финансираат проектот со заеми, инвестициски грантови, како и грантови за техничка помош. Имено, финансиската структура предвидува средствата да се обезбедат од следните извори: Заем од ЕИБ во износ од 68 милиони евра, Заем од ЕБОР во износ од 58 милиони евра и Грант средства од ЕИБ преку Economic Resilience Initiative - ERI во износ од 10 милиони евра. Проектот ќе го имплементира ЈП „Водовод и канализација" - Скопје во соработка со градот Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија. Опфатот на Проектот е рехабилитација на државните студентски домови, особено зголемување на енергетска ефикасност и

обезбедување на основни услови за престој во истите. Проектот ќе ги има во фокус државните студентски домови во следните градови: Скопје, Прилеп, Битола, Охрид и Штип. Имено, паралелно со енергетски ефикасната рехабилитација на зградите, значаен дел од проектот ќе бидат и активностите за обезбедување на основни услови за престој, како што се реновирање на санитарни јазли, реновирање на електричната инсталација, мерки за безбедност, простории за заеднички престој итн, со цел да се подобри местото за престој и учење на студентите. Главната цел на Проектот е да се придонесе кон активностите за климатска заштита, преку заштеда на емисии на $ЦО_2$, и да се подобрат основните услови за престој и учење на студентите.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова Ђ КфВ по Договорот за заем за финансирање на Програмата за наводнување на Северна Македонија. Програмата за наводнување на Република Северна Македонија опфаќа рехабилитација и проширување на 4 системи за наводнување по долината на реката Вардар (Страиште, Лисиче, Коњско и Пепелиште), како и изградба на мали хидро централи на ХС Лисиче. Целта на Програмата е одржливо зголемување на земјоделското производство преку достапност и ефикасно користење на водните ресурси, како и производство на електрична енергија што ќе овозможи ефикасно функционирање на ХС Лисиче. Реализацијата на оваа Програма ќе придонесе за подобрување на животните услови на земјоделското население во овие региони.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за данок на моторни возила.Со предложеното законско решение се предвидува досегашната акциза на патничките автомобили да се регулира со нов посебен Закон за данок на моторни возила во кој ќе се уреди оданочувањето на моторните возила. Со новиот Закон за данок на моторни возила се предвидува промена во системот на оданочување на моторните возила, така што покрај вредносната компонента при оданочување на моторните возила данокот ќе се пресметува и врз основа на еколошката компонента која ќе произлезе од износот на просечната емисија на јаглерод диоксид - CO2 изразена во грамови по километар. Ова, ќе придонесе за користење на моторни возила со пониска емисија на CO2, ќе се стимулира увозот на нови и еколошки возила што понатаму ќе овозможи намалување на загадувањето на воздухот односно создавање на здрава животна средина за сите граѓани во Република Северна Македонија и истовремено ќе придонесе кон обновување на возниот парк.

Во извештајниот период Комисијата одржа две јавни расправи и тоа

**Јавна расправа** по Предлогот на закон за вршење на сметководствени работи. На седницата на Комисијата присуствуваа пратеници, претставници на Министерството за финансии, универзитетски професори, претставници на синдикатите, вршители на дејност во областа на сметководството и ревизијата. Комисијата за финансирање и буџет врз основа на расправата заклучи

дека членовите на Комисијата за финансирање и буџет, имајќи ги предвид забелешките и предлозите изнесени на јавната расправа, ќе поднесат амандмани на Предлогот на закон за вршење на сметководствени работи. Поднесените амандмани ќе бидат во насока на подобрување на текстот на одредбите на Предлогот на закон за вршење на сметководствени работи и

**Јавна расправа** по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, поднесен од пратениците Ејуп Аљими и Реџаиљ Исмаили. На седницата на Комисијата присуствуваа членовите и замениците на членовите на Комисијата за финансирање и буџет, пратеници, претставници на државните институции, генералниот директор на Државна лотарија, претставници на здруженија, асоцијации, обложувалници, претставници на вработените во секторот игри на среќа, универзитетски професори и претставници на невладиниот сектор. Во дискусијата беа изнесени различни ставови, мислења и предлози по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри. Комисијата за финансирање и буџет врз основа на расправата заклучи дека членовите на Комисијата за финансирање и буџет при разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, поднесен од пратениците Ејуп Аљими и Реџаиљ Исмаили во второ читање ќе ги имаат во предвид забелешките и предлозите изнесени на јавната расправа, а во насока на подобрување на текстот на одредбите на предложениот Закон.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 30 |
| Вкупно разгледани точки | | 73 |
| **Поднесени амандмани** | | **8** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 49 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 10 |
| | 2 читање | 8 |
| | скратена и итна | 31 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 7 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 12 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| барања за автентични толкувања | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ,<br>претседател | |
| | **АГИМ ШАЌИРИ,**<br>заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Мира Стојчевска | |
| 2. | Ристе Ташев | |
| 3. | Далибор Богдановски | |
| 4. | Хари Локвенец | |
| 5. | Реџаил Исмаили | |
| 6. | Лилјана Кузмановска | |
| 7. | Драган Цуклев | |
| 8. | Љупчо Димовски | |
| 9. | Владанка Авировиќ | |
| 10. | Крсто Мукоски | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Анета Симеска Димоска | |
| 2. | Панче Иванов | |
| 3. | Мирослав Јовановиќ | |
| 4. | Кети Смилеска | |
| 5. | Костадин Костадинов | |
| 6. | Зоран Илиоски | |
| 7. | Васил Пишев | |
| 8. | Стојан Миланов | |
| 9. | Панчо Минов | |
| 10. | Благоја Деспотовски | |

*Комисијата за економски прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17).*

*Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 година има одржано* ***18*** *седници со вкупно* ***24*** *точки на дневен ред, од кои:*
-4 Предлог закони во прво читање,
-1 Предлог закон во второ читање,
-11 Предлог закони во скратена постапка,
-1 јавна расправа,
-1 Статутарна одлука (прва и втора фаза),
-1 Предлог на одлука,
-1 финансиски план,
-1 Извештај од Законодавно-правна комисија и
-2 Годишни извештаи.

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика чија цел е да се создадат законски основи Регулаторната комисија за енергетика да донесува одлуки за формирање на цените на нафтените деривати и горивата за транспорт и по престанувањето на важењето на Методологијата пропишана со Анекс Д од Договорот за купопродажба на акции и за концесија на Рафинерија АД “ОКТА” -Скопје, потпишан меѓу Владата на Република Македонија и акционерското друштво „ЕЛ.П.Е.Т. - Балканики” како стратешки инвеститор. Исто така, со предложените измени и дополнувања на Законот за енергетика ќе се овозможи Регулаторната комисија за енергетика да донесе пропис и методологија за формирање на цени на овие

енергетски производи која што ќе биде заснована на: урамнотежување на интересите на вршителите на енергетски дејности и потрошувачите, заштита на потрошувачите од каква било злоупотреба на доминантната позиција на пазарот и креирање на мерки за поттикнување на ефикасно работење на вршителите на енергетски дејности на пазарот на сурова нафта и нафтени деривати, преку надоместување на нивните трошоци и стекнување на соодветен принос на капитал.

Исто така, Комисијата за економски прашања го разгледа Предлогот на закон за поддршка на инвестиции поради тоа што при практичната примена на Законот за финансиска поддршка на инвестиции беа констатирани одредени недоречености во законските одредби и потреба за допрецизирање на истите заради поедноставување на постапката за доделување и исплата на финансиска поддршка, како и заради проширување на опфатот на Законот. Се појавија недоразбирања при толкување на пооделни одредби на Законот за финансиска поддршка на инвестиции односно при примената на соодветните правилници во постапките за доделување на договори за финансиска поддршка, како и при исплатата на истата. Исто така, се утврди потреба да се олеснат предусловите и критериумите за доделување на финансиска поддршка на инвестициите.

Комисијата за економски прашања го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Целта на предложените измени и дополнувања е законски да се уреди новонастаната состојба кога се создале такви околности од кои произлегува дека исполнувањето на договорената обврска помеѓу страните нема да го даде очекуваниот резултат кој впрочем бил примарната цел за склучување на таквиот договорот. Имено, кога ќе се утврди дека предметот на договорот повеќе не е целисходен за договорните страни, потребно е да се предвиди законска можност за пренамена на договорената инвестиција со претходно добиена согласност од надлежен орган, па наместо договорената обврска, инвестицијата во полн износ да биде исполнета во добра од општ интерес.

Комисијата во изминатиов период го разгледа и Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за трговија на зелени пазари. Имено, досегашното искуство покажа дека одредбите од Законот за трговија на зелените пазари не се применуваат, односно анализата на постоење на овие одредби покажа дека натамошната примена на овој закон би довела до социјални и фискални последици врз продавачите на зелените пазари Од тие причини се оцени дека е потребно овој закон да престане со важност.

На една од своите седници, Комисијата за економски прашања го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија. Целта на измените и дополнувањата во Законот за јавните претпријатија е да се пополни правната празнина што се јавува кога одлуката со која основачот го преобразил и организирал јавното претпријатие во ДОО или АД да биде

укината или поништена, како и ситуација кога договорот склучен заради заедничко вложување на средства на правни и физички лица со цел вршење на дејност од јавен интерес по основ на концесија или други видови на јавно приватно партнерство да биде поништен или раскинат. Со предложените измени се регулира можноста друштвото со ограничена одговорност или акционерското друштво да може да се врати во форма на јавно претпријатие односно во состојбата пред преобразбата и организирањето на јавното претпријатие во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво.

Комисијата за економски прашања го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони. Основна цел заради која се предлага донесувањето на овој закон е пред се задржување на вработените во Дирекцијата. Воедно, со поедноставување на постапката за вработување би се олеснил пристапот до вработување во Дирекцијата и би се надминал проблемот со пополнување на слободните и испразнети работни места. Со предложените измени и дополнувања во Законот за технолошки индустриски развојни зони се врши и допрецизирање на правото на државна помош, односно се уредува шемата на помош, а воедно на корисниците на зоните како непосредни корисници на ова право им се обезбедува негово олеснето и ефикасно остварување преку регулирање на материјата на ваков начин. Предлог измените и дополнувањата се однесуваат и на отварање на економски канцеларии во странство со цел привлекување на директни странски инвестиции во Република Северна Македонија заради инвестирање во зоните, промовирање на економски план на зоните и презентирање на можностите и предностите за инвестирање во истите.

Комисијата разгледа и неколку предлог на закони кои претставуваат усогласување со Законот за прекршоците со кој се изврши намалување на износот на глобите.

Согласно Законот за енергетика, Собранието го разгледува Предлог - Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Предлог-Одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија. Имајќи ја во предвид оваа законска одредба, Комисијата за економски прашања ги разгледа Предлог-Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2020 година и Предлог-Одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2020 година.

Комисијата исто така, го разгледа и Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2018 година кој содржи детални податоци за извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика согласно Законот за

енергетика како и за материјално-финансиското работење во 2018 година.

Согласно законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2018 година кој содржи детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и детални информации за материјално- финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 18 |
| Вкупно разгледани точки | | 24 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 15 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 4 |
| | 2 читање | 1 |
| | скратена и итна | 11 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 3 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| барања за автентични толкувања | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело, основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа Одлука ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ,** - претседател |
| | **ДИМИТАР СТЕВАНАНЏИЈА,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Татјана Прентовиќ |
| 2. | Милева Ѓорѓиева |
| 3. | Благојче Трпевски |
| 4. | Диме Велковски |
| 5. | Мира Стојчевска |
| 6. | Реџаил Исмаили |
| 7. | Зоран Ѓорѓиевски |
| 8. | Никола Мицевски |
| 9. | Панчо Минов |
| 10. | Павлинче Честојнова |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | |
| 2. | Алија Камберовски |
| 3. | Ристе Ташев |
| 4. | Сашко Атанасов |
| 5. | Панче Иванов |
| 6. | Џеват Адеми |
| 7. | Васил Пишев |
| 8. | Слаѓана Митовска |
| 9. | Трајчо Димков |
| 10. | Љубен Арнаудов |

*Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, има одржано 11 седници на кои се разгледани вкупно 15 точки на дневен ред кои комисијата ги разгледа како матично работно тело.*

Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа:
5 (пет) предлог на закони во прво читање,
3 (три) предлог на закони во второ читање и
7 (седум) предлог на закони во скратена постапка и

Комисијата согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, водеше општ претрес на 2 (два) предлог на

закони во прво читање, истите не беа разгледани во второ читање од причина што не беа прифатливи и не се дадоа на натамошно читање.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа поднесени вкупно 16 (шестнаесет) амандмани од кои усвоени се 7 (седум) амандмани, неусвоени се 6 (шест) амандмани, 1 (еден) амандман е усвоен со изменет текст и 2 (два) амандмани се повлечени од овластени предлагачи.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не предложи амандмани.

Комисијата во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:

во редовна постапка (прво читање):

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, (прво читање);
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, (прво читање); (две продолженија на седницата на Комисијата);
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, (прво читање); Поднесен од пратеникот Панчо Минов; (не е прифатлив);
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното; (прво читање), Поднесен од пратеникот Панчо Минов; (не е прифатлив);
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, (прво читање);

во редовна постапка (второ читање):

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште; (второ читање); (две продолженија на седницата на Комисијата);
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, (второ читање);
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното, (второ читање);

во скратена постапка:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството поднесен од пратениците: Александар Кирацовски, Реџаиљ Исмаили, Татјана Прентовиќ и Јусуф Хасани; (скратена постапка);
-Предлог на закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој поднесен од пратениците Реџаиљ Исмаили и Татјана Прентовиќ; (скратена постапка);
-Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој поднесен од пратениците Ристе Ташев, Татјана Прентовиќ, Панчо Минов, Бетиане Китев, Бранко Маноиловски, Весна Пемова, Павлинче Честојнова и Диме Велковски; (скратена постапка);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата поднесен од пратениците Татјана Прентовиќ и Реџаиљ Исмаили; (скратена постапка); (материјалот е повлечен);

-Предлог на закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој; (скратена постапка);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој поднесен од пратениците: Татјана Прентовиќ, Панчо Минов, Мира Стојчевска, Далибор Богдановски, Реџаиљ Исмаили, Реџеп Мемеди, Мирослав Јовановиќ и Ристе Ташев; (скратена постапка) и

-Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој поднесен од пратениците Мира Стојчевска, Реџаиљ Исмаили, Татјана Прентовиќ и Мирослав Јовановиќ; (скратена постапка);

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство одржа една средба со претставник од Сојузот на одгледувачите на овци во Република Македонија.

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не беа доставени други материјали за разгледување.

.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 15 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 15 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 5 |
| | 2 читање | 3 |
| | скратена и итна | 7 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| барања за автентични толкувања | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10, 23/13 и 66/2017). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ЗАТУРОСКА,** - претседател | |
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Костадин Ацевски | |
| 2. | Мирослав Јовановиќ | |
| 3. | Благојче Трпевски | |
| 4. | Лилјана Поповска | |
| 5. | Диме Велковски | |
| 6. | Реџаил Исмаили | |
| 7. | Благоја Деспотовски | |
| 8. | Слаѓана Митовска | |
| 9. | Драган Данев | |
| 10. | Никола Мицевски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Алија Камберовски | |
| 2. | Бетиане Китев | |
| 3. | Татијана Прентовиќ | |
| 4. | Соња Мираковска | |
| 5. | Агим Муртезанов | |
| 6. | Агим Шаќири | |
| 7. | Невенка Стаменковска Стојковски | |
| 8. | Панчо Минов | |
| 9. | Јусуф Хасани | |
| 10. | Крсто Мукоски | |

*Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година има одржано 19 седници (една недовршена 42-та седница и една незапочната 43-та седница-материјалот е повлечен од овластените предлагачи), со 3 продолженија на седници на кои се разгледани вкупно 37 точки сите како матично работно тело.*

Комисијата во овој период не разгледува точки како заинтересирано работно тело.

Комисијата разгледа:

-3 предлози на закони во прво читање;

-2 предлози на закони во второ читање;

-13 Предлог на закони во скратена постапка;

-18 Годишни извештаи, годишни програми, финансиски извештаи, статутарни одлуки, информации и
- 2 јавни расправи.

Комисијата разгледа вкупно 41 амандман од кои усвоени беа 39 амандмани, 2 амандмани се повлечени на самата Комисија, а 2 се повлечени пред почеток на Комисијата. По предлог Законот за урбанистичко планирање предложени се 235 амандмани, Комисијата до 31 декември 2019 година не ги разгледа овие амандмани.

Комисијата во периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:

**– прво читање-**

Предлог на закон за електронско управување и електронски услуги - I читање;
-Предлог на закон за урбанистичко планирање - I читање и
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство - I читање.

**– второ читање-**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство - II читање;
Предлог на закон за електронско управување и електронски услуги - II читање;

**-Скратена постапка-**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка поднесен од пратениците Диме Велковски и Реџаиљ Исмаили;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги, по скратена постапка; поднесен од пратениците Диме Велковски, Артан Груби и Реџеп Мемеди;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка, поднесен од пратениците Хари Локвенец, Артан Груби и Емил Димитриев;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од пратениците Диме Велковски, Костадин Ацевски и Ејуп Алими;
-Предлог на закон за дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија по скратена постапка поднесен од пратениците: Лилјана Затуроска, Диме Велковски, Костадин Ацевски, Ане Лашкоска, Мирослав Јовановиќ, Јусуф Хасани;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации по скратена постапка поднесен од пратениците: Хари Локвенец, Артан Груби, Емил Димитриев, Мирослав Јовановиќ, Реџеп Мемеди, Јусуф Хасани;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење по скратена постапка, поднесен од пратениците Реџаиљ Исмаили, Костадин Ацевски и Мирослав Јовановиќ;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка поднесен од пратениците Анета Симеска Димоска и Реџаиљ Исмаили, Мирослав Јовановиќ;

-Предлог на закон за изменување на Законот за електронско управување и електронски услуги, по скратена постапка поднесен од пратениците Анета Симеска Димоска и Реџаиљ Исмаили;

-Предлог на закон за изменување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка поднесен од пратениците: Анета Симеска Димоска, Реџаиљ Исмаили, Мирослав Јовановиќ) и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај по скратена постапка, поднесен од пратениците Реџаиљ Исмаили, Кети Смилеска, Агим Муртезанов и Мирослав Јовановиќ.

**Информации, Извештаи, Програми, Планови**

-Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година;

-Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година;

-Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година;

-Годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година;

-Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2019 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2018 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година;

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година;

-Предлог на национална програма за железничка инфраструктура за период од 2019 - 2021 година;

-Извештај за реализација на годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година;

-Годишен извештај за работата на ЈРП Македонската радио телевизија за 2018 година и

-Нацрт просторен план на Национален парк Пелистер 2016-2030.

**Статутарни одлуки**

-Статутарна одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за пошти (I фаза);

-Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за домување (I Фаза);

-Статутарна одлука за изменување на Статутот на Регулаторната комисија за домување (II Фаза) и

-Статутарна одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за пошти (II Фаза).

**Јавни расправи**

**-Јавна расправа** по Предлогот на законот за урбанистичко планирање и

**-Јавна расправа** на тема: Нацрт-просторен план на Национален парк Пелистер 2016-2030.

**Повлечени материјали**

-Предлог на закон за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство (прво читање) поднесен од пратениците Диме Велковски, Реџаиљ Исмаили и Костадин Ацевски;

-Информација за безбедноста во патниот и железничкиот сообраќај - поднесен од пратениците: Лилјана Затуроска, Зоран Илиоски, Слаѓана Митовска, Невенка Стаменковска Стојковски, Павлинче Честојнова, Ане Лашкоска, Жаклина Пешевска, Благоја Деспотоски и Драган Данев и

-Предлог на национална програма за железничка инфраструктура за период од 2019-2021;

Комисијата за транспорт, врски и екологија одржа 6 работни средби и тоа со:

-виш експерт за медиуми и заменик лидер на проект финансиран од ЕУ;

-во рамки на проект ,,Еднаков пристап за ефективна правда "EuropeAid/159467 ID/ACT/MK;

-работна група за животна средина во организација на Фондација Фридрих Еберт во соработка за министерство за животна средина и просторно планирање;

-со претставници на парламентите од Република Србија, Република Црна Гора, претставници од Центар за истражување и креирање политики ЦРПМ, претставници од ГИЗ и претставници од Факултет за технички науки во Битола;

-со граѓанско здружение ,,Автокоманда сака да дише" и

-со експерт од Европска радиодиуфузна унија во Скопје.

Комисијата разгледаните закони во прво читање согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија ги разгледува и во второ читање.

По одделни предлози на закони на кои што имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 19 |
| Вкупно разгледани точки | | 37 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 15 |
| Закони | 1 читање | 3 |
| | 2 читање | 2 |
| | скратена и итна | 12 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 4 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 14 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,
-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,
-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,
-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,
-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,
-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,
-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,
-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,
-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,
-развој и унапредување на физичката култура,
-развојот на врвниот спорт,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот и
-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЖАКЛИНА ЛАЗАРЕВСКА,** претседател | |
| | **МИЛЕВА ЃОРЃИЕВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ѓулумсер Касапи | |
| 2. | Лидија Тасевска | |
| 3. | Ферид Мухиќ | |
| 4. | Јулијана Николова | |
| 5. | Татијана Прентовиќ | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | Сурија Рашиди | |
| 8. | Димитар Стевананџија | |
| 9. | Драган Данев | |
| 10. | Благица Ласовска | |
| 11. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 12. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 13. | Чедомир Саздовски | |
| 14. | Неџбедин Каремани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Рубин Земон | |
| 2. | Панче Иванов | |
| 3. | Ирена Стефоска | |
| 4. | Славица Шуманска Митева | |
| 5. | Татиана Лалчевска | |
| 6. | Џеват Адеми | |
| 7. | | |
| 8. | Трајчо Димков | |
| 9. | Елизабета Канчевска Милевска | |
| 10. | Крсто Јовановски | |
| 11. | Слаѓана Митовска | |
| 12. | Павлинче Честојнова | |
| 13. | Жаклина Пешевска | |
| 14. | Теута Биљали | |

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 година одржа 18 седници, од кои две (2) седници сеуште не се завршени, додека една седница е само закажана. На дневен ред на седниците беа 29 точки, од кои: 7 (седум) предлог закони во прво читање, четири (4) предлог закон во второ читање и пет (5) предлог закони во скратена постапка. Согласно со новиот Закон за високото образование Комисијата во деловничка процедура на давање согласност ги разгледа статуте на петте јавни универзитети.*

*Комисијата одржа две (2) јавни расправи по предлог закони во фазата меѓу две читања, а на дневен ред утврди и расправа по информација за состојбите во образованието.*

***Комисиска расправа по:***

*  ***предлог закони***

Комисијата во редовна постапка расправаше по **11 предлози на закони** од областа на образованието и спортот, од кои **четири (4) предлози на закони ги разгледа и во втора фаза**.

Комисијата во 2019 година расправаше по **четири нови законски предлози.** Станува збор за: Предлогот на законот за основното образование (прво и второ читање), Законот за младинско учество и младински политики (прво и второ читање), Предлогот на законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (прво читање) и Предлог законот за образование на возрасните (прво читање). На дневен ред на комисиските седници беа **пет (5) законски предлози во скратена постапка**.

Во вкупниот број на точки на дневен ред на Комисијата седум (7) предлози на закони беа предложени од пратеници.

*  ***амандмани***

Комисијата водеше дебата по вкупно 69 амандмани поднесени од овластени предлагачи во деловнички утврдените рокови. Од нив, 27 амандмани беа усвоени, седум (7) амандмани беа повлечени, 23 амандмани не беа усвоени, додека шест (6) амандмани беа усвоени во видоизменет текст. Комисијата поднесе 3 амандмани.

На дневен ред на две седници на Комисијата, се две верзии на Предлог законот за изменување на Законот за основање на Техничко – технолошки факултет, Ветеринарен и Правен факултет во состав на Универзитетот ,,Св, Климент Охридски,, во Битола, во скратена постапка, поднесен од пратеници. На првата верзија од овој закон од овластени предлагачи се поднесени вкупно 5839 амандмани, додека на втората верзија се поднесени 1793 амандмани. Двете седници на Комисијата не се завршени.

***Статути на универзитети***

Комисијата имаше особена активност на реализација на надлежноста сврзана со давањето согласност на статутите на јавните високообразовни установи во државата, кои произлегоа како обврска од новиот Закон за високото образование. Во деловнички пропишаната процедура, Комисијата расправаше за статутите на петте државни универзитети (Св. ,,Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип, Државниот универзитет во Тетово и Универзитетот ,,Мајка Тереза,, во Скопје.

****Јавни расправи***

Комисијата одржа **две јавни расправи** помеѓу првото и второто читања по Предлог законот за основното образование и по Предлог законот за младинско учество и младински политики. Јавните расправи беа добра основа за

квалитетни амандмански интервенции во текстовите на предложените закони.

**** Други активности***

Комисијата утврди точка на дневен ред - Состојбите во образованието, за што е побарана информација од Министерството за образование и наука.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 18 |
| Вкупно разгледани точки | | 29 |
| **Поднесени амандмани** | | **3** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 12 |
| Закони | 1 читање | 7 |
| | 2 читање | 4 |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| одлуки | | 11 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| прашања и предлози | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,

-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија,

-збогатување на историското и уметничкото творештво,

-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,

-афирмација и заштита на авторството и авторското право,

-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,

-издавачка дејност и библиотекарство,

-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,

-употреба и заштита на македонскиот јазик,

-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,

-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,

-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,

-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања,

-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на културата и

-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИРЕНА СТЕФОСКА,** претседател | |
| | **РЕЦАИЛ ИСМАИЛИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Никица Корубин | |
| 2. | Сславица Шуманска Митева | |
| 3. | Ферид Мухиќ | |
| 4. | Енес Ибраим | |
| 5. | Шпреса Хадри | |
| 6. | Елизабета Канчевска Милевска | |
| 7. | Крсто Јовановски | |
| 8. | Магдалена Манаскова | |
| 9. | Љубен Арнаудов | |
| 10. | Нола Исмајлоска Старова | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Рубин Земон | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Лидија Тасевска | |
| 4. | Мери Лазарова | |
| 5. | Мирсада Емини Хасани | |
| 6. | Ане Лашкоска | |
| 7. | Павлинче Честојнова | |
| 8. | Стојан Миланов | |
| 9. | Весна Дамчевска Илиевска | |
| 10. | Горан Манојловски | |

*Во Во периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година Комисијата за култура одржа* ***7*** *седници на кои беа разгледани вкупно* ***8*** *точки на дневен ред.*

На дневен ред на седниците на Комисијата беа разгледани:

-Предлог на програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2019 година;

-Предлог на одлука за одржување надзорна расправа за начинот на носење на

Годишната програма на Министерството за култура за проекти од национален интерес и реализацијата на Програмата за 2018 година;

-Формирање интеркомисиска работна група согласно точка 8 од Заклучоците од надзорната расправа на Комисијата за култура за Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и сродната законска регулатива во контекст на Конвенцијата на УНЕСКО;

-Информација од надлежните институции за состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион, врз основа на заклучоците од надзорната расправа на Комисијата за култура;

-**Надзорна расправа на тема**: Културните политики и начинот на донесување на Годишната програма на Министерството за култура за проекти од национален интерес, со посебен осврт на реализацијата на Програмата за 2018 година;

-Предлог на закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион - I читање;

-Предлог на програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2020 година и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност, по скратена постапка поднесен од пратениците Жаклина Лазаревска и Ферид Мухиќ.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 2 |
| Закони | 1 читање | 1 |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 3 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | 1 |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **1** |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,
-санитарниот и здравствениот надзор,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на здравството и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 37/17).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МИРСАДА ЕМИНИ ХАСАНИ,** претседател |
| | **ЈАГОДА ШАХПАСКА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Бети Рабаџиевска Наумовска |
| 2. | Маја Морачанин |
| 3. | Катерина Кузмановска |
| 4. | Ристо Ташев |
| 5. | Мери Лазарова |
| 6. | Зоран Ѓорѓиевски |
| 7. | Сашо Василевски |
| 8. | Горан Манојловски |
| 9. | Љубен Арнаудов |
| 10. | Ванковер Манчев |
| | **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Панче Иванов |
| 2. | |
| 3. | Сашко Костов |
| 4. | Кети Смилевска |
| 5. | Реџаиљ Исмаили |
| 6. | Драган Цуклев |
| 7. | Весна Пемова |
| 8. | Нола Исмајлоска Старова |
| 9. | Јусуф Хасани |
| 10. | Дафина Стојановска |

*За овој период Комисијата одржа* ***13*** *седници на кои беа разгледани* ***35*** *точки. Комисијата има поднесено* ***6*** *амандмани.*

Беа разгледани следните предлози на закони:
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита;
-Предлог на закон за прекинување на бременоста;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите;
-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв;
-Предлог на закон за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства;
-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од пушење;
-Предлог на закон за изменување на Законот за јавно здравје;
-Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, поднесен од пратеници;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција, поднесен од пратеници;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции;
-Предлог на закон за изменување и на Законот за ментално здравје;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;
-Предлог на закон за изменување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја;
-Предлог на закон за изменување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување;
-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на козметички производи;
-Предлог на закон за изменување на законот за хемикалии;
-Предлог на закон за изменување на Законот за прекурзори и
-Предлогот на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, поднесен од Владата на РСМ беше повлечен од предлагачот.

Комисијата за здравство за овој период одржа една **јавна расправа** на 4 март 2019 година на тема:

**„Предлог за прекинување на бременоста".**

На јавната расправа беа поканети и присуствуваа претставници од Министерството за здравство, Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија, Светската здравствена организација, Институтот за јавно здравје, Медицински факултет, ЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство, ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство-Чаир, синдикатите од областа на здравство, како и претставници од повеќе невладини организации и здруженија кои ја третираат оваа проблематика.

На седниците на Комисијата за здравство се водат конструктивни дебати по прашањата, односно законите од здравствената дејност. Постојани соработници на Комисијата, покрај ресорното министерство, Министерството за здравство се: Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и коморите од областа на здравството: Лекарската комора, Стоматолошката и Фармацевтската комора на Република Северна Македонија.

До Комисијата за здравство се доставени повеќе дописи од невладини организации кои се заинтересирани за здравствената дејност. Секој допис, редовно се проследува, така што се одржуваат работни средби на претседателот на Комисијата, членовите/замениците членови на Комисијата заедно со подносителот на барањето, односно дописот, со предлог мерки.

Посебно значајна работна средба, Комисијата имаше со претседателот на Лекарската комора на РСМ и членовите на Извршниот одбор на Лекарската комора на 25.07.2019 година во Собранието, по прашања од заеднички интерес за здравствените работници, меѓу кои и потребата од донесување на Закон за докторската дејност.

Во рамките на мегународните средби, во овој период, Комисијата за здравство оствари неколку средби со амбасадори акредитирани од други земји во нашата земја, во Собранието на Република Северна Македонија. Претседателот на Комисијата за здравство на Собранието на Република Северна Македонија г-ѓа Мирсада Емини Асани, по покана од СЗО, имаше активно учество на Подготвителниот состанок на Регионалната канцеларија на Светската здравствена организација за Европа, кој се одржа од 10 до 12 јули 2019 година во Копенхаген, Данска. Главна цел на состанокот беше подигнување свеста за глобална агенда на национално и меѓународно ниво преку колаборативен пристап за мобилизирање на политичката волја за подобро промовирање и заштита на здравјето. Истовремено, овој состанок беше во функција на донесување на **Нацрт Резолуција на ИПУ заедно со СЗО за „Постигнување на универзална здравствена покриеност до 2030 година со назначена улога на парламентите во обезбедување правото на здравје”.**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 35 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 31 |
| Закони | 1 читање | 25 |
| | 2 читање | 3 |
| | скратена и итна | 5 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност,
- воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на трудот и социјалната политика и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 година, Комисијата за труд и социјална политика одржа 19 седници. На седниците беа разгледани вкупно 36 точки на дневниот ред.*

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** претседател |
| | **ВЕСНА ПЕМОВА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Самка Ибраимовски |
| 2. | Јагода Шахпаска |
| 3. | Милева Ѓорѓиева |
| 4. | Ѓулумсер Касапи |
| 5. | Жаклина Лазаревска |
| 6. | Агим Шаќири |
| 7. | Илија Димовски |
| 8. | Благоја Деспотовски |
| 9. | Слаќана Митовска |
| 10. | Горан Манојлоски |
| 11. | Жаклина Пешевска |
| 12. | Фадил Зендели |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Лилјана Поповска |
| 2. | Маја Морачанин |
| 3. | Јован Митревски |
| 4. | Агим Муртезанов |
| 5. | Катерина Кузмановска |
| 6. | Мирсада Емини Хасани |
| 7. | Даниела Рангелова |
| 8. | Амди Бајрам |
| 9. | Лилјана Кузмановска |
| 10. | Благица Ласовска |
| 11. | Зеќир Рамчиловиќ |
| 12. | Теута Биљали |

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со присуство на граѓанскиот сектор на седниците на Комисијата, претставници на синдикати од областа на труд и социјалната политика, јавни установи, невладини органицации кои дејствуваат во оваа област, покрај преставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие кои одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Во рамките на своите надлежности Комисијата ги разгледа следниве закони и други акти :

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за Црвениот крст на Република Македонија - II читање;

-Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година;

-Предлог на одлука за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2019;

-Предлог на Закон за практикантство - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи - I читање;

**-Јавна расправа** на тема: Предлог на закон за социјална заштита;

-Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување - I читање;

- Предлог на Закон за социјална заштита по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата по скратена постапка;

-Предлог на закон за социјална сигурност за старите лица по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за минимална плата во Република Македонија - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за волонтерството - I читање;

-Рзгледување на Извештајот на Законодавно-правната комисија по Предлогот на закон за социјалната заштита, по скратена постапка;

-Разгледување на Извештајот на Законодавно-правната комисија, по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата по скратена постапка;

-Предлог на Закон за социјална заштита по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување по скратена постапка;

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија по скратена постапка;

-Предлог на закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување - I читање;

**-Јавна расправа** на тема Предлог на законски измени за воведување на заедничко родителство по развод;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија по скратена постапка;

-Предлог на закон за младински додаток по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита по скратена постапка;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување по скратена постапка и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата по скратена постапка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 19 |
| Вкупно разгледани точки | | 36 |
| **Поднесени амандмани** | | **2** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 21 |
| Закони | 1 читање | 8 |
| | 2 читање | 8 |
| | скратена и итна | 13 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 1 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 4 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,
-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,
-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,
-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,
-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа и
-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател |
| | **ЖАКЛИНА ЛАЗАРЕВСКА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Костадин Ацевски |
| 2. | Алија Камберовски |
| 3. | Бети Рабаџиевска Наумовска |
| 4. | Катерина Кузмановска |
| 5. | Кети Смилевска |
| 6. | Весна Пемова |
| 7. | Нада Ципушева |
| 8. | Невенка Стаменковска Стојковски |
| 9. | Јохан Тарчуловски |
| 10. | Амди Бајрам |
| 11. | Зеќир Рамчиловиќ |
| 12. | Реџеп Мемеди |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Никица Корубин |
| 2. | Анета Симоска Димоска |
| 3. | Костадин Костадинов |
| 4. | Лидија Тасевска |
| 5. | Агим Шаќири |
| 6. | Благоја Деспотовски |
| 7. | Драган Данев |
| 8. | Крсто Јовановски |
| 9. | Чедомир Саздовски |
| 10. | Горан Манојловски |
| 11. | Љубен Арнаудов |
| 12. | Африм Гаши |

Комисијата за локална самоуправа е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, основано со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14), со која се определени надлежностите на Комисијата.

Согласно со Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 114/14) Комисијата може да воспоставува меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на локалната самоуправа.

*Во извештајниот период Комисијата за локална самоуправа има одржано **една** седница на која се одржа јавна расправа.*

На Комисијата за локална самоуправа, на 30 октомври 2019 година ја одржа Третата седница а на 19 декември 2019 година го одржа Првото продолжение на Третата седница.

На третата седница се одржа Јавна расправа на тема:
-Спроведување на Законот за локална самоуправа во однос на работата на Комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво(членови 41 и 55).

Јавната расправа се организираше во соработка со Националниот Демократски Институт (НДИ).На Јавната расправа покрај пратеници, присуствуваа и министерот за локална самоуправа, градоначалници на единиците на локалната самоуправа ОБСЕ, Делегацијата на ЕУ, претставници на граѓанскиот сектор од оваа област и други.

Комисијата за локална самоуправа врз основа на расправата и печатениот текст од аудио записот, одлучи на продолжение од оваа седница да усвои заклучоци и препораки кои ќе се достават до Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС и други релеванти фактори по оваа прашање.

Првото продолжение на Третата седница се одржа на 19 декември 2019 година.На седницата едногласно се усвоија Заклучоци и препораки, кои беа доставени до сите пратеници во Собранието.

**Работни средби:**

Претседателот на Комисијата Џеват Адеми, на 8 октомври и 10 декември 2019 одржа две работни средби со претставници на НДИ и членовите на Комисијата, Костадин Ацевски, Весна Пемова и Реџеп Мемеди, во врска за Спроведување на Законот за локална самоуправа во однос на работата на Комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво(членови 41 и 55). На средбите, присутните се договорија за одржување на Јавна расправа, за текот на јавната расправа, поканети гости и слично.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **1** |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ДАНИЕЛА РАНГЕЛОВА,** претседател | |
| | **БЛАГИЦА ЛАСОВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Ѓулумсер Касапи | |
| 2. | Маја Морачанин | |
| 3. | Никица Корубин | |
| 4. | Мери Лазарова | |
| 5. | Мирсада Емини Хасани | |
| 6. | Ирена Стефоска | |
| 7. | Стојан Миланов | |
| 8. | Дафина Стојановска | |
| 9. | Павлинче Честојнова | |
| 10. | Нола Исмајлоска Старова | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Славица Шуманска Митева | |
| 2. | Јагода Шахпаска | |
| 3. | Ивана Туфегџиќ | |
| 4. | Жаклина Лазаревска | |
| 5. | | |
| 6. | Шпреса Хадри | |
| 7. | Лилјана Затуроска | |
| 8. | Лилјана Кузмановска | |
| 9. | Зеќир Рамчиловиќ | |
| 10. | Весна Дамчевска Илиевска | |

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година, одржа* ***7*** *седници и сите беа посветени на јавни расправи.*

Комисијата Деветтата седница Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија ја одржа на 4 февруари 2019 година со следниот

**Дневен ред**:

**1.Јавна расправа на тема: Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2017 година**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на 12 септември 2019 година ја одржа Десеттата седница со следниот

**Дневен ред:**

**1. Јавна расправа на тема: Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година**

Единаесеттата седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија се одржа на 2 октомври 2019 година со следниот

**Дневен ред**:

**1. Јавна расправа на тема: Улогата на жените во руралните средини и нивните предизвици**

Дванаесеттата седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија беше одржана на 29 октомври 2019 година со следниот

**Дневен ред**:

**1.Јавна расправа на тема: Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија на 14 ноември 2019 година ја одржа Тринаесеттата седница со следниот

**Дневен ред**:

**1.Јавна расправа на тема: Родовиот аспект на климатските промени**

Четиринаесеттата седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија се одржа на 27 ноември 2019 година, со следниот

**Дневен ред:**

**Јавна расправа на тема: Говорот на омраза насочен кон жените во политиката**

Оваа јавна расправа се организираше во соработка со Клубот на пратенички.

Петнаесеттата седница на Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија закажана за 27.12.2019 година беше одложена и не се одржи.

Шеснаесеттата седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија се одржи на 27 декември 2019 година, со следниот

**Дневен ред:**

**1.Јавна расправа по Предлог на законот за изменување на законот за еднакви можности на жените и мажите**.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието во соработка со Министерството за труд и социјална политика одржа **работен состанок со локалните комисии** за еднакви можности на 13 март 2019 година, на тема: **Закон за еднакви можности на жените и мажите**. На работниот состанок беше извршена презентација за надлежностите на единиците на локалната самоуправа за унапредување на родовата еднаквост, кои се предвидени во Законот за еднакви можности на жените и мажите.

По повод јубилејот, 20 годишнина на Штедилница ФУЛМ, на нивно барање Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на 25 септември 2019 година, одржа **работен состанок** на кој присуствуваа партнери на штедилницата од повеќе земји и тоа: Соединетите Американски Држави, Естонија, Ирска, Романија, Полска, Обединетото Кралство, Романија, Полска, како и од Здружението на граѓани ФЛУМ. Целта на овој состанок е запознавање на интернационалните партнери со еднаквите можности на жените во деловното опкружување во Собранието на Република Северна Македонија.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје на 2 април 2019 година, одржаа: **Работилница за проценка на родовата сензитивност на Собрание на Република Северна Македонија**.

Работилницата се организираше во рамките на проектот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје за спроведување на демократски реформи и институционално зајакнување на законодавниот дом. На работилницата земаа учество пратенички и пратеници на Собранието на Република Северна Македонија и претставници на службата.

Од еднодневната работилница за самопроценка на родовата сензитивност на Собранието произлезе Извештај за толкување на состојбите со препораки за делување „Родова сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија", кој се презетираше на работна средба одржана на 25 јуни 2019 година.

Врз основа на овој Извештај, Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија, составена од членови на Клубот на пратенички и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, како и пратеници на Собранието на Република Северна Македонија учествуваа на **билатерална работилница** на тема: „Кон родово сензитивни парламенти во Република Албанија и Република Северна Македонија", која се одржа од 18 - 20 октомври 2019 во Поградец, Република Албанија и изработи **Предлог - план на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2020-2021**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје и Францускаta амбасада организираше **Панел дискусија** по повод одбележувањето на 70-годишнината на Советот на Европа на тема: „Подобрување на пристапот до обештетување за жртвите на трговија со луѓе и родово засновано насилствог во рамките на Акцијата за спречување и сузбивање на трговијата со луѓе од Хоризонталниот инструмент II. Панел дискусијата се одржа на 4 ноември 2019 година.

Даниела Рангелова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите заедно со претседателката на Клубот на пратенички, Ѓулумсер Касапи и пратеничките Арта Точи, Јулијана Николова и Маја Морачанин

согласно донесениот заклучок на Десетта седница на Комисијата одржана на 12 септември 2019 година, на 19 декември 2019 реализира **теренска посета на КПД Идризово**. Во рамките на посетата, пратеничките реализираа средба со директорот, но оствариja и средба и разговори со осуденички. Исто така тие имаа можност да направат увид во просториите во кои тие се сметени и го поминуваат денот.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 7 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | - |
| | 2 читање | - |
| | скратена и итна | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **7** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се од деловнички карактер и кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | ,<br>претседател | |
| | **СНЕЖАНА КАЛЕВА ВАНЧЕВА,**<br>заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Мирослав Јовановиќ | |
| 2. | Александар Кирацовски | |
| 3. | Сашко Костов | |
| 4. | Агим Шаќири | |
| 5. | Трајко Вељаноски | |
| 6. | Јохан Тарчуловски | |
| 7. | Крсто Мукоски | |
| 8. | Борис Змејковски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Горан Мисовски | |
| 2. | Хари Локвенец | |
| 3. | Сашко Атанасов | |
| 4. | Мирсада Емини Хасани | |
| 5. | Владимир Ѓорчев | |
| 6. | Невенка Стаменковска Стојковски | |
| 7. | Никола Поповски | |
| 8. | Зоран Ѓорѓиевски | |

*Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања во период од 1 јануари до 31 декември 2019 година има одржано девет седници.*

Комисијата во рамките на својата надлежност кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.

Согласно оваа надлежност Комисијата на 9 јануари 2019 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, и согласно член 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието на

Република Македонија да го верифицира мандатот за пратеникот од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

**Рубин Земон** од коалиција Социјалдемократски сојуз на македонија - СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтернатива - НА, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, Српска странка на Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - „ПЕП 21", Партија на обединети пензионери и граЃани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на ромите – ПЦЕР од Изборната единица број 5.

Комисијата на 2 февруари 2019 година согласно член 53 став 5 од Деловникот на Собранието, го разгледа Барањето за одобрување на притвор на пратеник и за тоа на Собранието му поднесе извештај.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 и 23 февруари 2019 година, согласно член 53 став 5 од Деловникот на Собранието го разгледа Барањето за одобрување на притвор на пратеник и за тоа на Собранието му поднесе извештај.

Комисијата согласно член 59 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на 23 и 29 мај 2019 година одржа седница за предлог за одземање на мандат на пратеник и за тоа на Собранието му поднесе извештај.

Комисијата на 11 јуни 2019 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, и согласно член 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предлажи на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

**Ѓоко Камчев** од коалиција ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на ромите од Македонија, Партија на правдата, Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ, Странка на демократска акција на Македонија, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Трајно македонско радикално обединување, Македонска акција (МААК), Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО-ДП (ВМРО-Демократска партија), Демократска бошњачка партија, Демократска партија на Ромите, Социјалдемократска унија, Роми обединети од Македонија, Сојуз на Титови леви сили, Обединета партија за еднаквост на Ромите, Движење на национално единство на Турците, Демократски сили на Ромите од изборната единица број 4.

**Александар Филиповски** од коалиција Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтернатива - НА, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, Српска странка на Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - „ПЕП 21", Партија на обединети пензионери и граЃани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на ромите – ПЦЕР од Изборната единица број 1.

На 9 јули 2019 година, Комисијата ја одржа Петнаесеттата седница и го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, и согласно член 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

**Александра Цветкоска** од коалиција Социјалдемократски сојуз на македонија - СДСМ, Нова социјалдемократска партија - НСДП, Либерално демократска партија - ЛДП, Партија за движење на Турците во Македонија - ПДТ, Нова алтернатива - НА, Демократски сојуз на Власите од Македонија - ДСВМ, Српска странка на Македонија - ССМ, Партија за економски промени 21 - „ПЕП 21", Партија на обединети пензионери и граЃани на Македонија - ПОПГМ, Партија за европска иднина - ПЕИ, Алијанса за позитивна Македонија - АПМ, Демократска обнова на Македонија - ДОМ, Српска напредна странка во Македонија - СНСМ, Партија за целосна еманципација на ромите – ПЦЕР од Изборната единица број 5.

на 23 јули 2019 година, Комисијата повторно разгледуваше Извештај на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, и согласно член 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, му предложи на Собранието да го верифицира мандатот на избраниот пратеник од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

**Арта Точи** од коалицијата Алијанса за албанците (ДР-АДП, УНИТЕТИ, НДП) од Изборната единица број 6.

На Седумнаесеттата седница на Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања одржана на 23 јули 2019 година го разгледа

Предлог на деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Талат Џафери.

Комисијата, Предлогот на деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, по скратена постапка, го проследи на натамошна постапка во Собранието на Република Северна Македонија.

На Осумнаесеттата седница на Комисијата одржана на 29 јули 2019 година, Комисијата согласно Кодексот, а имајќи ги предвид препораките на ГРЕКО ги донесе

1.Правилата за водење на постапката за утврдување на сторени лесни и тешки повреди и изрекување на мерки утврдени во Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија и
2.Образецот за пријава на дар за пратениците на Собранието на Република Северна Македонија.

и истите ги објави на ВЕБ страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

**Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања на 22 април 2019 година во соработка со** г. Фердинанд Мелин Сокрамениен, експерт во областа за кодексите за пратениците и други именувани лица организираше обука на тема: **„Мерки за промовирање на Етичкиот кодекс и подигање на свеста за неговата содржина”.** На обуката свои обраќања имаа: Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија, Н.Е. Кристијан Тимоние, амбасадор на Франциската Република во Република Северна Македонија, проф. д-р Ана Павловска-Данева, шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО и Павле Богоевски, претседател на Комисијата.

На иницијатива на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, Програмата за парламентарна поддршка во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) отпочна активности за поддршка на Собранито на Република Северна Македонија во изработка на Упатство за спроведување на Етичкиот кодекс за однесување на пратениците. **Во рамки на активностите, на 21 и 22 ноември 2019 година, во Бест Вестерн во Скопје баше одржана работилница за развивање на Упатството за спроведување на Етичкиот кодекс за однесување на пратениците на која присуствуваше и Јакопо Леоне, Офицер за демократско управување во ОДИХР.**

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 9 |
| Вкупно разгледани точки | 10 |
| извештаи | 4 |
| барање за одземање на мандат | 1 |
| барања за притвор | 2 |
| деловник | 1 |
| Други акти | 2 |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Буџет, ребаланс | Закони постапка | | | Поднесени амандмани | ратификации | други акти | јавни расправи | надзорни расправи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 читање | 2 читање | скратена, итна | | | | | |
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | **2** | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 90 | 403 | 2 | 117 | 60 | 110 | **34** | 25 | 89 | - | - |
| одбрана и безбедност | 25 | 55 | - | 22 | 7 | 8 | **4** | - | 17 | **1** | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 43 | 64 | - | 16 | 13 | 12 | **9** | - | 19 | **4** | - |
| надворешна политика | 14 | 36 | - | - | - | - | **1** | 25 | 11 | - | - |
| европски прашања | 28 | 53 | - | 24 | 18 | 4 | **46** | 1 | 5 | **1** | |
| прашања на изборите и именувањата | 7 | 31 | - | - | - | - | - | - | 31 | - | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 6 | 10 | - | - | - | - | - | - | 8 | **2** | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 6 | 10 | - | - | - | - | - | - | 10 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите | 12 | 28 | - | - | - | - | - | - | 28 | - | - |
| финансирање и буџет | 30 | 73 | 3 | 10 | 8 | 31 | **8** | - | 19 | **2** | - |
| економски прашања | 18 | 24 | - | 4 | 1 | 11 | **6** | - | 7 | **1** | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 11 | 15 | - | 5 | 3 | 7 | - | - | - | - | - |
| транспорт, врски и екологија | 19 | 37 | - | 3 | 2 | 12 | **6** | - | 18 | **2** | |
| образование, наука и спорт | 18 | 29 | - | 7 | 4 | 5 | **3** | - | 11 | **2** | |
| култура | 7 | 8 | - | 1 | - | 1 | - | - | 5 | - | **1** |
| здравство | 13 | 35 | - | 25 | 3 | 5 | **6** | - | 1 | **1** | - |
| труд и социјална политика | 19 | 36 | - | 8 | 8 | 13 | **2** | - | 5 | **2** | - |
| локална самоуправа | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | **1** | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 7 | 7 | - | - | - | - | - | - | - | **7** | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 9 | 10 | - | - | - | - | - | - | 10 | - | - |
| **Вкупно:** | **383** | **965** | **5** | **242** | **127** | **221** | **127** | **51** | **294** | **26** | **1** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците ;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, утврдено со Уставот и закон;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РЕЏАИЛ ИСМАИЛИ,** претседател | |
| | **ЈУСУФ ХАСАНИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | | |
| 2. | Никица Корубин | |
| 3. | Ристе Ташев | |
| 4. | Славица Шуманска Митева | |
| 5. | Антонијо Милошоски | |
| 6. | Горан Манојловски | |
| 7. | Дафина Стојановска | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Артан Груби | |
| 10. | Шпреса Хадри | |
| 11. | Зиадин Села | |
| 12. | Фадил Зендели | |
| 13. | | |
| 14. | Сашко Костов | |
| 15. | Самка Ибраимовски | |
| 16. | Иван Стоиљковиќ | |
| 17. | Зеќир Рамчиловиќ | |

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период не одржа седница.

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмскиот сервис - Собранискиот канал.

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во Службен весник на Република Македонија број 104 од 20 август 2009.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеца.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Советот на Собранискиот канал разгледува прашања од функционирањето на Собранискиот канал, а особено:

-донесува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и

-обезбедува емитување на активностите на Собранието преку програмскиот сервис - Собранискиот канал.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија во овој мандат сеуште не е формиран.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| одлуки | | - |
| Други акти | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ бр.104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ФРОСИНА ТАШЕВСКА - РЕМЕНСКИ,** претседател |
| | **ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Јован Митревски |
| 2. | Соња Мираковска |
| 3. | Костадин Костадинов |
| 4. | Ејуп Алими |
| 5. | Агим Шаќири |
| 6. | Неџбедин Кремани |
| 7. | Владанка Авировиќ |
| 8. | Лилјана Затуроска |
| 9. | Слагана Митовска |

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Северна Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Во извештајниот период со седниците на Буџетскиот совет претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија и претседател на Буџетскиот совет, Фросина Ташевска- Ременски.

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа една седница на која беа разгледани две точки.

На седмата седница одржана на 31 јули 2019 година Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија согласно член 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2020-2022 година.

Во Стратешкиот план се дадени приоритетите и насоките во кои ќе се движи Собранието во следните три години. Како позначајни се утврдени неколку цели и тоа: Јакнење на законодавната и надзорната улога на Собранието; Зголемување на транспарентноста и Обезбедување на самостојност на Собранието ( обезбедување на независност на Службата на Собранието, независно физичко обезбедување и финансиска независност). Некои од зацртаните цели кои се планирани во Стратешкиот план за периодот 2020-2022 година беа планирани и во Стратешкиот план за периодот 2019-2021 година, со тоа што дел од целите беа реализирани во текот на 2019 година во соработка и со помош на меѓународните институции, дел се во тек, додека останатите ќе бидат реализирани во наредниот период. Буџетскиот совет го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2020-2022 година Врз основа на расправата Буџетскиот Совет констатира дека Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2020-2022 година и утврдените стратешки приоритети имаат за цел зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на Собранието како базичен предуслов за квалитетно, рационално и ефикасно остварување на надлежностите на Собранието.

На истата седница Буџетскиот Совет го разгледа и Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2020 година. Согласно Законот за буџетите Собранието во законски утврдениот рок треба да го достави Предлог-буџетското барање за 2020 година до Министерството за финансии. Предлог-буџетското барање за 2020 година беше подготвено во консултација со претседателот на Собранието, претставници на пратеничките групи и поодделните сектори во собраниската служба. Средствата кои се планирани во Предлог-буџетското барање се планирани согласно стратешките приоритети кои се утврдени во Стратешкиот план за периодот 2020-2022 година. Буџетскиот совет го разгледа и утврди Предлог-буџетското барање на Собранието

на Република Северна Македонија за 2020 година. Врз основа на расправата Буџетскиот совет оцени дека финансиските средства кои се планирани во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија за 2020 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија. Финансиската проекција на средства во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Северна Македонија за 2020 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Северна Македонија за периодот 2020-2021 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| буџет | | - |
| одлуки | | - |
| планови | | 1 |
| обраќања | | - |
| заклучоци | | - |
| барања, предлози, утврдувања | | 1 |

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции претставува широка платформа преку која се овозможува инклузивност на сите општествени фактори во креирањето и следењето на европската интеграција на државата. Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, на граѓанското општество претставено преку членови и претставници на Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници.

Во извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за 2019 година презентирани се:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот и
- реализирани активности на Националниот совет за евроинтеграции.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредуваат со Деловник. Во периодот опфатен со извештајот, Советот не донесе нов Деловник, односно работеше според Деловникот донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година. Согласно членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

Согласно Одлуката за основање на НСЕИ, Претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција.

Актуелниот состав на Советот е определен со Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции објавена во “Службен весник на РМ” бр.89/2017 и измените на Одлуката објавени во “Службен весник на РМ”бр.122/2017; бр.160/2017; бр.20/2018; бр.191/2018; бр.19/2019; “Службен весник на РСМ“ бр.158/2019; и во бр.271/2019. Во извештајниот период, во работата на Советот учествува 9 номинирани претставници од: Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Граѓанската платформа на Македонија, Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Католичката црква во Република Македонија и Евангелско-методистичката црква во Македонија. Единствено од Унијата на независни и автономни

синдикати на Македонија, и Еврејската заедница во Македонија не номинираа претставник за учество во работата на Советот.

Националниот совет за евроинтеграции во периодот на известување одржа 3 седници, една јавна расправа и средби од меѓународен карактер.

**Седницата на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 20 јуни 2019 година беше посветена на "Видувањата од Берлин и Париз околу долгорочната визија за Европска интеграција".** На седницата пред Советот се обратија амбасадорите на Сојузна Република Германија и на Република Франција. На седницата присуствуваа амбасадори на земји-членки на ЕУ, претседатели и членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и МПК РМ-ЕУ, претставници од Секретаријатот за европски прашања, граѓански организации. Амбасадорот на Сојузна Република Германија Н.Е. Томас Норберт Герберих во своето обраќање истакна „Лично сум убеден дека уште оваа година ќе може да има само една одлука, тоа е да се започнат пристапните преговори со Северна Македонија, согласно со препораките на Европската комисија. Прашањето не гласи повеќе дали, туку кога тоа ќе се случиг. Сега е потребно продлабочување на реформскиот процес, сите делови од општеството да се вклучат во процесот на интеграцијата и да соработуваат заеднички со цел секој граѓанин да ги почувствува резултатите. Амбасадорот на Францускта Република Н.Е.Кристиан Тимоние, во обраќањето пред Советот истакна дека земјата успеа да направи голем чекор напред што е забележано и во Извештајот на Европската комисија, и нагласи дека поради политички дебати или политички маркетинг често фокусот е на прашања со датуми, кои можеби не се толку од суштинско значење. Претстои уште многу напорна работа, но има и работи кои ЕУ треба да ги заврши, да ја обнови својата рамка и да биде спремна да ги пречека земјите од Западен Балкан. вНие сме убедени дека вашето место е во ЕУ и повеќе инсистираме на добро организирана појдовна точка и почеток на преговорите и сакаме на општеството да му испорачаме позитивни сигналиг истакна амбасадорот Тимоние и повика во наредните месеци до есента да се испорачаат дополнителни докази за нашиот капацитет за реформите за да може квалитетно да се отворат преговорите со ЕУ. Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г.Бујар Османи, се осврна на постигнувањата во исполнувањето на политичките и економските критериуми истакнувајќи дека нашата држава предничи во однос на другите земји од регионот. Според Османи во заклучоците од Советот за општи прашања на ЕУ видлива е консензуалната волја на сите земји-членки на ЕУ дека Република Северна Македонија треба да ги отвори преговорите. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, г.Никола Поповски во обраќањето се осврна на две клучни пораки: едната од Берлин која вели „да" за членство но не веднаш, и другата порака од Париз која вели „да" за членство но не вака - прво мора да се реформира Европската унија.Фокусот треба да биде помалку на донесување или менување на законите, повеќе имплементација на законите, помалку маркетинг, повеќе реформи во праксата. Потпретседателката на Советот г-ѓа Ивана Туфегџиќ се осврна на младите луѓе, укажувајќи дека во заклучоците на Советот на ЕУ стои и справувањето со водливот на мозоциг и создавање позитивна економска перспектива за младите од Западен Балкан. Одговорноста за ова е кај властите и опозициите во земјите од Западен Балкан, но

одговорност има и Европската унија бидејќи сите истражувања покажуваат дека младите го врзуваат својот опстанок со реална и кредибилна перспектива. Во дебатата на Четвртата седницата на Советот учествуваа: членовите на Советот од редот на пратениците г.Антонијо Милошоски и г.Илија Димовски, претставникот од Кабинетот на Претседателот на Владата г.Бојан Маричиќ, претставникот од Католичката црква г.Драган Георгиевски и заменик-членот на Комисијата за европски прашања г-ѓа Снежана Калеска Ванчева.

**На седницата одржана на 14 октомври 2019 година Националниот совет за евроинтеграции расправаше за "Очекувањата и перспективите во процесот на пристапување во Европската Унија".** На седницата на Советот учествуваа заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, членови на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, граѓански организации, претставници од државни институции и амбасадори на земји-членки на ЕУ во државата. Во обраќањето Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања Бујар Османи истакна дека преговорите можат да започнат веднаш - подготвени сме за предизвикот кои го носат преговорите. Државата остварува исклучителни резултати на евроинтегративниот пат, нема отворени прашања со соседите и следствено на тоа очекува позитивна одлука од Унијата. Националниот совет за евроинтеграции не познава етнички и социјални разлики и претставува единствена платформа која ги обединува сите и нè прави едногласни кон ЕУ - нагласи Османи и во оваа насока побара во Советот да се водат суштински дебати за евроинтегративниот процес и константно следење на процесот. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски, во обраќањето укажа дека за добивањето на датум за отпочнување на преговорите одлучуваат 28 земји членки на Унијата, државата ќе стане членка на ЕУ кога вистински ќе се приближиме до европските стандарди и тоа ќе биде главниот критериум по кој ќе се случуваат следните проширувања. Изборната реторика околу датумот за преговори од политичките чинители мора да се надмине бидејќи не носи суштински прогрес. Според Попоски власта не чувствува потреба да ја консултира опозицијата за преговарачката рамка. Убеден е дека ќе има почеток на преговори во 2020 година, со нови методи во преговорите и дека следи долг период на преговарање со Унијата. Главните оценки државата ќе ги добие во зависност од интензитетот на решавање на проблемите и нејзината самоиницијативност да ги приближи европските стандарди во македонското општество и нејзините граѓани. Потпретседателот на Националниот совет, г-ѓа Ивана Туфегџиќ во обраќањето искажа оптимизам дека државата ќе добие датум за започнување на преговорите. Се укажа дека одлуката за евентуално одлагање на датумот ќе значи рушење на кредибилитетот на ЕУ кај граѓаните. Направени се сериозни жртви и големи чекори во име на евроинтеграциите. Побара Советот почесто да се состанува и да дебатира на посуштински теми имајќи го предвид консензуалното одлучување на Советот и неговиот инклузивен карактер. Во дебатата на седницата учествуваа: г-ѓа Шпреса Хадри член на Советот, г.Бојан Маричиќ од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, г-ѓа Јагода Шахпаска член на Комисијата за европски прашања и г-ѓа Лидија Димова директорка на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Во дискусиите се укажа на следното: државата ги исполни сите услови за почеток на преговорите; на потребата за непристрасно судство и зајакната борба против организираниот криминал и корупција; потребата

за сплотеност и заедничка координирана работа на сите политички чинители во исполнување на европските стандарди; за одржување на почести тематски седници на Советот; целта треба да биде заеднички да се испорачаат европските вредности при што се нагласи и улогата на опозицијата; одлуката за отпочнување на преговорите е важно прашање за сите граѓани на државата за регионот како и за стабилна Европска унија, и дека е време за резултати од сработеното.

**На седницата одржана на 26 ноември 2019 година, Националниот совет за евроинтеграции расправаше за "Најавениот нов пристап кон проширувањето на Европската унија-идеи и предизвици".** Советот обезбеди широк форум за дебата по повод нон-пејперот на Францускатa Република, со учество на амбасадори на земјите членки на Европската унија, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, МПК РМ-ЕУ, претставници од државни институции и граѓански организации. Во обраќањето пред Советот, Францускиот амбасадор Н.Е.Кристиан Тимоние истакна дека вза Француската Република европскиот проект ќе продолжи да се спроведува за целосно интегрирање на земјите од Западен Балкан во една реновирана Европска унијаг. Идејата е да се создаде нов функционален и побрз систем на интегрирање од претходниот, кој според предлогот ќе се постигне преку 4 принципи и 7 фази на пристапување. Според Нон-пејперот за реформирање на процесот на пристапување во ЕУ, обновениот пристап треба да се заснова на принципите на: постепено пристапување, строги услови, конкретни придобивки и реверзибилност. Од државата се очекува да продолжи со спроведувањето на реформите во клучните области и да се покаже напредок во донесување на потребните закони особено законот за јавно обвинителство. Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г.Бујар Османи истакна дека седницата на Националниот совет претставува вистинска платформа за дебата каде може да се направи пресек на севкупниот процес на европските интеграции по октомврискиот Самит на ЕУ. Според Османи, земјата се наоѓа пред нов предизвик и потребно е конструктивно да се пристапи на потребата на ЕУ за реформа на процесот на проширување. Вицепремиерот Османи нагласи дека заслугата за постигнатите резултати е на сите досегашни влади, и дека во рамки на иницијативата на Франција, треба како држава да дадеме што е можно поквалитетен придонес со цел во соодветно време да добиеме нова и квалитетна методологија. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Никола Попоски оцени дека постојат две главни причини за недонесувањето на одлука за почеток на преговорите - првата е дека земјите-членки не сметаат дека ова прашање е многу критички важно за нив, и втората дека јавноста во земјите-членки не создаде притисок кон Европскиот совет за донесување на одлука. Според Попоски, промената на методологијата нема да им наштети на Македонија и Албанија, туку најмногу ќе се одрази на Србија и Црна Гора, кои веќе преговараат. Одлуката на ЕУ според Попоски, ќе зависи од три фактори: внатрешната политика во земјите-членки на ЕУ; односите меѓу членките во Унијата и позицијата на ЕУ во однос на светот. Според истата логика се и трите решенија како приоритетни за земјата: уредување на внатрешната политика; уредување на односите меѓу земјите односно градење на добрососедски односи, и вербата за државноста и мотивот за самостојно справување со внатрешните проблеми. Попоски укажа на потребата власта да го смени односот кон опозицијата и граѓанското општество и потребата за

транспарентност во процесот. За потпретседателката на Националниот совет г-ѓа Ивана Туфегџиќ, нон-пејперот е прашање кое би требало повеќе да се дискутира во рамки на ЕУ, затоа што истиот е предлог на една земја-членка. Се согласи дека е потребна реформа на процесот на пристапување бидејќи истиот трае предолго и нема доволно механизми за ефективно мерење на евроинтегративните процеси. Туфегџиќ оцени дека со недонесувањето на одлука на Европскиот совет се доведе во сериозно прашање кредибилитетот на ЕУ, а со тоа е доведена во прашање и европската преспектива на земјите од Западен Балкан. Беше упатено прашање до амбасадорот Тимоние - уште колку нови документи ќе добие Македонија додека 14 години чека датум за почеток на преговори. Во расправата на Седмата седница учествуваа: г-ѓа Шпреса Хадри и г.Емил Димитриев членови на Националниот совет, како и г.Бетиан Китев член на Комисијата за европски прашања.

**Националниот совет за евроинтеграции на 30 септември 2019 год. организираше *Јавна расправа* на тема "Европските вредности за иднината на ЈИЕ - младинските политики и соработка", на иницијатива на Младинскиот сојуз како завршна активност на 17. Меѓународната Младинска конференција.** На јавната расправа учествуваа млади мотиватори од 16 земји од регионот и од ЕУ, пратеници, претставници на државни институции, граѓански организации. На јавната расправа четири млади модератори презентираа препораки од 17. Меѓународна младинска конференција. *Препораките на темата „Да заминам или не?" презентирани од активистката Милица Дедиќ од Црна Гора беа*: кампања за подигнување на свеста за важноста на владеењето на правото и демократските вредности во ЈИЕ; воспоставување на независен медиумски сојуз во ЈИЕ; започнување инклузивен процес за донесување на здравствени политики врз основа на докази. *Препораките за темата „Работа од иднината" презентирани од активистот Флорентс Тсеали од Грција беа:* редовни консултации на засегнатите чинители што водат кон нови дигитални политики на трудот; воспоставување на јавен инструмент за натамошен развој на неформалното образование што би било следено од независни, студентски советодавни одбори; создавање онлајн платформа за поврзување и поттикнување на комуникацијата меѓу локалните, нацоналните и регионалните институции вклучувајќи ги сите релевантни актери на младинските програми за мобилност. *За темата „Денешната младина" препораките ги презентираше Нино Преложњак од Хрватска:* промоција на истражување за конкретни потреби и проблеми на младите спроведено во партнерство со репрезентативни засегнати страни; формирање национално тело за следење и редовно известување за спроведувањето на постојната стратегија за млади и акциски планови во кои младинската работа се препознава како професија; организација на годишен самит - награди за солидарен активизам во земјите од ЈИЕ. *Препораките за темата „Климатски промени" презентирани од активистката Виолета Меото од Италија беа:* владите во ЈИЕ да воспостават построги правила за јавни набавки, стимулирање на деловни практики кои ќе овозможат премин кон кружна економија; вклучување на образовни предмети за рециклирање и одржливост во наставната програма за основно образование; изготвување на иновативни образовни материјали; имплементирање на построги регулативи со кои ќе се поттикне индустријата да се придржува кон стандардите за емисии и воспоставување на независно тело за проценка на имплементацијата на стратегиите и следење на усогласеноста на стандардите. Во дебатата на

јавната расправа учествуваа претседателот на Советот г.Никола Попоски, потпретседател на Советот г-ѓа Ивана Туфегџиќ, пратеничката г-ѓа Нола Исмајлоска Старова, претставникот од вПолио Плусг г-ѓа Елена Кочоска, од Европско движење во Република Северна Македонија г-ѓа Милева Ѓуровска и претставникот од Win Europe од Хрватска г.Иван Комушанац. Во дискусиите на јавната расправа беше потенцирано следното: иселувањето на младите е линеарен тренд во сите земји; младите треба да излезат од државата за да се стекнат со подобро образование и искуство и истото на најдобар начин да го пренесат дома; особено важно е младите да добијат шанса да учествуваат во креирањето на политиките особено во доменот на аграрот со цел вработување и подобри социјални политики; видлив е интересот кај младите за вработување во енергетскиот сектор; потребата од поедноставување на законската рамка за обновливите енергии и генерирање поголеми вработувања на младите. Препораките заедно со Извештајот од јавната расправа, Националниот совет за евроинтеграции ги проследи до сите заинтересирани страни во државата и до амбасадите на земјите-членки на ЕУ во државата.

**Членови на Националниот совет за евроинтеграции од редот на пратениците, на 5 јуни 2019 година оствариja средба со Делегација на Одборот за европски работи на Саборот на Република Хрватска.** Средбата беше заедничка со Собранискaта Комисија за надворешна политика, и истата со овластување од претседателот на Советот, ја водеше г.Емил Димитриев член на Националниот совет за евроинтеграции. Димитриев изрази задоволство за можноста да се разменат мислења за интеграциите со земја-членка на ЕУ и НАТО и истакна дека Хрватска е силен сојузник, партнер и поддржувач за членството на Република Македонија во ЕУ и НАТО. Меѓу двете земји нема отворени прашања и соработката изобилува со меѓусебна поддршка. Очекувањата од Хрватска се натамошна поддршка за аспирациите за ЕУ и НАТО и споделување на стекнатите искуствата од процесот на интеграција. Претседателот на Комисијата за надворешна политика г. Антонијо Милошоски истакна дека билатералните односи со Република Хрватска се одлични и дека постои плодна соработка меѓу двете земји. Информираше дека во Република Македонија нема разлики по однос на целта кон која државата се стреми - членството во ЕУ. Милошоски побара мислење од хрватските колеги, за политичкото расположение на земјите-членки на ЕУ пред и после европските избори, и совет што треба Република Македонија дополнително да направи за да ги убеди земјите-членки на ЕУ да доделат датум за почеток на пристапните преговори. Во разговорите, од страна на пратениците од Хрватскиот сабор: г. Домагој Иван Милошевиќ, г. Миро Ковач, г-ѓа Весна Пусиќ и г. Домагој Хајдуковиќ, беше нагласено дека Македонија поминува низ особено важен процес за интеграциите кои се однесуваат на темелните вредности како владеење на правото, пазарната економија и правата на малцинствата. Економијата треба да претставува врвен интерес, со економски реформи треба да се одговори на проблемот со кој во моментот се соочуваат двете држави - одлив на младите кадри во странство. Пријателската поддршка на Хрватска, за евроинтеграциите ќе продолжи и во иднина и се изрази надеж дека државата што поскоро ќе добие датум за почеток на преговорите со ЕУ. И во иднина треба да се бараат пријатели и сојузници во евроинтегративниот пат, во тој контекст Хрватска секогаш ќе биде на располагање како вистински пријател на државата. Се изрази верување дека и покрај долгогодишниот спор за името, Македонија ќе биде дел од НАТО, при што беа дадени препораки државата да биде

добро подготвена за влез во ЕУ и за користење на можностите од членство во ЕУ. Со свои дискусии учествуваа пратениците: г-ѓа Шпреса Хадри, г-ѓа Јулиана Николова, г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Емилија Александрова и г. Владимир Ѓорчев. Од македонска страна беше нагласено дека државата постигна многу на патот на евроинтеграциите, многу од реформите за исполнување на критериумите за членство во ЕУ и НАТО, а со промената на името кое претставува емоционално и тешко прашање, се надмина голема пречка од изминатите години. Од Хрватската делегација беше побарано да се заложат што поскоро да заврши процесот на ратификација на Пристапниот протокол за членство во НАТО, континуирана поддршка за европските интеграции на државата, споделување на хрватските искуства во процесот на преговорите особено за улогата на Парламентот во преговорите со ЕУ.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтаграции г. Никола Попоски на 4 ноември 2019 год. оствари средба со Делегација на Европскиот економско-социјален комитет, од Комисијата за следење на Западен Балкан,** предводена од г-ѓа Драгица Мартиновиќ Џамоња претседавач на Комисијата за следење на Западен Балкан, членот г-ѓа Даива Кведараите и г. Давид Хоиќ од Секретаријатот на Одделот за надворешни врски. Делегацијата информираше дека ЕЕСК на пленарната сесија на 31 октомври 2019 год. усвои Резолуција за отварање пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија “Кредибилитетот на ЕУ и стратешки интереси кои треба да се поддржат“. ЕЕСК е длабоко разочаран од одлуката на лидерите на ЕУ за натамошно одложување на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија, на Советот од 17 и 18 октомври 2019 година, поради недостаток на консензус меѓу земјите-членки на ЕУ. Соработката на ЕЕСК со нашата држава е на билатерално ниво, а по отворањето на преговорите ќе функционира Заеднички консултативен комитет како платформа меѓу ЕЕСК и граѓанскиот сектор во Македонија. Со оглед на недонесувањето на одлука за почеток на преговорите, делегацијата на ЕЕСК се интересираше: како понатаму ќе продолжат реформите во клучните области, очекувањата од предвремените парламентарни избори, спроведувањето на Преспанскиот договор, соработката со граѓанското општество. Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Никола Попоски оцени дека недонесувањето на одлуката за почеток на преговорите е погрешно со оглед дека државата помина низ екстремно тешка одлука со промената на Уставот. Сепак, одлуката од самитот на ЕУ во октомври 2019 год. нема да има директен ефект врз спроведување на реформите во нашата држава. Одлуката на Советот на ЕУ да не додели датум ќе се одрази регионално и на Србија и Црна Гора кои веќе преговараат, а замената за членството во ЕУ со шенген соработка во регионот не е кредибилна. Попоски укажа дека до следниот состанок на Советот на ЕУ треба да имаме многу интелегентен пристап, и не е убеден дека ако се прави притисок тоа е најдобриот начин.Европскиот економски социјален комитет очекува реформите да продолжат да се спроведуваат во државата и покрај разочараноста на граѓаните од недобивањето на датумот за преговорите. Постои неизвесност што ќе се случува во ЕУ, поставеноста на трите клучни европски институции, Брегзит, позицијата на Франција за реформите на Унијата.

***ЕУ центар на Собранието - обезбедување на подобар пристап на пратениците до информации поврзани со прашања од Европската унија***

Службениците од ЕУ Центарот организираа средби со претставници од неколку сектори од службата на Собранието кои покрај пратениците, се корисници на месечната публикација ЕУ весник. Од мислењата, предлозите и идеите изнесени на средбите, ЕУ Весникот содржински, визуелно и технички беше подобрен со цел обезбедување на поквалитетен и современ формат на информирање на пратениците за актуелни настани и политики во Европската унија.

Во февруари 2019 година во просториите на ЕУ Центарот на Собранието се одржа работна средба со претставници од Информативниот центар за ЕУ на Делегацијата на Европската унија, при што се разменија искуства и беа разгледани можности за идна соработка.
Службениците од ЕУ Центарот остварија средба со претставници на Институтот за демократија „Социетас цивилисг - Скопје на која беа разгледани можностите за взаемна соработка и поддршка. Од Институтот беше доставен печатен материјал, информативни флаери и брошури за истражувања по одделни области, и други едукативни материјали за ЕУ Центарот наменети за користење на пратениците и службата.

Во 2019 година беа издадени 11 (единаесет) информативни публикации - ЕУ Вести во електронска и во печатена форма до секој пратеник. ЕУ Весникот се печати на македонски јазик и на албански јазик.

Од јуни 2014 година заклучно со декември 2019 год., издадени се 51 месечни електронски изданија како и 17 печатени публикации - ЕУ Вести. Сите електронски изданија на ЕУ весникот се достапни и пошироко, преку веб-страната на Собранието.

ЕУ Центарот располага со сопствена библиотека од 157 наслови на книги, речници, збирки, прирачници, препораки, брошури и др.

# 4.4 ДРУГИ ТЕЛА

## 4.4.1 КЛУБОВИ НА ПРАТЕНИЦИ

### 4.4.1.1 КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

*Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 година, 48 од вкупно 120 пратеници се жени т.е. 40% од вкупниот пратенички состав. Ова претставува најголем процент на застапеност на жените во историјата на македонскиот парламентаризам, а воедно и на Клубот на пратенички, чие делување се темели на натпартиска (интерпартиска) соработка.*

***Делокруг на работа:***

*Клубот на пратенички работи на унапредување на статусот и положбата на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите согласно Законот за еднакви можности, стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Северна Македонија ги ратификувала или потпишала, а се однесуваат на еднаквите можности и на заштитата од дискриминација во областа на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување, економија, здравство, образование, безбедност, политички систем; на национално, локално и меѓународно ниво; иницирање и предлагање на донесување, измени и дополнување на законската регулатива од аспект на родовата рамноправност, еднаквите можности и заштитата и заштита од дискриминација во областа на трудот и социјалното осигурување и социјална заштита.*

*Клубот на пратенички во периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019 година, работеше на работни средби, работилници, обуки, панел-дискусии и други активности.*

**На 5 февруари 2019 година на работна средба Клубот на пратенички усвои:**

- **Стратешки план** на Клубот на пратенички на Собрание на Република Северна Македонија за 2018 – 2020 година.
- **Периодичен извештај** за работата на Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија во периодот јули 2017 година - декември 2018 година, односо од почетокот на актуелниот состав на пратенички.
- **Правилник за организација и делокруг на работа** на Клубот на пратенички, кој е дополнување и изменување на веќе постоечкиот правилник за работа на Клубот на пратенички од 2008 година.

**Клубот на пратенички на 13 февруари 2019 година одржа работна средба со амбасадорот на САД, г-дин Џес Бејли.**

Во придружба на амбасадорот беше и новата директорка на канцеларијата на УСАИД, Гречен Биркл како и Слаѓана Србиноска, менаџмент специјалист од УСАИД**.** Во последните денови од својот мандат амбасадорот својата желба да се состане со Клубот на пратенички ја засновал на своите размислувања за важноста на Клубот, која тој ја воочил во долгогодишното следење на неговата работа.

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија на 20 февруари 2019 година одржа работна средба со министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска.**

Во придружба на министерката беше тим составен од советници во Кабинетот на министерката Царовска, како и од Секторот за социјална заштита. Целта на работната средба беше министерката со својот тим да ги информира пратеничките преку Клубот за новите закони од социјалната сфера:

- Закон за социјална заштита;
- Закон за детска заштита;
- Закон за обезбедување на стари лица без имот.

**На 8 март 2019 година, меѓународниот ден на жената делегација од членови на Клубот на пратенички на покана на Комитетот за родова еднаквост присуствуваше на:**
**"Десеттата седница на Парламентот на жените, во Собранието на Република Црна Гора"**

Делегацијата беше составена од: претседателката на Клубот на пратенички, г-ѓа Ѓулумсер Касапи; генералната секретарка на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова -поранешна пратеничка и координаторка на Клубот на пратенички и пратеничката Весна Дамчевска-Илиевска

Седницата беше посветена на разгледување на состојбата на жените во земјите од Западен Балкан во контекст на усвојувањето на резолуцијата за правата на жените во Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Република Северна Македонија, Албанија и Косово), на седницата на Комитетот за правата на жените и родовата еднаквост (FEMM) на Европскиот парламент.

**На 2 април 2019 година Клубот на пратенички зема учество на еднодневна Работилница организирана од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија, во соработка со Мисијата на ОБСЕ, со цел проценка на родовата сензитивност на Собранието.**

Работилницата имаше за цел да ја разгледа структурата на Собранието, неговите политики и пракси, како и да процени во која мера се води сметка за родовата еднаквост во секојдневното работење на законодавниот дом.

Работилницата им даде можност на учесниците да ја применат методологијата за Проценка на родовата сензитивност на Европскиот институт за родова еднаквост.

**На 4 април 2019 година Клубот на пратенички со Македонското женско лоби организираше работилница на тема:**
**„Анализа на потребите од усогласување на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција во Република Северна Македонија”.**

На работилницата се разви дискусија преку која се дадоа предлози во однос на промените кои треба да се воспостават во Кривичниот законик, како и потреба од понатамошно обсервирање на проблематиката низ призмата на останатите закони предвидени за промена согласно конвенцијата.

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија на 15 мај 2019 година одржа работна средба со новиот претседател на Национален Демократски Институт од Вашингтон, г. Дерек Мичел.**

Во негова придружба беше и г. Роберт Бенџамин, регионален директор на НДИ за Централна Источна Европа.

Целта на средбата беше претседателот Дерек како поддржувач на работата на Клубот на пратенички да дискутира со пратеничките за: досегашните активности, достигнувања и искуства од работата; за поддршката од НДИ, и идните планови.

**На 21 јуни 2019 година Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Мисијата на ОБСЕ одржа четири часовна работилница како дел од процесот за изработка на: "Комуникациската стратегија на Клубот на пратенички"**

Во првиот дел од работилницата од страна на г. Гоце Пачемски, специјалист за стратешки комуникации беше презентиран концептот на ефикасни односи со јавност, како и моделот на стратешко планирање и управување со комуникациите.

Додека во вториот дел г. Пачемски ја презентираше анализата на одговорите на прашалникот за подготовка на комуникациската програма на Клубот на пратенички.
Во текот на целата работилница владееше атмосфера на конструктивна дебата која на крајот беше насочена на клучните наоди од анализата и предлози за активности и проекти кои ќе бидат дел од комуникациската програма

**На 26 и 27 јуни 2019 година Клубот на пратенички во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје одржа дводневна Регионална конференција на жени парламентарки на тема:**
**Родово-сензитивен парламент: Од законодавство до јавно финансирање за родова еднаквост**

На Првата сесија, родово сензитивни собранија се споделија и искуства и добри практики од регионот. Конферецијата опфати и Работилница со дискусија: Што е родово сензитивна законска регулатива и што се случува без истата во пракса.
Второт ден од конференцијата беше наменет за парламентарките да разменат добри практики од регионот за јавното финанасирање за родова еднаквост. Овој дел опфати и презентација и дискусија за клучните наоди и препораки од Истражување предводено од ОБСЕ за насилство врз жените во Југоисточна Европа.

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија на 5 септември 2019 година ја усвои Предлог-комуникациската стратегија, која е подготвена во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

Овој документ се темели на принципот на градење партнерства и остварување заемно полезна соработка со организации, институции, групи и поедини експерти и влијателни личности во општеството кои имаат слични или исти аспирации, интереси и цели на делување со Клубот на пратенички.

**Клубот на пратеничките на 12 септември 2019 година одржа прес – конференција**.

Со пресконференцијата Клубот реагираше на сè почестиот говор на омраза и навредите искажани кон жените особено преку социјалните мрежи, а пренесени преку одредени партиски и медиумски претставници.

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија на 12 септември оствари средба со Рение Јотова, директорка на Меѓународната организација на франкофонијата (МОФ), одговорна за Централна и Источна Европа.**

Во придружба на директорката беа и Каталина Спину, соработник од регионалната канцеларија во Букурешт; националниот кореспондент за МОФ, Африм Јашари и Марија Николова, претставничката на Комисијата за франкофонија при МОН.

**Клубот на пратенички во соработка со Националниот демократски институт (НДИ) и УСАИД ја одбележа неделата на женски права и родова еднаквост од 22 до 27 септември 2019 година.**

На **23 септември** Клубот на пратенички ја отвори неделата на женски права и родова еднаквост со Регионална Конференција на тема:

“Регионалната соработка во унапредувањето на родовата еднаквост/рамноправност и борбата против говорот на омраза”

Оваа недела Клубот на пратенички успешно ја заокружи со завршна средба која ја одржа на 27 септември со граѓанските организации

Темата на средбата се однесуваше на досегашната соработка и идните предизвици.

**Од 18 до 20 октомври 2019 членови на Клубот на пратенички заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваа на билатерална работилница на тема:**

**„Кон родово сензитивни парламенти во Република Албанија и Република Северна Македонија” во Проградец, Република Албанија.**

Во рамките на Работилницата, делегациите имаа можност да се запознаат со родово сензитивни процедури и услови за работа преку искуства споделени од генералната секретарка од Словенија и експертки од Финска и Шведска. Воедно, беше разгледан и Нацрт-планот за родово сензитивно Собрание.

**Клубот на пратенички, во соработка со Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, на 25 ноември 2019 година одржа панел-дискусија на тема:**

**„Предлог-модел за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на семејно насилство”, во Хотелот „Холидеј Ин”.**

Со овој настан Клубот на пратенички го одбележа Меѓународниот ден за елиминирање на насилството врз жените, а воедно се приклучи и ја поддржа глобалната кампања „16 дена на активизам за спречување на насилството врз жени и девојчиња”.

На Панел-дискусијата беше увидена потребата од дополнување на веќе постоечката законска регулатива, но и неопходноста од надзор при нејзиното применување, како и редефинирање на одделни сегменти. Беше потенцирана и важноста на динамиката на исполнување на националниот акциски план за спроведување на Инстанбулската конвенција како сеопфатен документ кој прв го карактеризира насилството врз жените како кршење на човековите права, каде централно се предвидени активности на промена на законодавството со цел преточување на стандардите на Конвенцијата во пракса.

**Клубот на пратенички зема учество на седницата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија закажана на 27 ноември 2019 година на која се одржа Јавна расправа на тема:**
**„Говорот на омраза насочен кон жените во политиката”**

Оваа јавна расправа се организираше во соработка со Клубот на пратенички, НДИ и Програмата за парламентарна поддршка финансирана од Швајцарската амбасада

**На 19 декември 2019 година претседателката на Клубот на пратенички, Ѓулумсер Касапи заедно со Даниела Рангелова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, и пратеничките Арта Точи, Јулијана Николова и Маја Морачанин, согласно донесениот заклучок на 10. седница на КЕМ, одржана на 12 септември 2019 година, реализираа теренска посета на КПД Идризово**

Во рамките на посетата, пратеничките реализираа средба со директорот, но остварија и средба и разговори со осуденички. Исто така, тие имаа можност да направат увид во просториите во кои тие се сметени и го поминуваат денот.

## 4.4.1.2 КЛУБ НА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

Во Собранието на 14 септември 2017 год. се формираше *Клубот за младински прашања и политики,* по примерот на Европскиот парламент и останатите западноевропски парламенти. Клубот е неформално тело во Собранието, составено од членови на сите парламентарни партии чијашто цел е остварување на интересите на младите во Република Македонија, во соработка со младинските организации, неформалните младински групи и партиските подмладоци.

***Реализирани активности на Клубот за младински прашања и политики:***

1. **Работна група за Закон за младинско учество и младински политики**

- Работната група е основана на почетокот на 2018-та составена од пратеници од пратеничките групи на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, БЕСА, партиски подмладоци, младински претставници од Националниот Младински Совет на Македонија и Коалиција СЕГА, како и претставници од Владата и Агенцијата за млади и спорт. Процесот на изработка на текстот на законот беше поддржан од Мисијата на ОБСЕ и НДИ, како партнер и поддржувач на Клубот за младински прашања.
- Работната група продолжи со својата работа и во 2019-та, постапувајќи по забелешките добиени од консултациите во градовите од 8те плански региони, како и по забелешките добиени од младинските организации.
- Предлог законот влезе во собраниска процедура во декември 2019та и беше одржана јавна расправа по истиот на Комисијата за образование, наука и спорт, како матично работно тело. Од јавната расправа, во координација со работната група, произлегоа 9 амандмани кои беа едногласно усвоени на Комисијата за образование, наука и спорт. Законот беше усвоен со поддршка од сите пратенички групи во Собранието во Јануари 2020та година.

2. **Одбележување на Меѓународен Ден на Демократија**

- Во Септември 2019-та Клубот за младински прашања со поддршка од НДИ го одбележа Меѓународниот Ден на Демократијата во Собранието на РСМ. На настанот беа поканети средношколци и младински активисти, а свои обраќања имаа различни младински активисти од различни иницијативи. Пред пратениците и гостите се обратија Тимот на Андромета (средношколци кои изработиле апликација за пријавување на меѓуврсничко насилство поддржани од УНИЦЕФ), активистите од глобалното движење огранок Скопје, Fridays for Future, како и активисти од организацијата КРИК кои работат со млади лица со попреченост. Целта на настанот

беше да се одбележи Денот на Демократијата низ призма на гласот на младите во општеството.

-

**3. Планирање на следни активности за Клубот за младински прашања**

- Пред крајот на 2019та беше организирана работилница во Велес подддржана од Вестминстер Фондацијата за следните активности и планови на Клубот за младински прашања, заедно со претставници на младински организации и партиски подмладоци.

**4. Координација и брифинг со институции за обврски од Закон за младинско учество и младински политики**

- Во Јануари 2020 по донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики во Собранието беше одржана координација со институции на централно и локално ниво за обврските кои треба да бидат превземени од Законот за младинско учество и политики, со цел поефикасна и целосна имплементација на Законот. Настанот беше поддржан од Вестминстер Фондацијата.

**5. Меѓународни активности**

- Клубот и во 2019-та, како и претходните години, остана посветен на промовирање и застапување на младинските интереси на меѓународни настани, како и на собирање на позитивни искуства и пракси особено од земјите членки на ЕУ.

## 4.4.2 ИНТЕРПАРТИСКИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ГРУПИ

### 4.4.2.1 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**1. ВОВЕД**

Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (понатаму: ИППГ) е неформална група во Собранието на Република Македонија, составена од пратеници од сите претставени политички партии. Нејзината главна улога е да ги артикулира потребите на лицата со посебни способности во законодавниот дом, пред претставници на извршната власт, како и да го меинстримира прашањето на хендикепот во законодавните решенија.

ИППГ е воспоставена на 19-ти мај 2003 година на иницијатива на Полио Плус – движење против хендикеп. Од тогаш Полио Плус ја има улогата на Технички Комитет на групата и е суштинскиот линк помеѓу останатите организации на лица со посебни способности во Македонија и ИППГ. Со својата работа, ИППГ стана препознатлив синоним за промовирање и унапредување на правата на лицата со посебни способности.

Визијата за формирање и постоење на ваква група беше таа да претставува спрега помеѓу организациите на лица со посебни способности и власта; да биде гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на лицата со посебни способности пред народните избраници; како и да помогне тие потреби да се вообличат во конкретни законски решенија кои ќе гарантираат остварување на права и ќе креираат еднакви можности.

Мотивите за вклучување на пратениците во ИППГ се различни, но се водени од желбата и согледаната потреба за унапредување на состојбата на лицата со посебни способности. Без оглед дали се работи за филантропија, лична засегнатост или обид за самопромоција, основниот постулат на кој почива оваа група е тие да не бидат нечесни и да не ја претвораат групата во инструмент за надмудрување и меѓупартиска борба во која прашањето на хендикеп би било искористено и злоупотребено.

**2. ВИЗИЈА И МИСИЈА**

***Визија***

Општество во кое сите лица со посебни способности ќе учествуваат целосно како еднакви граѓани.

***Мисија***

Остварување и уживање на човековите права на лицата со посебни способности, создавајќи еднакви можности за сите и овозможувајќи инклузија на овие лица во сите општествени текови. Вклучување на прашањето на хендикеп во сите законодавни процеси ќе го поддржи процесот на еволуција на целокупното општество и ќе биде двигател кон неопходни промени.

## 3. СТРУКТУРА И РАБОТА НА ИППГ




***Пратеници***

Јадрото на ИППГ го сочинуваат членовите-пратеници во Собранието. Членовите на ИППГ се претставници на сите политички партии кои се претставени во Собранието, но заедно придонесуваат кон остварување на визијата и мисијата на групата. ИППГ не поседува строга и ригидна формална структура, ниту таква работна агенда. Ова е со оглед дека истата мора да е флексибилна и способна за брзи реакции.

Сепак, ИППГ има минимална организациска структура – претседавач со ИППГ, негов/нејзин заменик/ци, координатор и Технички Комитет. Бројот на останатите членови не е фиксен и варира во зависност од составот на Собранието во секој мандат – пратениците

доброволно и самостојно одлучуваат да се придружат на ИППГ согласно личните убедувања и интереси.

***Технички Комитет***

Сочинет од мала, професионална и ефективна група индивидуи, Техничкиот Комитет има главна задача да овозможи практична поддршка на јадрото на ИППГ, примарно во легислативните аспекти од работата на ИППГ, како и во промоција и подигнување на свеста за човековите права на лицата со посебни способности. Техничкиот Комитет е сместен во Полио Плус – движење против хендикеп. Комитетот е во постојана комуникација со Координаторот на ИППГ во Собрание на РМ со кого заеднички ги имплементираат активностите на групата како целина.

Исто така, Комитетот ја фацилитира работата на пратениците овозможувајќи работни материјали; спроведувајќи анализи и истражувања; изготвувајќи законодавни иницијативи; овозможувајќи различни настани за градење на капацитетите на членовите на групата; како и останата техничка поддршка.

***Советодавен Комитет***

Советодавниот Комитет претставува функционален форум кој ги координира и канализира напорите на членовите на Надворешната Група. Во суштина, овој Комитет е алката која ја поврзува Надворешната Група, од една страна, со Техничкиот Комитет и јадрото на ИППГ, од друга. Комитетот е составен од претставници од секој сегмент на Надворешната Група.

Граѓанското општество ги номинира своите најважни чинители за членови на овој Комитет. Организациите на лица со посебни способности, пак, водени од мотот „Ништо за нас без нас!" даваат најголем придонес, посебно имајќи предвид дека лицата со посебни способности се тие кои директно ги чувствуваат последиците од нарушувањето и негирањето на нивните права.

***Надворешна Група***

Надворешната Група е составена од претставници на сите чинители во општеството, вклучувајќи: централна и локална власт, бизнис заедница, безбедноста, граѓанското општество, медиумите, како и меѓународната заедница. Оваа Група овозможува поддршка и експертиза за прашања поврзани со хендикепот и човековите права во сите општествени сфери.

***Преглед на активности на ИППГ***

1. Редовни месечни состаноци
2. Семинари – обуки за членовите на ИППГ, како и обуки имплементирани од членови на ИППГ
3. Подигнување на свест – работа на терен, кампањи, јавни појавувања и прес конференции
4. Студиски посети – трансфер на знаења и добри практики
5. Работни групи и јавни дебати – унапредување на правата на лицата со посебни способности
6. Истражување – студии, анализи, мапирања, анкети...

7. Документација – архивирање и креирање на дата бази.

## 4. ОПРАВДАНОСТ

Феноменот на хендикеп во Македонија сеуште се доживува едно димензионално и во рамките на медицинскиот и/или религиозниот пристап кон истиот. Токму ова е и најголемиот предизвик: менување на парадигмата од овие два пристапи кон социјалниот пристап и човековите права на лицата со посебни способности, прокламирани со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН.

Република Македонија е земја во која силно се чувствуваат последиците кои ги оставија медицинскиот и религиозниот пристап кон хендикепот. Овие последици се видливи во сите полиња и сфери на живеење – сеуште постои законска и институционална сегрегација на децата со посебни способности во „специјални училишта", како и на лицата со посебни способности вработени во „заштитни компании". Образованието и вработувањето се клучните области за лична реализација и придонес кон општеството и токму овие две сфери треба да се тие кои ќе овозможат еднакви можности за сите лица, без разлика на тоа дали лицето е со посебни способности или не. Во рамки на социјалната заштита, на лицата со посебни способности им се овозможени само финансиски бенефиции, без ниту еден сервис за поддршка на нивното независно живеење. Дури постојат и институции во кои се сместуваат лица со посебни способности, сегрегирани од општеството во целина и целосно невидливи – дури и пристапот до овие институции е екстремно ограничен или забранет за јавноста. Пристапноста на архитектонската околината е на неверојатно ниско ниво – дури и новоизградените објекти многу често се непристапни и недостапни за лицата со посебни способности. Пристапот до добра и услуги е уште поограничен, оневозможувајќи ги лицата со посебни способности под еднакви услови да ги користат и уживаат. Дискриминацијата врз основа на хендикеп е третиот најзастапен вид на дискриминација во Република Македонија, веднаш зад политичката и етничката дискриминација. Уште повеќе, во случаи на повеќекратна дискриминација, хендикепот е водечка основа за дискриминација. Целокупната поставеност на системот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување е во многу наврати дискриминаторски поставен, наметнувајќи непотребни барања и услови за лицата со посебни способности да остварат одредени права – услови кои на лицата без посебни способности не им се поставуваат.

Во 2014 година, за прв пат се ангажираше и лице од Собранието на Република Македонија како точка за поврзување помеѓу јадрото и Техничкиот Комитет на ИППГ. Ефектот од овој пристап е многу видлив, придонесувајќи кон повеќекратно зголемување на активностите и успесите на ИППГ. Сепак, потенцијалот кој постои во ваквиот пристап е уште поголем – негово потполно искористување значително ќе придонесе кон „меинстримирањег на прашањето на лицата со посебни способности во целокупното законодавство, како и во подобрена координација кон подигнување на јавната свест.

Сите овие предизвици, го формираат контекстот во кој ќе работи ИППГ во периодот 2016-2020 и упатуваат на областите на нејзино делување.

Во овој парламентарен состав, во интерпартиската парламентарна група членуваат 47 пратеници од различни политички партии. Претседавач со ИППГ е Фросина Ташевска Ременски, а потпретседавачи се Трајче Димков, Јагода Шахпаска, Мирсада Емини-Асани, Африм Гаши, Лилјана Поповска и Јулијана Николова.

**5.AKTIVNOSTI**

- На 6 февруари 2019 година, членови на ИППГ учествуваа на конференцијата „Учество на лицата со попреченост во изборниот процесг во организација на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На настанот учествуваа застапници за правата на лицата со попреченост, претставници на организации на лица со попреченост, Државната изборна комисија, Министерството за правда, Министерството на труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (CRPD) и Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности; поранешни кандидати за пратеници со попреченост, претставници на политичките партии и на академската заедница и локални претставници на меѓународни организации кои работат во областа. Говорниците на настанот ги споделија своите искуства, погледи и сугестии за тоа како да се зголеми учеството и влијанието на лицата со попреченост во изборните процеси во земјата;

- На 18 и 19 март 2019 година, претставници од ИППГ учествуваа на дводневна обука на тема „Учество на лицата со попреченост во политичкиот животг во Гевгелија, во организација на Полио Плус - Движење против хендикеп со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје;

- На 19 септември 2019 година, техничкиот комитет на ИППГ во соработка со Амбасадата на Обединетото Кралство во Северна Македонија организираше прием на пратеници и лица со попреченост. На настанот се прикажа документарниот видео серијал „Ден во животот“ продуциран од Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), во кој пратеници и лица со попреченост поминуваат еден ден заедно. Настанот даде простор на пратеници, претставници на граѓански организации и активисти да дискутираат за правата и потребите на лицата со попреченост во земјата;

- На 23 септември 2019 година, по повод Денот на знаковниот јазик, претставници од Здруженијата на глуви и наглуви лица беа во посета на Собранието, при што оствариja средба со пратеници членови на ИППГ;

- На 15 октомври 2019 година, по повод Меѓународниот ден на Белиот стап – Симболот на слепиот човек, претставници од Здружението на слепи и лица со оштетен вид Скопје беа во посета на Собранието и остварија средба со двајца пратеници потпретседавачи на ИППГ;

- На 8 ноември 2019 година, ИППГ во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Полио Плус – Движење против хендикеп како технички комитет на ИППГ одржа тркалезната маса на тема „Јакнење на интер-секторската соработка за унапредување на изборните права на лицата со попреченост". Главна цел на настанот беше да се актуелизира дискусијата за ограниченото учество на лицата со попреченост во изборниот процес, како и за можните предлози за унапредување на интерсекторската соработка во насока на инклузија и остварување на нивните изборни граѓански и политички права. Говорниците на тркалезната маса дискутираа околу системските пречки кои оневозможуваат целосно учество на лицата со попреченост, вклучително и недоволната соработка помеѓу организациите на лица со попреченост и политичките партии, ограничениот пристап во средината и пристапот до информации, како и постоењето на стереотипите и сервисите за поддршка;

- На 13 ноември 2019 година, пратеници членови на ИППГ и Полио Плус – Движење против хендикеп учествуваа во радио емисијата „Отворен светг на Македонската Радио Телевизија. Пратениците ја презентираа работата на ИППГ и предизвиците кои претстојат во поглед на остварување на правата на лицата со хендикеп;

- На 18 ноември 2019 г. пратеници членови на ИППГ учествуваа во ТВ емисија „Во светот на тишинатаг на Македонската Радио Телевизија. Покрај работата на ИППГ, беа отворени темите за учество на лицата со попреченост во политичкиот живот и предизвиците кои ги имаат лицата со сензорна попреченост, со акцент на глувите и наглуви лица во остварувањето на нивните изборни права;

- На 23 декември 2019 година, Собранието донесе Декларација за правото на политичко учество на граѓаните со попреченост. Декларацијата е потпишана од страна на претседателот на Собранието, потпретседателите и сите координатори на пратеничките групи во Собранието и

- На 27 декември 2019 година, ИППГ заедно со Полио Плус – Движење против хендикеп организираа свечен настан во Собранието каде беше одбележано усвојувањето на Декларацијата за правото на политичко учество на граѓаните со попреченост. Претседателот на Собранието Талат Џафери во своето обраќање наведе дека оваа Декларација е конкретен резултат на заедничката посветеност на сите пратеници без оглед на партиската припадност, но и на интензивната соработка со техничкиот комитет на ИППГ Полио Плус - Движење против хендикеп. На оваа свеченост претставниците од Полио Плус, со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер, на Собранието на Република Северна Македонија, како институција која што дала значаен придонес за унапредување на правата на лицата со попреченост, му додели Плакета. Членовите на ИППГ од парламентарниот состав 2016 - 2020 година добија посебни Признанија за својата активност и за нивниот посебен придонес и ангажман за унапредување на правата и еднаквите можности на граѓаните со попреченост. Признание за досегашните заложби и поддршка доби и генералната секретарка на Собранието Цветанка Иванова.

## 4.4.2.2 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ

На 4 јуни 2018 година, се основа  и промовира **Интерпартиска парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија.** Групата е основана на иницијатива на пратеници од постоечкиот Собраниски состав.Иницијатори на оваа идеја се пратениците: Самка Ибраимоски, Диме Велковски, Ирена Стефоска, Маја Морачанин, Лилјана Поповска, Енес Ибрахим, Агим Муртезанов, Мирсада Емини Асани, Ивана Туфегџиќ, Ѓулумсер Касапи, Павле Богоевски, Соња Мираковска и Јулиана Николова. На 4 јуни, на денот на конституирањето, покрај пратеници, на средбата присуствуваа претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери, претставници на неколку амбасади, претставник од Мисијата на ОБСЕ г. Рамадан Берат, Национален програмски офицер, од УНДП, г. Драган Ристовски, Проектен менаџер во Одделот за социјална вклученост, кој работи на Проектот за реконструкција на градинката во општина Шуто Оризари како и претставници од НДИ.

На конститутивната средба, поздравни обраќања имаа претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери, кој како претседател, изрази поддршка на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија, министерот без ресор во Владата на Република Македонија г. Аксел Ахмедовски, заменик Народниот правобранител, г-ѓа Васка Бајрамовска Мустафа, градоначалникот на општина Шуто Оризари, г. Курто Дудуш, претставникот на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТ лицата на Собранието на Република Македонија и на Клубот за младински прашања и политики, пратеникот Павле Богоевски како и претставници на невладини Ромски организации.

За коодинатор на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија е избран пратеникот Самка Ибраимоски, лидер на Партија за целосна еманципација на Ромите а за заменик координатор на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија е избран пратеникот Диме Велковски.

**Активности**

На 23 јануари 2019 година, во Собранието на Република Северна Македонија, се одржа работен состанок на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите на кој координаторот, г.Самка Ибраимоски даде презентација и образложение на Предлог Декларацијата за промени за добробит на Ромите во Република Македонија и говореше за целите и приоритетите на работата на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Северна Македонија . Тој изјави дека очекува по прифаќање на поднесената Декларација од страна на членовите на Интерпартиската парламентарна група, истата да се достави до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување, за потоа да се испрати до Советот на Европа, Парламентот на Европската Унија, ОБСЕ и Обединетите Нации. Присутните пратеници изразија голема поддршка на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Северна Македонија и во своите обраќања се задржаа на предлагање конкретни начини за промовирање и поголема видливост и

оперативност на групата. Заеднички констатираа дека е потребно членовите на оваа група, а секако и другите пратеници да се издигнат над партиските интереси и без оглед на политичката провиниенција од која доаѓаат, да се здружат и да направат нешто што е за општото добро на граѓаните од ромската етничка заедница. Пратениците дискутираа за недоволната интегрираност на Ромите во општеството, за нискиот степен на вклученост во образовниот процес, за недоволната покриеност од страна на здравствениот сектор и други неповолности кои негативно влијаат врз нивната економска и општа благосостојба. Пратениците беа единствени дека иако се прават напори за подобрување на ситуацијата, и се носат квалитетни закони, сепак, треба големо ангажирање во насока на вршење надзор врз имплементацијата, односно спроведувањето на тие закони.

**На седница одржана на 16 мај 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе Резолуција за промени и подобрување на положбата на Ромите во Република Северна Македонија.**

Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Северна Македонија, на Барање на неформална мрежа на Ромски граѓански организации, во Собранието на Република Северна Македонија одржа Работен состанок на ден 29 ноември 2019 година. На Работниот состанок, освен членови-пратеници на Групата, заинтересирани пратеници, присуствуваа претставници на 12 Ромски граѓански организации како и претставник на Мисијата на ОБСЕ. На состанокот се водеше конструктивна дискусија за проблемот со лицата без лична идентификација, за легализација на населбите со доминантно ромско население, за учество на член Ром во Комисијата за заштита од дискриминација и за проблемот со вработување на Ромите во државната и јавна администрација.

Средбата имаше за цел меѓусебно запознавање и разговор за правната рамка за унапредување и заштита на правата на Ромите, степенот на нивните права и реализација на истите, можности за подобрување на состојбите, како и за измени и дополнувања на различни закони. Пратениците изразија безрезервна и силна поддршка на работата на Ромските граѓански организации кои искрено се залагаат за системски и трајни решенија за интеграција на Ромите во Република Северна Македонија и укажаа дека Ромите не треба да бидат маргинализирани и треба да ги уживаат своите права загарантирани со Уставот. Се истакна дека оваа Интерпартиска парламентарна група претставува уникатна институционална рамка за дијалог.

Врз основа на расправата, Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите донесе соодветни заклучоци и препораки и ги достави до релеванти фактори по ова прашање.

Во текот на Извештајната година, координаторот Самка Ибраимоски има континуирани средби и разговори со поединци Роми и претставници на бројни Ромски организации со што оваа Интерпартиската парламентарна група бележи продуктивна работа и дава искрен придонес кон унапредување и заштита на правата на Ромите.

## 4.4.2.3 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛИЦАТА

Иницијативата за формирање на неформална интерпартиска парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата, потекна од граѓанските организации кои работат во сферата на заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, пролетта 2017 година. Група пратеници кои покажаа интерес за оваа тема, оствари неколку работни средби со претставниците од невладиниот сектор на кои се дискутираше за присутното кршење на човековите права, говорот на омраза, насилството и дискриминацијата на ЛГБТИ луѓето во нашето општество и за потребата од системски пристап со заедничко учество на државните институции и граѓанскиот сектор за решавање на овие проблеми. Од тука произлезе и потребата за формирање на оваа неформална парламентарна група чија улога е да се застапува за заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, со цел градење на општество во кое сексуалната дискриминација и родовиот идентитет нема да претставуваат пречка за остварување на човековите права и слободи.

На почетокот групата броеше 6 члена, но со приклучувањето на пратеници во изминатиот период, во нејзиното основање учествуваа 13 пратеници од различни политички партии и независни пратеници, а истата понатаму останува отворена за вклучување на секој пратеник, кој сака да допринесе за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата.

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата во Собранието на Република Македонија на **23 февруари 2018** година одржа конститутивна седница. За координаторка беше едногласно избрана пратеничката Маја Морачанин од ДОМ, а за заменик координаторот Павле Богоевски. Во групата членуваат 14 пратеници од различни политички партии и независни пратеници: Маја Морачанин од Демократска обнова на Македонија, Бранко Маноиловски од Демократска унија за интеграција, Лилјана Поповска од Демократска обнова на Македонија, Ирена Стефоска, Ивана Туфегџиќ и Никица Корубин независни пратенички, Јагода Шахпаска, Александар Кирацовски, Славица Шуманска - Митева и Снежана Калеска Ванчева од Социјалдемократски сојуз на Македонија, Јулиана Николова од Либерално демократска партија и Соња Мираковска од Нова социјалдемократска партија. Нола Исмајлоска Старова од независната пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ и во групата се приклучи пратеникот Самка Ибраимоски од ПЦЕР. На пратеникот Павле Богоевски, кој беше заменик координатор на групата му беше констатиран престанок на мандатот на 102. седница одржана на 11 јуни 2019 година.

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата има свој основачки документ кој содржи образложение, мисија, цели и приоритетни полиња на работа.

**Активности**

Пратениците, членови на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата, Маја Морачанин, Павле Богоевски, Лилјана Поповска, Славица Шуманска Митева, Јагода Шахпаска, Снежана Калеска Ванчева и Емилија Александрова учествува на **студиска посета во Холандија**, во перодот од 13 – 16 март 2019 година. Учество зедоа и претставници од невладините организации, Министерството за труд и социјална политика и од холандската амбасада. Целта на посетата беше презентирање на најдобрите парламентарни пракси за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, како и размена на искуства за подигање на свеста за ненасилство, спречување на говор на омраза и дискриминација. Студиската посета беше организирана од ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, во рамките на проектот „Собранието и локалната самоуправа во унапредувањето на правата на ЛГБТИ луѓето", а поддржана од Амбасадата на Кралството Холандија.

По повод одбележување на Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија на "Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата" на 17 мај 2019 година и беше доделена **наградата за поддржувач на годината**. Иницијатор на оваа идеја е Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија, а свеченото доделување на наградата се одржа во Сала „Борис Трајковски" во Собранието на Република Северна Македонија. Покрај членовите на "Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата" на средбата присуствуваа пратеници на Собранието на Република Северна Македонија, претставници на дипломатскиот кор, организациите членки на Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија и медиумите.

Пратениците, членови на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата, Ивана Туфегџиќ, Јагода Шахпаска, Јулиана Николова, Нола Исмајлоска Старова, Снежана Калеска Ванчева и Самка Ибраимоски на 31 мај 2019 одржаа **состанок со Стајн Рунар Остигард – Координатор на меѓународната програма на Парадата на гордоста во Осло** и со Антонио Михајлов од Субверзивен Фронт. Целта на неговата посета беше да ги сподели искуствата во организацијата на Парада на гордоста во Осло, Норвешка во изминатите 40+ години. Овие искуства секако ги вклучуваат поддршката и вклученоста на локалната власт во Осло, како и централната и законодавната власт во Норвешка во организацијата на Парадата на гордоста во Осло, препознатлива по својата разновидна и инклузивна програма.

- **Новогодишно Интервју** за Собраниски канал ( 30 декември 2019 година);
- **Интервју за** Канал 5 ( 30 декември 2019 година);
- **Интервју за** ТВ Клан ( 30 декември 2019 година);
- **Доделување** на новогодишни пакетчиња за децата на пратениците и службата (30 декември 2019 година);

## СЕДНИЦИ

79. Среда, 11 декември 2019 година, 11:00ч – Седница бр. 126
80. Четврток, 12 декември 2019 година, 12:00ч - Седница бр. 123
81. Понеделник, 16 декември 2019 година, 13:00ч - Седница бр. 125
82. Вторник, 17 декември 2019 година,12:00ч - Седница бр.123
83. Среда, 17 декември 2019 година, 12:00ч- Седница бр.122
84. Среда, 17 декември 2019 година, 12:45ч - Седница бр.123
85. Среда, 17 декември 2019 година, 13:00ч - Седница бр. 125
86. Четврток, 19 декември 2019година, 12:00ч - Седница бр. 125
87. Петок, 20 декември 2019 година, 12:00ч - Седница бр.125
88. Понеделник, 23 декември 2019 година, 11:00ч - Седница бр.126
89. Вторник, 24 декември 2019 година, 11:00ч - Седница бр.126
90. Среда, 25 декември 2019 година, 12:00ч - Седница бр.116
91. Среда, 25 декември 2019 година, 12:15ч - Седница бр.123
92. Среда, 25 декември 2019 година, 12:30ч - Седница бр.126
93. Четврток, 26 декември 2019 година, 11:00ч - Седница бр.124
94. Петок, 27 декември 2019 година, 11:00ч - Седница бр.126
95. Петок, 27 декември 2019 година, 12:00ч - Седница бр.123

## КООРДИНАЦИИ

1. Понеделник, 02 декември 2019 година.,10:00ч- Координација бр. 32
2. Вторник, 10 декември 2019 година, 10:00ч - Координација бр. 33
3. Вторник, 17 декември 2019 година, 10:00ч - Координација бр. 34
4. Понеделник, 23 декември 2019 година 10:00- Координација бр. 35

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВА

1. Петок, 06 декември 2019 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 27
2. Петок, 13 декември 2019 година, 10:00ч - Работен состанок бр. 28
3. Петок, 27 декември 2019 година, 09:30ч - Работен состанок бр. 29

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 4 |
| Мултилатерални активности | 0 |
| Други активности | 23 |
| Координации | 4 |
| Претседателства | 3 |
| Седници | 17 |

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 98 |
| Мултилатерални активности | 29 |
| Други активности | 144 |
| Координации | 33 |
| Координации за деловник | 6 |
| Претседателства | 28 |
| Седници | 95 |



# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

*Собранието на Република Северна Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.*

*Собранието од редот на пратениците избира претседател и потпретседатели на Собранието.*

*Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието.*

*Потпретседателите се избираат од редот на пратениците кои припаѓаат на различни политички партии застапени во Собранието.*

*Еден од потпретседателите се избира од редот на пратениците кои припаѓаат на политичката партија застапена во Собранието која е најголема опозициска партија.*

*Процедурата за предлагање на кандидати за потпретседатели е ист како и предлагањето на претседателот.*

*За потпретседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.*

*Ако за потпретседател се предложени повеќе кандидати од бројот кој се избира, а не е избран предвидениот број, ќе се повтори гласањето за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани и тоа меѓу кандидатите кои добиле најголем број гласови.*

*Ако и при повторното гласање не е избран предвидениот број на потпретседатели, се повторува постапката за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани.*

*Ако се предложени онолку кандидати колку што е потребно да се изберат, а не е избран предвидениот број, се повторува целата изборна постапка за оној број потпретседатели кои не се избрани.*

*Во текот на 2019 година, по оставката на потпретседателот Весел Мемеди на 114-та седница на 9 јули на 116-та седница одржана на 13 ноември 2019 година за нов потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија беше избран Зеќир Рамчиловиќ.*

## ➢ Потпретседател Горан Мисовски

***1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Горан Мисовски потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на Нова Социјалдемократска партија (НСДП).

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Северна Македонија.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието, (каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови).

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела, и тоа како член на Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, заменик член на Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана и во Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Заменик член е и во Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ).

Во однос на билатералната соработка на Собранието на Република Северна Македонија член е во Пратеничките групи на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, со Парламентот на Јапонија и со Парламентот на САД

Исто така, е член и истовремено претседавач со Управувачкиот совет на Парламентарниот институт .

**2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници**

- Средба со Г-дин Ришард Парлецки, заменик претседател на Полскиот Сејм 21 (21 март 2019);
- Средба со Неговото Височество Принцот Едвард Грофот од Весекс (16 мај 2019);
- Средба со Генералниот Секретар на НАТО Јенс Столтенберг во Собрание на Република Северна Македонија (3 јуни 2019);
- Средба со претседателот на Европскиот парламент Н.Е. Давид Мариа Сасоли (6 ноември 2019);
- Средба со Жак Крабал парламентарен генерален секретар на Франкофонијата и на француски пратеник од партијата на претседателот Емануел Макрон (21 декември 2019);
- Средба со Претседателот на Големото Турско Национално Собрание на Република Турција Мустафа Шентоп (22 декември 2019);
- Средба со конгресменот Дарин Лахоод (22 декември 2019);

- Meeting at the US Department of State Washington DC (24 декември 2019);
- Meeting with U.S. Department of the TreasuryWashinghton DC (25 декември 2019);
- ИРИ (Интернационален Републикански Институт) Washighton D.C (26 декември 2019);

**3. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми**

- Постоење на Државниот Завод за ревизија 20 години (29 март 2019);
- Миса на папата Франциск (7 мај 2019);
- Обраќање на Генералната Комисија за правда, внатрешни работи и безбедност соработка на Парламентарно Собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (11 мај 2019);
- Инаугурација на Новиот Пртеседател на Република Северна Македонија (12 мај 2019);
- Презентација на извештајот на Е.К За напредокот на РСМ (29 мај 2019);
- Дијалог Жан Моне 2 со Европратениците Вајгел, Кукан и Евроамбасадорот Жбогар (24 јуни 2019);
- Меѓународен Фолклор Битфест Илинденски денови Битола (28 јуни 2019);
- Македонско-Германски Форум, Улогата на Собранието во пристапниот процес на РСМ и релациите на Европскиот Парламент (2 ноември 2019);
- Панел Дискусија по повод 70-годишнината на советот на Европа на тема Подобрување на пристапот на обештетување на жртвите на трговија со луѓе и родово засновачко насилство (4 ноември 2019);
- Состанок на советодавниот комитет на програмата за парламемент подршка со амбасадорските на Швајцарија и Шведска и со директорот и претставниците на НДИ (9 ноември 2019);
- Положување цвеќе на Партизанските гробишта во Бутел 11 Октомври Ден на Народно Востание (11 ноември 2019);
- Положување на цвеќе по повод 75 год од денот на ослободување на Град Скопје споменикот на Генерал Михајло Апостолски на партизанските гробишта во Бутел (13 ноември 2019);
- 28 години Независност - Собрание на Република Северна Македонија (6 декември 2019);
- Граѓанска иницијатива за подигање на свеста кај граѓаните за правилно одлагање на отпадот и грижљ за животната средина(14 декември 2019).

## ➢ Потпретседател Весел Мемеди (до 9 јули 2019)

***1. Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Весел Мемеди, функцијата потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија која ја извршуваше до 9 јули кога поднесе оставка, доаѓаше од редовите на партијата Национална Демократска Преродба (НДП).

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија редовно учествуваше на состаноците на претседателството на Собрание на Република Северна Македонија. Има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Северна Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања поврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Република Северна Македонија,

Како пратеник редовно учествуваше на сите пленарни седници на Собранието на Република Северна Македонија,

Оствари бројни активности како заменик член на национален совет за евроинтеграции на Собранието на Република Македонија, Заменик-претседател на комисија за европски прашања и како член во работата на Законодавно-правна комисија, комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците заменик-член, Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот заменик-член, комисија за финансирање и буџет заменик-член, комисија за образование, наука и спорт заменик-член.

Беше член на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланското договорна организација (ПС НАТО).

Беше активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Индонезија и на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел.

**2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници**

- Средба со Ненад Живкович ( јануари 2019);
- Пречек на претседателот на парламентот на Црна Гора (јануари 2019);
- Средба со Високи советници на ОБСЕ (март 2019);
- Средба со делгација од Парламентот на Косово (21 март 2019) и
- Средба до г-дин Дерек М (мај 2019).

**3. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми**

- Студиска посета на НАТО (февруари 2019);
- Посета на поткомитетот за транзиција и развој на ПС НАТО, на РЦМ (14 март 2019);
- Учество на состанок на постојаниот Комитет на ПС НАТО, Загреб, Хрватска (од 29 до 31 март 2019);
- Посета на Парламентот на Полска, пленарна седница, ратификација на Потоколот за членство на РС Македонија во НАТО (април 2019) и
- Учество на 99 РОС –РОТ семинар (април 2019).

## ➢ Потпретседател Зеќир Рамчиловиќ (од 13 ноември 2019)

***1. Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Зеќир Рамчиловиќ, потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, независен пратеник.

Како потпретседател на Собранието на Р.С.Македонија редовно учествува на состаноците на претседателството на Собранието на Република Северна Македонија. Има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Северна Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања поврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби со пратеничките групи во Собранието на Република Северна Македонија;

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Северна Македонија;

Има остварено бројни активности како заменик член во комисија за труд и социјална политика и во комисија за еднакви можности на жените и мажите и како член во работата на комисијата за образование, комисијата за локална самоуправа и како член во Комитетот за односи меѓу заедниците;

Заменик член на Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација;

Активен член е во пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Косово и претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина и

Член е на Интер партиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп (ИППГ).

***2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници***

- Средба со делегацијата на Бошњачкиот национален совет од Република Србија. Делегацијата беше предводена од Претседателката на советот Јасмина Цуриќ (17 декември 2019) и
- Средба со делегацијата на Големото Национално Собрание на Република Турција предводена од претседателот Мустафа Шентоп (21 декември 2019).

***3. Учество на конференции и други меѓународни средби и настани***

- Учество на обука за пост законодавен надзор на HUGEN мрежата за западен Балкан во организација на Westminster фондацијата, Белград, Република Србија (од 18 до 22 ноември 2019);
- Учество на свечената академија по повод културно – научната манифестација Денови на азбуката (22 ноември 2019);
- Учество како дел од делегацијата на Владата на Република Северна Македонија предводена од претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, по повод доделување на меѓународната награда „ИСА Бег Исхаковиќг, Сараево, Босна и Херцеговина (27 ноември 2019);
- По покана на Исламската Верска Заедница на РСМ, присуствуваше на свеченото отварање на Али Пашината џамија во Охрид (28 ноември 2019);
- Учество на манифестацијата „Наша баштина је дио нас", односно изложбата на експонатите на бошњачката култура и традицијата организирана од страна на здружението ЕДУ – НИСА (1 декември 2019);
- Учество на Конференција „Можности за регионална интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија", УЕФМ, Скопје/Хотел DoubleTree by Hilton, (15 декември 2019);
- Учество на свечената академија по повод в21 декември - Ден на наставата на турски јазикг (21 декември 2019);
- Улогата на Собранието на РСМ во пристапувањето во НАТО, Конференција "Идните чекори после пристапувањето во НАТО", МААА и УЕФМ, Делегација на ЕУ во Скопје, (30 декември 2019) и
- Како и голем број средби и работни средби со министри, заменици министри на Владата на Република Северна Македонија, амбасадори, директори на институциите во РСМ и прием на голем број граѓани на Република Северна Македонија.

## ➢ Потпретседател Фросина Ташевска Ременски

***1. Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Северна Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Проф. д-р. Фросина Ташевска Ременски, потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, доаѓа од редовите на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ).

Како потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на

Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Редовно, како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Република Северна Македонија,.

Од редовите на потпретседателите на Собранието на Република Северна Македонија,, избрана е за претседател на Буџетскиот совет на Собранието преку кој се реализирани низа активности кои се во надлежност на Буџетскиот совет, а се однесуваат на непреченото функционирање на Собранието на Република Северна Македонија,.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието, каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови.

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела, и тоа како член на Комисија за одбрана и безбедност и Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, и заменик-претседател на Законодавно-правната комисија.

Активен член е на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија и Пратеничка група на Собранието на Република Северна Македонија, за соработка со Парламентот на Република Словенија, и исто така е заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија, во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ).

Претседава со Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (ИППГ), преку која се овозможува разгледување на прашања од законските рамки и иницијативи, со цел подобрување на состојбата во општеството на лицата со посебни потреби, преку подобрување на правата на овие лица.

***2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници***

- Работна посета на Делегацијата на Поткомитетот за транзиција и развој на ПС на НАТО, Скопје-Собрание, 14-15 март 2019 година;
- УСредба со работната група на Советот на Европската Унија за Западен Балкан, Скопје - Собрание 28 март 2019 година;
- Посета на Делегацијата ко-известители на Мониторинг комисијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, Пост-мониторинг дијалог, Скопје - Собрание 28-30 мај 2019 година;
- Официјална посета на Делегацијата за социјални развојни работи-Комисија на Националниот народен конгрес на Н.Р. Кина, Скопје 5 јули 2019 година;

- Средба со Киммо Лахдевирта, нерезидентен амбасадор на Република Финска, Скопје 12 јули 2019 година;
- Посета на Тери Ен Велингтон, Сектор за политика на Амбасадата на САД-Средба со членовите на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија, Скопје 25 јули 2019 година;
- Посета на Давид Мариа Сасоли, Претседател на Европскиот Парламент, Скопје 5 ноември 2019 година;
- Посета на Нивес Тигањ, Амбасадорка на Република Хрватска, Скопје 3 декември 2019 година;
- Посета на Романска Делегација, предводена од Јоан Кристијан Киртен, претседател на Групата за пријателство на Република Северна Македонија во парламентот на Романија, 4 декември 2019 година и
- Средба со заменик-државен секретар на САД, Џон Ј. Саливан, Скопје 18 декември 2019 година.

***3. Учество на конференции и други меѓународни средби и настани***

- Стручна тркалезна маса „Примена на нови технологии во изборните процеси", Скопје, 17 јануари 2019 година;
- Молитвен појадок - Вашингтон, Соединети Американски Држави, 4 - 7 февруари 2019 година;
- Официјална посета на Република Словенија, Љубљана 10 - 12 февруари 2019 година;
- Практична вежба за надзор над разузнавачките служби и безбедносните служби, Велес 26-27 февруари 2019 година;
- Ратификација на Протоколот за пристап на Република Северна Македонија во НАТО, Загреб, Хрватска 1 март 2019 година;
- Работна посета на српскиот и шкотскиот парламент (Буџетска канцеларија) во Белград, Србија и Единбург, Шкотска 17-22 март 2019 година;
- Учество на конференција „Транспарентноста на Собранието како предуслов за вклученост на граѓаните - Добри практики од граѓанските организации во Велика Британија", Скопје 26 март 2019 година;
- Жан Моне Дијалог, Скопје - Собрание 17-19 мај 2019 година;
- Учество на специјален семинар "Следните чекори кон НАТО", Скопје 29-30 мај 2019 година;
- Студиска посета во Парламентот во Виена, Република Австрија, 5-8 јуни 2019 година;
- Учество на Конференција „Безбедноста на класифицирани информации, основни поими и нормативи", Скопје 19 јуни 2019 година;
- Жан Моне Дијалог на тема „За мир и демократија", Скопје 21-23 јуни 2019 година;
- Конференција-Женски парламентаризам, Презентација на извештајот за самооценката на родовата сензитивност на Собранието, Скопје 25 јуни 2019 година;

- Учество на Вториот меѓународен форум „Развој на парламентаризам" на иницијатива на Државната Дума на Федералното Собрание на Руската Федерација, Москва 30 јуни - 3 јули 2019 година;
- Официјална посета на покана од Дејвид Прајс, претседавач на Претставничкиот Дом на Соединетите Американски Држави, Вашингтон, 15-20 јули 2019 година;
- Промоција на прирачник за „Меѓународното хуманитарно право" за парламентарци, Скопје 1 ноември 2019 година и
- Работилница за заштита на безбедност на класифицирани информации и лични податоци, Скопје 15 ноември 2019 година.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Северна Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени осум државни службеници и сите се со високо образование.

Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 мај 2014 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Северна Македонија кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието на Република Северна Македонија формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на ПСЈИЕ и ПС на Медитеранот.

Врз основа на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" број 88/04), се основа и Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПСФ, и во овој мандат е формирана Секција на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана 4 септември 2017 година донесе Одлука за основање на пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави. Во Собранието на Република Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави и тоа со: Република Австрија, Република Албанија, Австралија и Нов Зеланд, Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Република Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија, Канада, Народна Република Кина, Република Косово, земјите од Латинска Америка и од Карибите, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Португалската Република, Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Украина, Република Унгарија, Република Финска, Француската Република, Кралството Холандија, Република Хрватска, Црна Гора, Чешката Република, Швајцарската Конфедерацијата, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Северна Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Северна Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Северна Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Северна Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Северна Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Северна Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Северна Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно координирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Северна Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Бетиане Китев
**Членови:** г. Никола Поповски
и г-ѓа Шпреса Хадри
**Заменици-членови:** г. Антонијо Милошоски,
г-ѓа Фросина Ташевска Ременски
и г. Африм Гаши.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и слично) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 членови, од кои 318 се членови, а 318 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и извесен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Северна Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

Од 21 до 25 јануари 2019 г. во Стразбур, Француска Република, се одржа 1. дел на редовната сесија за 2019 г., на која учествуваа: г. Бетиане Китев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Шпреса Хадри, член, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

Од 8 до 12 април 2019 г., во Стразбур, Француска Република, се одржа 2. дел на редовната сесија за 2019 г., на која учествуваа: г. Бетиане Китев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Шпреса Хадри, член и г. Антонијо Милошоски, заменик-член, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

На состанокот на Постојаниот комитет во Париз, Франција, што се одржа на 24 мај 2019 г., учествуваше пратеникот г. Бетиан Китев, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Од 23 до 28 јуни 2019 г. во Стразбур, Француска Република, се одржа 3. дел на редовната сесија за 2019 г., на која учествуваа: г.Никола Попоски, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На 10 септември 2019 г. во Париз се одржа седница на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа на која учествуваа шефот на Делегацијата г. Бетиан Китев и членот на Делегацијата, г. Никола Попоски, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Од 30 септември до 4 октомври 2019 г. во Стразбур, Француска Република, се одржа 4. дел на редовната сесија за 2019 г., на која учествуваа: г. Бетиан Китев, шеф на делегацијата, г. Никола Попоски и г-ѓа Шпреса Хадри, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Шефот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Бетиан Китев, од 13 до 14 ноември 2019 г. учествуваше во работата на Мониторинг комисијата на Советот на Европа, како и на Конференцијата на тема: „Човековите права и демократијата во дигиталното време: како да се заштитат личните податоци и како да се одговори на онлајн говорот на омраза и дезинформациите?г, организирана од Делегацијата на Националното собрание на Република Франција во Советот на Европа. Во придружба беше г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

Пратеничката г-ѓа Шпреса Хадри, во својство на член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, учествуваше на состанокот на Комисијата за култура, наука, образование и медиуми, кој на 5 и 6 декември 2019 година се одржа во Париз, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Шефот на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Бетиан Китев, на 11 декември 2019 г. учествуваше во работата на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Париз, Француската Република,

во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата и

На редовниот годишен состанок на секретари на делегации, што се одржа на 13 декември 2019 г. во Париз, Француската Република, учествуваше г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Владимир Ѓорчев
**Членови:** г-ѓа Јагода Шахпаска и г. Реџаил Исмаили
**Заменици-членови:** г. Антонијо Милошоски, г.Александар Кирацовски и г. Фадил Зендели

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии,** кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

### Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година

На Зимската сесија на Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), што се одржа од 20 до 22 февруари 2019 година во Виена, Република Австрија учествуваше Делегацијата на Собранието на Република

Северна Македонија во ПС на ОБСЕ, во состав: г. Владимир Ѓорчев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Јагода Шахпаска и г. Реџаиљ Исмаили, членови на Делегацијата, во придружба на г.Лиман Авдиу, ко-секретар на Делегацијата и

На 28. Годишна сесија на ПС на ОБСЕ, што се одржа од 4 до 8 јули 2018 година во Луксембург учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на ОБСЕ во состав: г. Владимир Ѓорчев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Јагода Шахпаска и г. Реџаиљ Исмаили, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери
**Членови:** г. Диме Велковски,
г. Јован Митревски, г-ѓа Даниела Рангелова,
г. Димитар Стевананџија, г. Африм Гаши
и г. Ејуп Алими

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни органи-зации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 179 национални парламенти, а 12 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Северна Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Северна Македонија се основа Делегација на

Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

Од 4 до 6 март 2019 година, на покана на Британската група во Интерпарламента-рната унија, Делегација од Собранието на Република Северна Македонија го посети Долниот дом на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Делегацијата беше во состав: г. Диме Велковски, г-ѓа Шпреса Хадри, г. Африм Гаши, г. Владимир Ѓорчев и г. Сурија Рашиди, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата на Собранието во ИПУ.

Делегација на Собранието на Република Северна Македонија учествуваше на 140. Собрание на Интерпарламентарната унија (ИПУ), што се одржа од 6 до 10 април 2019 година во Доха, Катар. Делегацијата ја сочинуваа: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија и шеф на Делегацијата, г. Диме Велковски, г. Димитар Стевананџија, г. Ејуп Алими, г. Африм Гаши и г-ѓа Јулиана Николова, членови на Делегацијата, г-ѓа Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија, во придружба на г.Илир Селмани, шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието и г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата.

Делегација на Собранието на Република Северна Македонија учествуваше на 141. Собрание на Интерпарламентарната унија (ИПУ), што се одржа од 13 до 17 октомври 2019 година во Белград, Република Србија. Делегацијата ја сочинуваат: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија и шеф на Делегацијата, г. Диме Велковски, г. Димитар Стевананџија, г. Агим Шаќири и г-ѓа Јулиана Николова, членови на Делегацијата и г-ѓа Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија, во придружба на г. Илир Селмани, шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието, г-ѓа Билјана Огненовска, ко-секретар на Делегацијата и претставници од Кабинетот на ПСРСМ.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:**г. Фадил Зендели

**Членови:** г-ѓа Елизабета Канчевска Милевска и г-ѓа Мирсада Емини Хасани

**Заменици-членови:** г. Љупчо Димовски, и г. Горан Мисовски

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР

Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

На 5 февруари 2019 г. во Собранието се одржа средба на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ) со г. Роберто Антоњоне, генерален секретар на ЦЕИ. На средбата присуствуваа шефот на Делегацијата, г.Фадил Зендели и членовите г-ѓа Елизабета Канчевска-Милевска и г-ѓа Мирсада Емини-Асани и

На редовната сесија на Парламентарното собрание на ПД-ЦЕИ, која се одржа на 11 ноември 2019 г. во Рим, Италија, земја- претседавач со ЦЕИ за 2019 година, учествуваше делегацијата на ПД-ЦЕИ на Собранието на Република Северна Македонија, предводена од претседателот на Делегацијата, г. Фадил Зендели и г-ѓа Мирсада Емини Асани, член на Делегацијата, во придружба на г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г. Илија Димовски

**Членови**: г-ѓа Катерина Кузмановска, г. Весел Мемеди (до 9 јули 2019 г.)

**Заменици-членови:** г. Костадин Костадинов, г. Емил Димитриев и г. Африм Гаши

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци **од 29 земји членки** на Алијансата на НАТО и **14 нејзини асоцијативни членки**. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се

обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабрување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки и
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 266 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици на членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

На покана на ПС на НАТО, а во заедничка организација со НАТО и SHAPE, од 3 до 5 февруари 2019 година во Брисел, Кралството Белгија, во Студиска посета на Штабот на НАТО и SHAPE учествуваше делегација од Собранието на Република Северна Македонија во состав: од Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО: г.Илија Димовски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Катерина Кузмановска и г. Весел Мемеди (потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија), членови на Делегацијата; од Комисијата за одбрана и безбедност: г. Хари Локвенец, претседател на Комисијата, г.Илија Николовски, заменик-претседател, г.Емил Димитриев и г. Џеват Адеми, членови на Комисијата; од Комисијата за надворешна политика: г-ѓа Ане Лашкоска, г.Африм Гаши, г-ѓа Емилија Александрова и г-ѓа Шпреса Хадри, членови на Комисијата, во придружба на административните службеници г-ѓа Ана

Качакова, секретар на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО и г. Петар Митковски, советник на Комисијата за одбрана и безбедност.

На покана од ПС на НАТО, на заедничките состаноци на Комитетите на ПС на НАТО со Северноатлантскиот совет (NAC), кои се одржаа од 18 до 20 февруари 2019 година во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа пратениците г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО и г. Весел Мемеди, потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија и член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

На седницата на Хрватскиот сабор, на 1 март 2019 година во Загреб, на која се ратификуваше Пристапниот протокол за членство на РС Македонија во НАТО присуствуваа г.Илија Димовски, шеф на Делегацијата и г-ѓа Фросина Ташевска Ременски, потпретседател на Собранието.

На состаноците на Политичкиот комитет и Комитетот за цивилна димензија на безбедноста на ПС на НАТО, кои се одржаа од 4 до 6 март 2019 година во Атина, Република Грција, учествуаа пратениците: г.Илија Димовски, шеф на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО и г-ѓа Катерина Кузмановска, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

На 14 и 15 март 2019 година, во Република Северна Македонија престојуваше Делегација од Поткомитетот за транзиција и развој на Комитетот за економија и безбедност на Парламентарното собрание на НАТО, предводена од потпретседателот на Комитетот, г. Матео Луиџи Бианки (Италија). Во Делегацијата беа и г-ѓа Ошрин Армонаите (Литванија), известител за РС Македонија и г. Осман Ашкин Бак (Турција), потпретседател на ПС на НАТО, како и пратеници од Франција, Италија, Црна Гора, Португалија и Словенија. Делегацијата, во рамките на нејзината посета, имаше можност да оствари средби со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, со Делегацијата од Собранието во ПС на НАТО, со претседателот на Владата г. Зоран Заев, потпретседателката на Владата и министерка за одбрана г-ѓа Радмила Шеќеринска, министерот за надворешни работи г. Никола Димитров, министерот за економија г. Крешник Бектеши, како и со Амбасадорите на земјите членки на НАТО, со Амбасадорот на ЕУ г. Самуел Жбогар, како и со претставници на Центарот за истражување и креирање политики. Беше одржана и тркалезна маса со потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи и членовите на Комисијата за одбрана и Комисијата за надворешна политика.

На седницата на Постојаниот комитет на ПС на НАТО, што се одржа од 29 до 31 март 2019 година во Загреб, Република Хрватска, од Собранието на Република Северна Македонија учествуваше г. Весел Мемеди (потпретседател на Собранието) и заменик-шеф на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

На 4 април 2019 година на седницата на Претставничкиот дом на Полскиот парламент (Сејм) на која се ратификуваше Пристапниот протокол за членство на РС Македонија во НАТО присуствуваа пратениците: г. Весел Мемеди, член на Делегацијата и потпретседател на

Собранието, г. Ристе Ташев и г. Зеќир Рамчиловиќ.

На 99. Рос-Рот семинар на ПС на НАТО, што се одржа од 12 до 14 април 2019 година во Анталија, Република Турција, од Собранието на Република Северна Македонија учествуваа пратениците: г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО, г-ѓа Катерина Кузмановска и г. Весел Мемеди (потпретседател на Собранието), членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

Во организација на "Џорџ Ц. Маршал" центарот за стратегиски и безбедносни студии, во Собранието на Република Северна Македонија на 30 и 31 мај се одржа дводневен Специјален семинар за Република Северна Македонија на тема „Следните чекори кон НАТО", на кој учествуваа пратеници од Собранието, претставници од Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, експерти од НАТО и други организации.

На пролетната сесија на ПС на НАТО, што се одржа од 31 мај до 3 јуни 2019 година во Братислава, Словачката Република, учествуваше Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО, предводена од пратеникот г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата и членовите на Делегацијата пратениците г-ѓа Катерина Кузмановска и г.Весел Мемеди, потпретседател на Собранието.

Со свечен прием во Собранието на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието na Република Северна Македонија г. Талат Џафери, на 2 јуни 2019 година им посака добредојде на генералниот секретар на НАТО г. Јенс Столтенберг и на Северноатлантскиот совет на НАТО, кои престојуваа во дводневна посета на земјава. Генералниот секретар Столтенберг ја предводеше делегацијата од 29 амбасадори на земјите членки на НАТО. Со посетата на Генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг и на Северноатлантскиот совет, пред Собранието на Република Северна Македонија на 3 јуни 2019 г. и официјално беше поставено знамето на Алијансата.

Во рамките на вежбата „Одлучен удар", на 17 јуни 2019 година на Армискиот полигон Криволак беше организиран Отворен ден за високи гости и медиуми, на кој беа презентирани офанзивни операции на пешадиската баталјонска група на Македонската армија. Членови на Комисијата за одбрана и безбедност и на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС НАТО, на покана на замена̀чката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерка за одбрана, г-ѓа Радмила Шеќеринска, учествуваа на Денот за високи гости на вежбата „Одлучен удар" на АП Криволак, Република Северна Македонија.

Во организација на Центарот за безбедносни студии "Џорџ Ц.Маршал", од 17 до 19 септември 2019 година во Гармиш Партенкирхен, СР Германија, се одржа Специјализиран семинар за членовите на Работниот комитет за интеграција на Република Северна Македонија во НАТО, на тема вСеверна Македонија во НАТО: следни чекориг, на кој учествуваше г-ѓа Ана Качакова, член на Работниот комитет од Собранието на Република Северна Македонија.

На 65. Годишна сесија на Парламентарното Собрание на НАТО, што од 11 до 14 октомври 2019 година се одржува во Лондон, Обединетото Кралство, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија предводена од пратеникот г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата и заменик-членот на Делегацијата, г. Африм Гаши, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

Во рамките на редовните активности на ПС на НАТО, Делегација од Комитетот за цивилна димензија на безбедноста, оствари средби со високи претставници на Француската Република и Советот на Европа, од 4 до 7 ноември 2019 година во Париз и Стразбург. Од Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на НАТО, учествуваа пратениците г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата и г-ѓа Катерина Кузмановска, член на Делегацијата, во придружба на ко-секретарот на Делегацијата, г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска.

Во рамките на редовните заседанија на ПС на НАТО, на Годишниот 19. Трансатлантски парламентарен форум, што во заедничка организација на ПС на НАТО и Атлантскиот совет се одржа од 9 до 11 декември 2019 година во Вашингтон, САД, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија предводена од пратеникот г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата и заменик-членот на Делегацијата г.Африм Гаши, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Емил Димитриев
**Членови:** г. Енес Ибраим, г-ѓа Теута Биљали
**Заменици-членови:** г. Чедомир Саздовски, г-ѓа Мира Стојчевска и г. Агим Шаќири

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како сукцесор на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно член 6 став 1 од Статутот, "Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Македонија, Португалија и Сан Марино, по барање, се *ex officio* членови на Собранието".

Земји членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Македонија, Малта, Мавританија, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Романија, Србија, Словенија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција

и Црна Гора. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а набљудувачи се: Арапската ИПУ, Медитеранската фондација, Лигата на арапски држави, Консултативниот совет на МАГРЕБ, ПАБСЕК, УНЕСКО, Светската метеоролошка организација и неколку медитерански иницијативи (EMUNI, MEDREG, PUIC, СТВТО, Унија за Медитеранот).

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до оние заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Во текот на еден краток период, ПСМ се етаблира како главен актер во парламентарната дипломатија во регионот и нејзината посветеност на основачките принципи и повелба е загарантирана со континуираната поддршка на сите парламенти кои се нејзини членови. Преку ПСМ, политичкиот дијалог и разбирање меѓу земјите-членки и нивните граѓани континуирано се зајакнува. Собранието на Република Северна Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

На 13. сесија на ПС на Медитеранот, што се одржа на 25 февруари 2019 г. во Белград, Република Србија, учествуваше Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПСМ во состав: г. Емил Димитриев, шеф на Делегацијата и г. Чедомир Саздовски, член на Делегацијата, во придружба на г. Глигор Стоименов, ко-секретар на Делегацијата.

Во рамките на Конференцијата на Парламентарното Собрание на Медитеранот (ПСМ), што се одржа од 19 до 21 јуни 2019 година во Анкара, Република Турција свое учество имаше и парламентарната делегацијата на ПСМ на Собранието на Република Северна Македонија во состав: г. Емил Димитриев, шеф на Делегацијата и г. Чедомир Саздовски, член на Делегацијата, во придружба на г. Глигор Стоименов, ко-секретар на Делегацијата.

Во рамките на Конференцијата на Парламентарното собрание на Медитеранот и Специјалниот комитет за антитероризам кој функционира како составен дел на Постојаниот комитет за политичка и безбедносна соработка на ПСМ, што на 2 декември 2019 г. се одржа во Рим, Италија, своe учество имаше и парламентарната делегација на ПСМ на Собранието на Република Северна Македонија, во состав: г. Емил Димитриев, шеф на Делегацијата и г. Чедомир Саздовски, член на Делегацијата, во придружба на г. Глигор Стоименов, ко-секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г. Џеват Адеми
**Членови на Делегацијата:** г. Ферид Мухиќ, г-ѓа Весна Дамчевска Илиевска и г-ѓа Никица Корубин.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, коишто се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на образованието и комуникациите во франко-фонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 83 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат: четири комисии (за политички прашања; за образование, комуникации и културни прашања; за соработка и развој и за парламентарни прашања), четири регионални собранија (Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа), Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата е основана во јануари 2001 година. Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 18 октомври 2017 година. Секцијата брои 10 членови, Бирото на Секцијата пет членови, а Делегацијата четири членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

На 21 март 2019 г. во Брисел, Кралството Белгија, се одржа Конференција на Парламентарното собрание на Франкофонијата - Регион Европа (ПСФ - Регион Европа), на која учествуваше г.Ферид Мухиќ, пратеник и потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), во придружба на г. Лиман Авдиу, административен секретар на Делегацијата.

Од 14 до 17 април 2019 г. во Атина, Република Грција, се одржа Конференцијата на претседатели на секции на ПС на Франкофонијата-Регион Европа, на која учествуваше г. Џеват Адеми, претседател на Секцијата, во придружба на г. Лиман Авдиу, административен секретар на Делегацијата.

Од 14 до 15 ноември 2019 година во Делемон, Швајцарија, се одржа Регионалното собрание Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) на која учествуваа г. Џеват Адеми, претседател и г-ѓа Весна Дамчевска-Илиевска, прв потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), во придружба на г. Лиман Авдиу, административен секретар на Делегацијата и

На 20 ноември 2019 г. во Собранието на Република Северна Македонија, Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, предводена од претседателот г.Џевад Адеми оствари средба со г. Жан Крабал, парламентарен генерален секретар на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г.Талат Џафери

**Членови:** г.Трајко Вељаноски, г.Хари Локвенец, г. Џеват Адеми, г-ѓа Теута Биљали

**Заменици-членови:** г.Јусуф Хасани, г-ѓа Анета Симоска Димоска, г-ѓа Сурија Рашиди и г. Фадил Зендели

Парламентарно собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и понатамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ,

потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

*Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

*Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката, внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

*Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

*Интензивирање на парламентарни-те дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондации.

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Северна Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии: Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сѐ заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

На Седницата на Комисијата за социјален развој, образование, истражување и наука на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 22 и 23 февруари 2019 година во Подгорица, Црна Гора, учествуваше пратеникот г. Фадил Зендели, заменик-член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана

Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа на 10 и 11 мај 2019 г. одржа седница во Собранието на Република Северна Македонија на тема „Борба против дезинформациите во Југоисточна Европа".

Пратеникот г.Џеват Адеми, член на Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), учествуваше на Шестата пленарна сесија на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 21 и 22 јуни 2019 година во Сараево, во рамките на Претседателството на Босна и Херцеговина со Процесот за соработка во Југоисточна Европа, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Копреседавач на МПК РМ-ЕУ:**
г-ѓа Соња Мираковска

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Северна Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Северна Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседатели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Северна Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Северна Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска унија - РСМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Северна Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Северна Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и

Владата на Република Северна Македонија, до Советот на Европската Унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Северна Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2019 година**

На 28 март 2019 година во Стразбур, Француска Република, се одржа 16. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Северна Македонија и Европска унија. На состанокот учествуваа пратениците: г. Горан Милевски, ко-претседавач, г-ѓа Соња Мираковска, г-ѓа Жаклина Лазаревска, г-ѓа Шпреса Хадри, г-ѓа Мерал Узеири Ферати, членови и пратеникот г. Никола Мицевски, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

17. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и Европска унија се одржа од 17 до 19 декември 2019 година во Стразбур, Француската Република. Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија беше во состав: г-ѓа Соња Мираковска, ко-претседавач и членовите г-ѓа Жаклина Лазаревска, г. Бетиан Китев, г.Никола Попоски, г-ѓа Шпреса Хадри, г-ѓа Ивана Туфегџиќ, г. Иван Стоилковиќ и г-ѓа Мерал Узеири Ферати, во придружба на г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар и -ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Во рамките на официјалната посета на Република Северна Македонија на г.Иван Брајовиќ, претседател на Парламентот на Црна Гора, на 23 јануари 2019 година се одржа средба на Лилјана Кузмановска, претседателка на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Црна Гора, и членовите на Пратеничката група.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Француската Република, на 24 јануари 2019 година во Собранието оствари средба со г-ѓа Лилијана Танги, пратеничка од француското Национално собрание, потпретседателка на Комисијата за европски прашања и Групата за пријателство Франција-Македонија, како и г. Жак Мер, потпретседател на Комисијата за надворешни работи на Националното собрание, кои беа во придружба на амбасадорот на Франција во Македонија, г. Кристијан Тимоние. Со средбата претседаваше претседателот на Групата, пратеникот г. Панче Иванов, а беа присутни и членовите-пратениците: г-ѓа Лидија Тасевска, г-ѓа Весна Дамчевска-Илиевска, г-ѓа Даниела Рангелова и г. Фадил Зендели.

Во рамките на официјалната посета на Република Словенија, што се реализираше на 11 и 12 февруари 2019 година, претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери и делегацијата составена од претседателката и членовите на Пратеничката група за соработка на Собранието на Република Македонија со Парламентот на Република Словенија, г-ѓа Фросина Ташевска Ременски, г-ѓа Нада Ципушева и г-ѓа Шпреса Хадри, оствари средби со: претседателот на Државниот збор на Република Словенија, г. Дејан Жидан, претседателот на Владата на Република Словенија, г. Марјан Шарец, претседателот на Република Словенија г. Борут Пахор и со Комисијата за прашања на Европската унија, Комисијата за одбрана и Групата за пријателство во Државниот збор на Република Словенија.

На 26 февруари 2019 година, во Собранието се оствари средба на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери со г-ѓа Натали Лоазо, министер за Европски прашања при Министерството за Европа и за надворешни работи на Република Франција. Дел од Делегацијата беа и г-ѓа Марта де Сидрак, претседател на групата Франција-Западен Балкан во Сенатот и г. Бертран Сор, пратеник од Националното Собрание, претседател на групата за пријателство Франција-Северна Македонија. На средбата беше присутен и пратеникот г. Панче Иванов, претседател на Пратеничката група за соработка на Собранието на Република Северна Македонија со Парламентот на Француската Република.

Во рамките на работната посета по повод ратификацијата на Пристапниот протокол за членство на Република Северна Македонија во НАТО, претседателот на Пратеничката група за соработка на Собранието на Република Северна Македонија со Парламентот на Романија, г. Панчо Минов, на 13 март 2019 година, во Романскиот парламент во Букурешт, оствари средба со г. Кристијан Јоан Киртеш, претседател на Група за соработка со Собранието на Република Северна Македонија.

На 21 март 2019 година, во Собранието на Република Северна Македонија потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Горан Мисовски и

Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Полска оствaрија средба со г. Ришард Терлецки, заменик-претседател на полскиот Сејм.

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, на 2 април 2019 година, во Собранието оствари средба со премиерот на Република Грција, г. Алексис Ципрас, кој беше во прва официјална посета на Република Северна Македонија. На средбата присуствуваше и г-ѓа Ирена Стефоска, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција.

На 10 април 2019 година, во рамките на официјалната посета Република Северна Македонија на г. Јан Хамачек, вице-премиер и министер за внатрешни работи на Чешката Република, во Собранието на Република Северна Македонија се одржа заедничка средба со претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламентот на Чешката Република и со претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност.

Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Данска на 17 мај 2019 година, во Собранието оствари средба со делегација од Данскиот парламент, предводена од меѓународниот секретар г.Кенет Финсен.

Делегација од Германскиот Бундестаг, предводена од претседателот на Парламентарната група, г. Јосип Јуратовиќ на 13 јуни 2019 година, во Собранието на Република Северна Македонија оствари средба со Пратеничката група за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија, како и со Комисиите за европски прашања и за надворешна политика.

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија година, Талат Џафери од 15 до 20 јуни 2019 година оствари официјална посета на Народна Република Кина. Во состав на делегацијата беа: потпретседателот г. Горан Мисовски, координаторите на пратеничките групи на СДСМ г. Јован Митрески, на ДУИ г. Ејуп Алими, на ВМРО-ДПМНЕ г. Никола Мицевски, претседателот на Пратеничката група за соработка со Народна Република Кина г-ѓа Владанка Авировиќ и генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија г-ѓа Цветанка Иванова, во придружба на г. Илир Селмани, шеф на Кабинет на ПСРСМ, г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Пратеничката група за соработка со Народна Република Кина и членови на Кабинетот на ПСРСМ.

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија г. Талат Џафери, на 25 јули 2019 година оствари средба со делегација на пратеници во Големото национално собрание на Република Турција од Добрата партија (Iyi Parti), предводена од координаторот на Пратеничката група г. Љутфу Туркан. На средбата присуствуваше г. Енес Ибрахим, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Турција.

Во рамките на официјалната посета на г. Мило Ѓукановиќ, претседател на Црна Гора на Република Северна Македонија, на 3 октомври 2019 година, во Собранието се одржа средба со претседателот на Собранието г. Талат Џафери. На средбата присуствуваа и пратениците од Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламентот на Црна Гора: г-ѓа Лилјана Кузмановска, претседател на Групата и членовите г. Благојче Трпевски и г-ѓа Мирсада Емини-Хасани.

По покана од г. Бертран Сор, претседател на Групата за пријателство Франција-Северна Македонија на Националното собрание на Француската Република, Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Француската Република во состав: г. Панче Иванов, претседател, г. Бетиан Китев, г-ѓа Лидија Тасевска, г. Никола Попоски, г-ѓа Весна Дамчевска-Илиевска, г-ѓа Даниела Рангелова и г. Фадил Зендели, членови на Пратеничката група, како и г. Лиман Авдиу, секретар на Групата, од 8 до 10 октомври 2019 година оствари возвратна работна посета на Националното собрание и Сенатот на Француската Република.

На 29 октомври 2019 година, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери и Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Турција, во состав: г. Енес Ибрахим, претседател; г.Амди Бајрам, г.Јусуф Хасани, г-ѓа Теута Биљали и г. Драган Цуклев, членови на Пратеничката група, во Собранието оствари средба со делегација од Стопанската комора на Македонија – Турција (МАТТО), предводена од претседателот на МАТТО, г.Ајдован Адемоски, а во чиј состав беа потпретседателот г.Есер Џевахир, замениците на претседателот - г. Имер Селмани и г.Турхан Адеми и извршниот директор г.Шахпаз Молалиев.

Пратеникот г. Бетиан Китев, претседател на Пратеничката група на Собранието на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Италија, на 1 ноември 2019 година, во Собранието оствари средба со г. Карло Ромео, амбасадор на Италија.

Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија во состав: г. Ејуп Алими, претседател на Пратеничката група, г-ѓа Ѓулумсер Касапи и г. Реџеп Мемеди, членови, на 19 ноември 2019 година, оствари средба со г-ѓа Мими Кодели, претседателка на Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Албанија.

На 3 и 4 декември 2019 година, во официјална посета на Република Северна Македонија престојуваше Романска делегација во состав: г. Јоан-Кристијан Киртеш, сенатор, претседател на Групата за пријателство со Република Северна Македонија во Парламентот на Романија и г-ѓа Мариана Венера-Попеску, пратеничка.

На 18 декември 2019 година, претседателката на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска, г-ѓа Даниела Рангелова, на барање на новоименувата хрватска амбасадорка г-ѓа Нивес Тигањ, оствари средба со хрватска трочлена делегација, предводена од г. Арсен Баук, претседател на Пратеничката група на Парламентот на Република Хрватска за пријателство со Собранието на Република Северна Македонија.

На 21 декември 2019 година, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија оствари средба со г. Мустафа Шентоп, претседател на Големото Народно собрание на Република Турција, кој престојуваше во работна посета на Република Северна Македонија. На средбата беа присутни и потпретседателите на Собранието г. Горан Мисовски и г. Зеќир Рамчиловиќ, претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција, г. Енес Ибрахим, и членовите: г. Алија Камберовски, г. Мухамед Зеќири, г. Никола Мицевски, г. Амди Бајрам, г. Јусуф Хасани и г-ѓа Теута Биљали.

## 6.3.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**Европски парламент/Европска Унија**

Во рамките на Австриското претседателство со Советот на Европската унија, на 29 јануари 2019 г. во Виена, Република Австрија, се одржа редовниот состанок на генерални секретари на парламентите на земјите-членки на Европската унија и на земјите-кандидати, на кој учествуваше Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Цветанка Иванова, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка.

Во рамките на Програмата за поддршка на парламентите од земјите на Западен Балкан и Турција, во организација на Европскиот парламент, на 30 јануари 2019 година во Брисел, Кралството Белгија, беше организирана Конференција на тема „Комуникација со граѓаните - како да се развие најдобра стратегија од Парламентотг, на која од Собранието на Република Северна Македонија учествуваа пратениците г. Павле Богоевски, г.Иван Иванов, г. Агим Шаќири и г. Зекир Рамчиловиќ, во придружба на г-ѓа Катерина Цаневска Арсовска, помошник-раководител на Сектор-Кабинет на ПСРСМ.

На Интерпарламентарната конференција на тема: "Економска стабилност, координација и владеење во Европската Унија", што се одржа во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија од 17 до 20 февруари 2019 година, учествуваа претседателката на Комисијата за финансирање и буџет, г-ѓа Лилјана Кузмановска и претседателот на Комисијата за економски прашања г. Горан Милевски, во придружба на г-ѓа Оливера Тренговска, советник на Комисијата за финансирање и буџет.

Во рамките на романското претседателство со Советот на Европската унија, на дводневната конференција на тема: „Иднината на ЕУ", што се одржа во Букурешт, Романија на 1 и 2 април 2019 година, учествуваше делегација на Собранието на Република Северна Македонија, во состав: г-ѓа Бети Рабаџиевска-Наумовска и г.Сашо Василевски.

Во рамките на Програмата за стажирање во Европскиот парламент, која веќе седма година по ред се реализира во организација на Одделението за претпристапни активности, за прв пат оваа година од Собранието на Република беа избрани двајца стажанти. Од 17 март до 27 април 2019 година, како стажант од Службата на Собранието на Република Северна Македонија учествуваше г-ѓа Татјана Поповска, советник за поддршка на работата на пратеничка група во областа на политичкиот систем во Секторот на Генералниот секретар. Како втор стажант во Европскиот парламент, од 4 ноември до 13 декември 2019 година, учествуваше г-ѓа Хавуше Лесковица, соработник во Комисијата за европски прашања.

Во рамките на Програмата за поддршка на Парламентите од земјите на Западен Балкан и Турција, во организација на Европскиот парламент, на 13 и 14 ноември 2019 година, во Брисел, Кралството Белгија, се реализираше семинар за социјални медиуми за пратенички од Собранието на Република Северна Македонија, на кој учествуваа пратеничките г-ѓа Владанка Авировиќ и г-ѓа Слаѓана Митовска, во придружба на г. Ристе Илиевски, соработник во Комисијата за надворешни работи.

Во рамките на работната посета на Брисел, Делегацијата на Собранието на Република Северна Македонија во состав од пратениците: г. Сашо Василевски, г. Бетиане Китев, г. Реџаиљ Исмаили и г. Драган Данев на 3 декември 2019 година учествуваше на Тркалезна маса на високо ниво за процесот на евроинтеграции на Западен Балкан во Европскиот парламент во Брисел, Кралството Белгија, во придружба на г-ѓа Марија Вељовска- Кондовска, советник во Комисијата за европски прашања.

**Други активности**

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери учествуваше на 16. Конференција на претседатели на Парламенти на Јадранско-Јонската иницијатива, што се одржа на 18 и 19 март 2019 година се одржа во Будва, Црна Гора. Во оваа регионална иницијатива, формирана во 2000 година членуваат: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска , Грција, Италија , Црна Гора, Србија и Словенија, а Република Северна Македонија стана член во мај 2018 година.

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, учествуваше на Четвртиот состанок на претседателите на парламентите на земјите од Евроазија на тема: „Голема Евроазија: Дијалог. Доверба. Партнерство", што се одржа на 23 и 24 септември 2019 година во Нур-Султан, Република Казахстан. Во состав на Делегацијата беше г. Енес Ибрахим, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, како и г. Илир Селмани, шеф на Кабинетот на ПСРСМ, г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и претставници од Кабинетот на претседателот на Собранието.

На 21.Цетински Парламентарен форум на тема: "Парламентот и медиумите-реалноста наспроти взаемните очекувања", што се одржа од 29 септември до 1 октомври 2019 година, во Цетиње, Црна Гора, учествуваа пратениците г-ѓа Јагода Шахпаска и г. Реџаиљ Исмаили.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

## 7.1.Меѓународна активност и протоколарни средби




## 7.2.Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Обраќање на Н.Е. г. Иван Брајовиќ, претседател на Собранието на Црна Гора, пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија **(23 јануари 2019)** |
| Затворање на хуманитарната кампања: „Македонија Ти си сончоглед - Обраќање на претседателот Талат Џафери **(6 февруари 2019)** |
| Проект на ЦЕСС - Презентација на алатка за мониторинг во Собранието на Република Северна Македонија - Обраќање на претседателот Талат Џафери **(21 февруари 2019)** |
| Тркалезна маса „Лидерство засновано на вредности од принцип до реализација" – Учество на потпретседателот Весел Мемеди **(25 февруари 2019)** |
| Коктел по повод 8. Март - Меѓународен ден на жената **(8 март 2019)** |
| Отворање на конференција - Транспарентност на Собранието како предуслов за вклученост на граѓаните. Добри практики од граѓанските организации во Велика Британија - Обраќање на претседателот Талат Џафери **(26 март 2019)** |
| Отворање на конференција - Транспарентност на Собранието како предуслов за вклученост на граѓаните. Добри практики од граѓанските организации во Велика Британија - Обраќање на претседателот Талат Џафери **(26 март 2019)** |
| Втората годишна конференција на тема „Фискални реформи за правичен раст" по повод 27. Годишнината од донесувањето на Првиот Устав на Република Северна Македонија **(3 април 2019)** |
| Одбележување на 8 Април - Меѓународен ден на Ромите, во организација на здружението на граѓани „Ромаверзитас" **(8 април 2019)** |
| Конференција на НАТО/ПзМ работната група за напредно далечинско учење – Работилница **(од 23 до 25 април 2019)** |

| |
|---|
| Промоција на поштенска марка ,,Прва посета на Папа на Република Северна Македонија''- Обраќање претседателот Талат Џафери **(6 мај 2019)** |
| Инаугурација na Н.Е. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија **(12 мај 2019)** |
| Одбележување на Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија **(17 мај 2019)** |
| Национален Форум на Civika Mobilitas за соработка меѓу Собранието и граѓанските организацииво организација на Швајцарска амбасада, НДИ и Собрание на Република Северна Македонија **(28 мај 2019)** |
| Ифтар вечера приредена од претседателот Талат Џафери, по повод празникот Рамазан Бајрам **(29 мај 2019)** |
| Семинар „Следните чекори кон НАТО" во организација на Безбедносен центар за безбедносни студии Џорџ Маршал и Канцеларија за одбранбена соработка на Европската команда на САД во амбасадата на САД, а ко-организација на Собранието на Република Северна Македонија **(од 29 до 30 мај 2019)** |
| Прием приреден од претседателот. Талат Џафери, во чест на Северно-атланскиот совет **(2 јуни 2019)** |
| ЖАН МОНЕ ПРОЦЕС **(од 22 до 23 јуни 2019)** |
| Регионална конференција на жени парламентарки од регионот **(од 26 до 27 јуни 2019)** |
| Покровителство на претседателот Талат Џафери, на Балкански фестивал на народни песни и игри – Долни Сарај Охрид **(5 јули 2019)** |
| Покровителство на г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија на промоција на дело "Националното богатство на албанските иселеници од Шведска" **(22 јули 2019)** |
| Прием po povod 8 Septemvri – Den na nezavisnosta na Republika Северна Makedonija, prireden од претседателот Талат Џафери **(8 септември 2019)** |
| Хуманитарна акција во донирање на храна и дарување крв по повод „Денот на службата", за одбележување на трагичните настани од 11 септември 2001 година **(11 септември 2019)** |
| Одбележување на Меѓународен ден на Демократијата, во организација на Клубот на младински прашања и политики - Обраќање на претседателот Талат Џафери **(16 септември 2019)** |
| Регионална конференција на тема: „Регионалната соработка во областа на унапредувањето на родовата еднаквост и Борба против говорот на омраза против жените во политиката" **(23 септември 2019)** |
| Трета пленарна конференција на Националната конвенција за Европската унија во Република Северна Македонија (НКЕУ-МК) **(26 септември 2019)** |
| Крводарителна акција во Собрание **(31 октомври 2019)** |
| III Македонско - германски форум на тема:„ Перспективите за проширување на Европскиот совет? Улогата на Собранието во пристапниот процес на Северна Македонија и релациите со Европскот парламент" - Обраќање на потпретседателот Горан Мисовски **(81 ноември 2019)** |
| Промоција на прирачник за Меѓународно хуманитарно право (МХП) за парламентарци**,** на македонски и албански јазик, изготвен од страна на Меѓународниот комитет на Црвен крст и Интерпарламентарната унија - Обраќање на претседателот Талат Џафери **(1 ноември 2019)** |

| |
|---|
| Панел дискусија по повод Одбележувањето на 70-годишнината на Советот на Европа, на тема: „Подобрување на пристапот до обештетување за жртвите на трговијата со луѓе од Хоризонталниот инструмент II" – Комисија за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија **(4 ноември 2019)** |
| Обраќање на г-ѓа Елен Конве - Муре, заменик претседател на Сенатот и член на Комисијата за надворешни работи, одбрана и вооружени сили во Францускиот сенат **(4 ноември 2019)** |
| Обраќање на Н.Е Давид Мариа Сасоли, претседател на Европскиот парламент пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија **(5 ноември 2019)** |
| Тркалезна маса на тема: „Промена на изборниот модел од шест во една изборна единица и отворени листи" – Иницијатива за една изборна единица **(5 ноември 2019)** |
| ФРЕЈА ФОРУМ **(од 9 до 10 ноември 2019)** |
| Работилница за Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци, во рамки на проектот„ Јакнење на парламентот и независен надзор врз разузнувањето" – Женевски центар за управување со безбедносниот центар (ДЦАФ) - **(15 ноември 2019)** |
| МИНИСТЕРСКИ ФОРУМ за правда и внатрешни работи Европската Унија - Западен Балкан, под покровителство на Финското претседателство во Советот на Европската Унија **(од 18 до 19 ноември 2019)** |
| Работилница на работната група на ЦАФ моделот во Собранието на Република Северна Македонија. Втор циклус на самопроценка според Заедничката рамка за проценка (ЦАФ) за квалитетот на работата на Собранието на Република Северна Македонија **(од 18 до 19 ноември 2019)** |
| Одбележување на 30 години од усвојувањето на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето - „Сите сме еднакви во правата" Обраќање на претседателот Талат Џафери **(20 ноември 2019)** |
| Годишно обраќање na N.E. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија пред Собранието **(18 декември 2019)** |
| Предновогодишен коктел приреден од претседателот Талат Џафери, за акредитирани новинари **(24 декември 2019)** |
| Промоција на Декларација за активно политичко учество на граѓаните со попреченост од координатори на Политички партии и претставници на помали политички партии, застапени во Собранието на Република Северна Македонија и членови на ИППГ за правата на лицата со попреченост - Обраќање на претседателот Талат Џафери **(27 декември 2019)** |
| Традиционален новогодишен коктел за пратениците и вработените на Собранието на Република Северна Македонија, по повод престојните празници **(27 декември 2019)** |

## 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на ***г-ѓа Ивановска Билјана,*** претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата **(8 февруари 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Георгиев Владимир,*** член на Државната комисија за спречување на корупцијата **(8 февруари 2019)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Пејовска Дојчиновска Софка,*** член на Државната комисија за спречување на корупцијата **(8 февруари 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Бајрами Нури,*** член на Државната комисија за спречување на корупцијата **(8 февруари 2019)** |

| | |
|---|---|
| Свечена изјава на ***г. Трпеноски Горан,*** член на Државната комисија за спречување на корупцијата **(8 февруари 2019)** |
| Свечена изјава на на ***г. Салаи Шемши,*** член на Државната комисија за спречување на корупцијата **(8 февруари 2019)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Катица Николовски,*** член на Државната комисија за спречување на корупцијата **(28 март 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Трајан Димковски****,* за министер кој ќе раководи со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство **(26 јуни 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Горан Милевски****,* за министер кој ќе раководи со Министерство за локална самоуправа **(26 јуни 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Хусни Исмаили,*** за министер кој ќе раководи со Министерство за култура **(26 јуни 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Насер Нуредини,*** кој ќе раководи за министер со Министерство за култура **(26 јуни 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Садула Дураки,*** кој ќе раководи за министер со Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците **(26 јуни 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Миљазим Мустафа****,* член на Судски совет на Република Северна Македонија **(9 јули 2019)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Нина Ангеловска*****,** министер за финансии на Република Северна Македонија **(31 август 2019)** |
| Свечена изјава на на ***г. Хисрен Џемаили***, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија **(31 август 2019)** |
| Свечена изјава *на* ***г. Кирил Колемишевски*****,** заменик министер за економија **(31 август 2019)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Елизабета Наумовска*****,** заменик министер за образование и наука **(31 август 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Неџад Мехмедовиќ,*** заменик министер за политички систем и односи меѓу заедниците **(31 август 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Фадил Бајрами***, вицегувернер на Народна банка на Република Северна Македонија **(13 септември 2019)** |
| Свечена изјава на на ***г. Армент Арслани,*** заменик министер за здравство на Република Северна Македонија **(12 ноември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Зеќир Рамчиловиќ,*** потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија **(13 ноември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Максим Ацевски*****,** главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија **(12 декември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Селим Адеми,*** член на Судски совет на Република Северна Македонија **(17 декември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Јасна Жежова****,* член на Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија **(25 декември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Весна Дамева*****,** член на Судски совет на Република Северна Македонија **(27 декември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Лилјана Илиевска,*** заменик на Народниот правобранител на Република Северна Македонија **(27 декември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Илбер Руфати,*** заменик на Народниот правобранител на Република Северна Македонија **(27 декември 2019)** |
| Свечена изјава на на ***г. Имер Алиу,*** директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци **(27 декември 2019)** |
| Свечена изјава на ***г. Игор Кузевски,*** заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци **(27 декември 2019)** |

## 7.4. Доделување државни награди

Доделување на Државна награда **„8 Септември"- (8 септември 2019)**

- **Добитници на Државна награда:**
  **г. Драган Стојановски**, карате, за животно дело;
  **г. Томе Коцев,** борење;
  **г. Слободан Николиќ,** спортска медицина**;**
  **г. Атанас Николовски,** кајак;
  **г. Кочо Димитровски,** фудбал

Доделување на Државна награда **"11 Октомври" ( 11 октомври 2019)**

- **Добитници на Државна награда:**
  **Академик Љупчо Коцарев**, научен работник, за животно дело во областа на науката;
  **г. Петар Мирчевски**, актер, за животно дело во областа на културата и уметноста;
  **г. Димитри Дурацоски**, писател и ликовен уметник, за животно дело во областа на културата и уметноста.

Доделување на Државна награда **"22 Ноември" (22 ноември 2019)**

- **Добитници на Државна награда:**
  ***г. Давид Хосафлок,*** истражувач, историчар и хуманист;
  ***г-ѓа Кимет и г. Аднан Агаи***, просветни работници.

Доделување на Државна награда **"Свети Климент Охридски" (8 декември 2019)**

- **за остварување во областа на воспитанието и образованието**
  **проф.д-р Агим Пољоски**, албанолог
- **за остварување во областа на културата и уметноста**
  **г. Димитар Башевски,** писател;
  **г-ѓа Весна Ѓиновска - Илкова**, оперска певица;
  **г-ѓа Виолета Томовска,** естраден уметник;
- **за остварување во областа на здравството**
  **проф. д-р Дејан Докиќ.**

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.Канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици

Согласно законот на Собранието почувајќи од 1 Јуни 2018 година е донесена Одлука за начинот на функционирање и обезбедување средства за остварување на контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ.

Во континуитет во 2019 година согласно Одлуката се превземени низа активности со цел на граѓаните да им се овозможи директна комуникација со своите пратеници како и отворање на канцелари за контакт на пратениците со граѓаните во ИЕ.

Реализирани работни задачи и превземени активности:

- воспоставување редовна соработка со единиците на локална самоуправа (ЕЛС) во насока на обезбедување на канцеларии за пратениците и нивното функционирање во изборните единици во рамките на општината со цел избраните претставници на граѓаните да можат редовно и директно да комуницираат со граѓаните;
- постојана координација на активностите со Координаторите на Пратеничките групи, Генералниот Секретар на Собрание на РСМ и Потпретседателот на Собранието на РСМ;
- отворање на канцелариите преку комуникација со единиците на локалната самоуправа, ангажирање на асистентите во пратеничките канцеларии, следење на работата на асистентите и пратеничките канцеларии преку добивање и разгледување месечни извештаи од сите канцеларии;
- издавање на ИКТ опрема (опремување на канцелариите со ИТ - опрема како и составување на Записник за Задолжување / Раздолжување на ИТ- опремата);
- доставување на дописи до општините;
- следење на работата на лицата ангажирани во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици;
- Давање на упатства, стручна помош и совети за извршување на работите на лицата ангажирани во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици(доставување на извештаи, пополнување на формулари и Обрасци за евиденција на оперативните трошоци);
- директно учествување  во извршување на работите како и организирање на работата во одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици;
- опремување на канцелариите со магнетни знаци (донација од НДИ);
- попис на целата IT опрема во канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните во изборните единици;
- координација на активностите со Секторот за финансиски прашања во врска со плаќање на хонорарите и средствата за оперативни трошоци за одржување на канцеларијата за асистентите во канцелариите на пратениците.

Одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ има остварено контакти и соработка со НДИ и ОБСЕ каде од страна на ОБСЕ е дадена донација ИТ - Опрема, (компјутер и принтер за опремување на 39 канцеларии).

Во наредниот период од страна на ОБСЕ се очекува сите канцеларии да бидат опремени со нова IT опрема, вклучувајќи поддршка за одржување на обуки и техничка помош, како и редовна посета на канцелариите.

За јакнење на капацитетите на вработените во Одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ беше утврдено потребата за организирање на тематски обуки.

Организирани обуки:

1.Обука за презентациски вештини -ОБСЕ Декември 2019 година;

2.Обука за предлог проекти -ОБСЕ Декември 2019 година;

3.Обука за канцелариско работење (СЕАВУС) Декември 2019 година и

4.Обука за комуникација со граѓаните организиран од 12-13 септември 2019 Хотел Палас Скопје.

За јакнење на капацитетите на асистентите од страна на ОБСЕ е организирано:

1.Обука за јакнење на капацитетите на асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните организиран од 14-17 Јуни 2019 Хотел Дрим Струга;

2.Работилница за комуникациски вештини и ефективна комуникација со јавноста организиран од 22-24 октомври 2019;

3.Работилница,, Подобрување на ефективноста на канцелариите за комуникација со граѓаните,, одржана 16-18 ноември 2019 Хотел Радика Леуново.

Собранието во програмата Контакт со граѓаните во 2019 година има обезбедено средства за:

- надоместок за ангажираните асистенти
- оперативни трошоци за канцелариите и
- опремување на канцелариите со потребната IT опрема (Компјутер, принтер и слично).

Врз основа на утврденото е планирано отворање на 75 канцелари во 39 општини и до сите нив се доставени писмени барања од наша страна. Контактирано е со секретари на општини за да се утврди дали истите ги исполнуваат минималните условите за отворање.

Во 2019 година се отворени **18** канцеларии. Одделението за остварување контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ до крајот на декември 2019 година има отворено вкупно **46** канцеларии, при што продолжуваме со отворање на преостанатите канцеларии кои ги исполнуваат минималните услови за отворање на истите во следиве општини: Прилеп, Неготино, Велес, Дебар, Бутел, Кочани, Делчево, Берово, Крива Паланка, Кратово, Штип, Радовиш, Валандово, Аеродром, Гостивар, Василево, Гевгелија, Кавадарци, Струмица, Виница, Куманово, Свети Николе, Битола, Македонски Брод, Охрид, Тетово и Ресен.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент.

Со е-Парламент опфатени се следните процеси:

1. Прием на материјали
    • креирање на материјал
    • прием и архивирање на материјал
    • известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
    • Закажување на седници
    • Водење на седниците
    • Додавање на заклучоци
    • Додавање на извештаи

3. Собраниски седници
    • Закажување на седници
    • Водење на седниците
    • Додавање на заклучоци
    • Додавање на извештаи
    • Додавање на стенограми
    • Додавање на аудио и видео записи
    • Додавање на гласања

4. Пратенички прашања
    • најави на пратенички прашања
    • додавање на поставени прашања
    • додавање на одговори

Решението интегрира повеќе законодавни постапки и чекори во еден дистрибуиран и оркестриран процес кој се преобразува од подготовка и извршување на законодавната постапка „со хартија" во „без хартија" .

Е-Парламент системот го опфаќа целиот процес на парламентарното законодавство, обезбедуваќи високо ниво на ефикасност, економичност, мобилност, транспарентност и одговорност во постапката. е-Парламентот дава пристап до богати, контекстуални информации и овозможува побрзо донесување на одлуки преку лесниот пристап до информациите.




Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.

Службениците и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања и видео записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.

Воедно, во текот на 2018 година, собраниската служба е целосно опремена со е-маил адреси и нова информатичка опрема.

Во е-Парламент се процесирани сите материјали од законодавната постапка со соодветните придружни документи.




Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република година, Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб-страна.



Бројот на корисници на паметни телефони и таблети рапидно расте, како и времето што корисниците го трошат во прелистување на веб страници преку овие уреди. Собранието им овозможува со својот портал индивидуален пристап на овие корисници и полесно достапни информации. Страниците на порталот се поврзани и со профилите на Собранието на социјалните мрежи со што е овозможена и комплетна интерактивност со корисниците.

Архитектурата на порталот е внимателно планирана за да се осигура дека потребите на сите целни групи се исполнети и корисниците секогаш може да ги добијат бараните информации. Целата работа на Собранието е презентирана транспарентно на сајтот во повеќе јазични верзии, со навигациска структура која нуди современо и модерно корисничко искуство.

На веб-страната можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео записи од седници и извештаи од седници на работни тела.

Веб-страната е богата со содржини и можности како упатување на прашања до претседателот на Собранието и пратениците, информации за канцелариите за контакт со граѓаните, електронски весник, увид во библиотечниот фонд на парламентарна библиотека и многу други содржини.

На веб-страната може да се најде и архивата на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес. Исто така, преку веб-страната може да се следат собраниските седници во живо.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Северна Македонија воведе свој Facebook, Twitter и Youtube профил. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-страната на Собранието. Содржини кои се споделуваат се дневниот ред на седниците, седници на работни тела или меѓународни и други активности на пратениците.



## 8.3.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

### ЕМИТУВАНИ ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ

**-Директни преноси од пленарните седници**

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јануари | 11 | 1686 |
| февруари | 9 | 1040 |
| март | 10 | 1334 |
| април | 1 | 112 |
| мај | 13 | 1168 |
| јуни | 5 | 1510 |
| јули | 7 | 1666 |
| август | 3 | 925 |
| септември | 3 | 405 |
| октомври | 10 | 2184 |
| ноември | 13 | 1763 |
| декември | 17 | 2932 |
| **Вкупно** | **102** | **16.725 мин** |

**1.Директни преноси од Комисија за финансирање и буџет**

Ребаланс на буџетот за 2018

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| септември | 8 | 2487 |
| октомври | 2 | 684 |
| **Вкупно** | **10** | **3.171 мин.** |

Усвојување на буџет за 2019

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| ноември | 4 | 1231 |
| декември | 6 | 1792 |
| **Вкупно** | **10** | **3.023 мин.** |

**2. Емитувани снимки од седниците на собраниските тела**

| Собраниски работни тела | бр.на заседанија | време во мин |
|---|---|---|
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | 49 | 3.627 |
| Комисија за финансирање и буџет | 32 | 1.992 |
| Комисија за здравство | 15 | 559 |
| Комисија за труд и социјална политика | 24 | 2.183 |
| Комисија за надворешна политика | 13 | 469 |
| Комисија за култура | 8 | 722 |

| | | |
|---|---|---|
| Комисија за транспорт,врски и екологија | 21 | 1.353 |
| Комисија за земјоделство,шумарство и водостопанство | 14 | 647 |
| Комисија за одбрана и безбедност | 27 | 1.333 |
| Комисија за економски прашања | 20 | 781 |
| Комисија за европски прашања | 26 | 1.072 |
| Комисија за образование,наука и спорт | 20 | 1.682 |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | 15 | 485 |
| Комисија за локална самоуправа | 2 | 146 |
| Комисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања | 11 | 706 |
| Буџетски совет на Собрание на РМ | 1 | 42 |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | 7 | 997 |
| Комисија за уставни прашања | - | - |
| Национален совет за евроинтеграции | 5 | 472 |
| Законодавно-правна комисија | 123 | 1.718 |
| Комисија за надзор над спроведувањето на посебни истражни мерки при следење на комуникациите од страна на МВР;УФП;ЦУ и МО | 11 | 137 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните | 9 | 842 |
| Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање | 1 | 8 |

**Емитувани снимки од настани во Собрание на РМ**

**Јануари - 2019**

Емитуван филм за - Меѓународен ден на сеќавањето на холокаустот/доставенод амбасадата на Државата Израел тр. 76 мин/титлуван на македонски јазик/

**Февруари-2019**

1.Директен пренос од Државниот збор на Република Словенија
Обраќање на претседателот на Собрание на РСМ- г-д Талат Џафери тр. 16 мин.

2.Одложно емитувани снимки од интервјуата на на кандидатите за членови на Државната комисија за спречување на корупција

**3.Комисија за прашања на изборите и именувањата сед. бр.21**

| дата | Времетраење во минути |
|---|---|
| 06.02.2019 | 157 |
| 07.02.2019 | 249 |
| 07.02.2019 | 271 |
| 08.02.2019 | 379 |
| 08.02.2019 | 353 |
| **Вкупно - 5 снимки** | **1.409 мин.** |

**Април - 2019**

**4.**Според Изборниот законик чл.76-а став 8 и според упатството од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Собранискиот канал им овозможи бесплатно политичко претставување на кандидатите за претседател на Државата, како и на кандидатите за градоначалници на вонредните локални избори во 3 општини/ Охрид, Ново село и Дебар. Бесплатното претставување за двата изборни круга е емитувано од 1 април до 3 мај 2019 година.

**2019 - Претседателски избори-Прв Круг**

| Дата | Кандидат | Време |
|---|---|---|
| 01.04.2019 | СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 03.43 |
| 02.04.2019 | СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 03.43 |
| 03.04.2019 | СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 03.43 |
| 08.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА | 04.57 |
| 09.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА | 04.48 |
| 10.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА | 04.49 |
| 11.04.2019 | 1.СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ<br>2.ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 04.42<br>04.57 |
| 12.04.2019 | 1.ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА<br>2. СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 04.59<br>04.42 |
| 13.04.2019 | 1. СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ<br>2. ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 04.42<br>05.17 |
| 14.04.2019 | 1.ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА<br>2. СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 05.33<br>04.42 |
| 15.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА | 04.48 |
| 16.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА | 05.00 |
| 17.04.2019 | 1. СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ<br>2. ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 07.18<br>04.58 |
| 18.04.2019 | 1. ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА<br>2.СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 04.58<br>07.18 |
| 19.04.2019 | 1. СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ<br>2. ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 07.18<br>04.49 |

**2019 - Локални избори- Прв круг**

| Дата | Кандидат | Време |
|---|---|---|
| 09.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 10.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 11.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 12.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 13.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 14.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 15.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 16.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 17.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 18.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |
| 19.04.2019 | МИХАИЛ ТРЕНДАФИЛОВ - НАНЧЕ - ГДУ - ОХРИД | 00.18 |

**2019 - Претседателски избори-Втор Круг**

| Дата | Кандидат | Време |
|---|---|---|
| 23.04.2019 | СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 04.43 |
| 24.04.2019 | СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 04.43 |
| 25.04.2019 | 1.ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА<br>2. СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 02.59<br>04.43 |
| 26.04.2019 | | |
| 27.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 02.59 |
| 28.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 02.59 |
| 29.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 02.59 |
| 30.04.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 04.10 |
| 01.05.2019 | ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 04.10 |
| 02.05 2019 | 1.СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ<br>2.ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА | 11.09<br>04.10 |
| 03.05 2019 | 1. ГОРДАНА СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА<br>2. СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ | 04.10<br>11.09 |
| | | |

**2019 - Локални избори- Втор круг**

| Дата | Кандидат | Време |
|---|---|---|
| | Нема доставено видео материјали | |

**Мај - 2019**

14.05.2019 - Емитувана заедничка прес конференција на претседателот на Собрание на РСМ г-д Талат Џафери и претседателот на Парламентот на Австрија г-д Волфганг Соботка - тр.13 мин

28.05.2019 - Емитувана снимка од Националниот форум Civika Mobilitas - Соработка меѓу собранието и граѓанските организации тр. 130 мин

**Септември - 2019**

06.09.2019 - Обраќање на г-д Талат Џафери претседател на Собранието по повод 8-ми Септември на македонски /тр. 9 мин. и на албански јазик/ тр. 9 мин.

08.9.2019 - Доделување на Државна награда 8-ми Септември /тр. 24 мин 07

**Октомври-2019**

11.10.2019 - Доделување на Државна награда 11-ти Октомври /тр. 29 мин 30 сек./

**Ноември - 2019**

22.11.2019 -Доделување на Државна награда 22 Ноември тр. 41 мин

**Декември - 2019**

08.12.2019 - Доделување на Државна награда Св.Климент Охридски /тр. 36 мин/
31.12.2019 - Новогодишна честитка од г-д Талат Џафери претседател на Собрание на РСМ/ на македонски јазик - тр. 02.10 мин.и на албански јазик - тр. 02.12 мин.
Видео спот Дедо Мраз во Собрание на РСМ - тр. 01.30 мин.

На Собраниски канал од 30 септември 2019 година се емитува 12 часа програма, односно од 10.00-22.00 часот, освен кога има директни преноси од пленарните седници што траат и по 22.00 часот. До 30 септември 2019 година се емитуваше програма во времетраење од 24 часа. Поради скромните ресурси за производство на сопствена програма како од страна на ЈРП-МРТ, така и на Собранието на РСМ, програмската шема во сите изминати години е базирана на собраниските активности, а преостанатиот дел од времето Јавниот сервис го надополнува со архивски материјали. Имајќи предвид дека изборот на архивските материјали станува се пооскуден како од содржински така и од визуелен аспект, програмскиот термин е намален согласно чл.90 од Законот за аудио и адиовизуелни медиумски услуги.

## 8.4. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1.049 претставници на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностите на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието („Службен весник на Република Македонијаг број 89/2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е прес-центар во Собранието. До сите акредитирани медиуми, редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 13 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 63 |
| МРТ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 29 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 42 |
| РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 3 |
| РЕДАКЦИЈА НА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 36 |
| ТЕЛМА | 37 |
| АЛ САТ | 34 |
| СИТЕЛ | 66 |
| ТВ ЕРА | 12 |
| ТВ АЛФА | 30 |
| ТВ СОНЦЕ | 13 |
| ТВ „Е" | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 44 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 6 |
| НАША ТВ | 9 |
| ТВ 21М | 23 |
| ТВ ШЕЊА | 21 |
| ТВ КЛАН | 9 |
| НОВА ТВ.МК | 7 |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 21 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 15 |
| КАНАЛ 77 | 3 |
| РАДИО МОФ | 5 |
| **ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** | |
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ВЕЧЕР | 14 |

| | |
|---|---|
| КОХА | 15 |
| ЛАЈМ | 9 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ | 12 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 12 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 20 |
| СКОПСКО ЕХО | 2 |
| **ИНТЕРНЕТ МЕДИУМИ** | |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 22 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК | 25 |
| РЕПУБЛИКА | 4 |
| А1 ОН | 4 |
| КУРИР | 9 |
| МКД.МК | 4 |
| РЕПОРТЕР.МК | 5 |
| МЕТА.МК | 4 |
| САКАМ ДА КАЖАМ | 12 |
| NEWSROOM.MK | 10 |
| ПОСТ.МК, МЕДИА.МК | 12 |
| ФАКУЛТЕТИ.МК | 4 |
| ЛОКАЛНО.МК | 2 |
| ЦЕНТАР.МК | 3 |
| ФРОНТЛИНЕ.МК | 5 |
| АЛБАНЕВС 24 | 2 |
| ИНФОМАКС | 1 |
| 24 ИНФО | 2 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 50 |
| МАКФАКС-агенција | 21 |
| ОБСЕ | 36 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 3 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 2 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ (на македонски јазик) | 8 |
| РОМА ПРЕС | 3 |
| ЗАМАН | 5 |
| ANADOLU AGENSY | 12 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| e REPORTER | 4 |
| ЖУРНАЛ | 6 |
| DIVERSITY MEDIA PRODUCTION | 4 |
| ПЛУСИНФО | 8 |
| БРИФ | 5 |
| БИРН | 5 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 4 |
| ПОРТАЛБ | 3 |
| ИНБОКС 7 | 11 |
| АКТУЕЛНО | 1 |

| | |
|---|---|
| ПРОДУКЦИЈА 360 СТЕПЕНИ | 16 |
| АЛМАКОС | 6 |
| ЦИВИЛ МЕДИА | 7 |
| 24 VAKTI | 3 |
| КАПИТАЛ | 4 |
| ART CHANNEL | 2 |
| НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА СЛЕПИ НА РМ | 1 |
| ГЛОБУС | 1 |
| PRESING TV | 10 |
| IN 3 | 7 |
| ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА | 5 |
| УНИЈА ЗА КУЛТУРА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА - Списание "Влашки збор" | 1 |

Одделението за јавно информирање и односи со јавноста, покрај акредитирање на претставници на средствата за јавно информирање, подготвува дневен информатор за дневните активности на Собранието, кој го проследува до печатница и во прес-центарот, го објавува на собраниската веб-страница, а воедно електронски го доставува и до медиумите.

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 година, Одделението има подготвено и дистрибуирано 215 дневни информатори.

Одделението секојдневно ја ажурира веб-страницата на Собранието на Република Македонија - www.sobranie.mk, објавувајќи ги собраниските активности, соопштенија, најави за средби, прес-конференции и други разни материјали за потребите на Собранието, како: Годишен извештај, „Мојот пратеник", завршни сметки, МПК билтен, ЕУ весник, огласи, Канцеларии за контакт со граѓаните, банери, публикации, акти, проекти, видеа, активности на Парламентарниот институт, итн., сето тоа на македонски и на албански јазик, делумно и на англиски и француски јазик.

Исто така, Одделението врши прибирање на информации, електронска обработка на податоци и ажурирање на податоците во врска со биографиите на пратениците, составот на делегации, совети, пратенички групи, работни тела и Клуб на пратенички.

Притоа, за сите собраниски актуелности, Одделението, по електронски пат, ги информира медиумските куќи.

Одделението ги најавува и проследува официјалните и работните средби во Собранието на Република Македонија и потоа известува за истите преку веб-страницата. Воедно, ги преработува и Извештаите од седниците на работните тела и ги објавува на веб-локацијата.

Дневната агенда и сите собраниски активности Одделението ги објавува и на социјалните мрежи *Facebook* и *Twitter*, по потреба и видео-материјали на *Youtube*, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

На крајот од работниот ден, Одделението подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

На крајот од работниот ден Одделението подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

# 9. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО

# 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Северна Македонија

**АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ СО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**2019 година**

Во функција на изготвување на Извештајот за работата на Собранието за периодот од 1 јануари до 31 декември, во продолжение ви ги проследуваме податоците за активностите чија реализација беше поддржана од страна на Националниот демократски институт (НДИ). Покрај активностите излистани по месеци, би сакале да подвлечеме дека НДИ и во изминатата година обезбедуваше редовна советодавна и консултативна поддршка на пратениците и пратеничките, како и стручната служба на Собранието во остварувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога.

Во продолжение е прегледот на активности даден по области и месеци:

***ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВНИОТ И НАДЗОРНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

- **февруари 2019 година -** консултации со пратенички групи во однос на процесот за измени на Деловникот за работа на Собранието, а во контекст на најавениот дијалог на Жан Моне. НДИ подготви коментари и препораки за придонес кон дебатата кои беа споделени со координаторите на пратеничките групи, Генералната секретарка на Собранието, како и Европскиот парламент.
- **март 2019 година** - поддршка на Собранието за организација на повеќе расправи и зајакнување на надзорната улога, како на пример: јавна расправа по предлог Закон за инспекциски надзор**;** јавна расправа на тема „Економските придобивки од легализација на употребата на канабисот"; советодавна помош на Комисијата за култура за организација на надзорна расправа на тема „Културните политики и начините како се спроведува годишната гропрама за проекти од културата од јавен интерес, со посебен фокус на реализацијата на програмата од 2018 година„ (првата сесија на надзорната расправа се одржа на 13 март 2019); Поддршка на Постојана анкетна комсија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во теренските посети како и во организирање на седницата за усвојување на заклучоците од јавната расправа на тема „Храната како човеково право„; советодавна помош на Комисијата за култура во однос на организирање на седници за следење на реализацијата за заклучоците од надзорната

расправа расправа на тема: Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион и сродната регулатива во контекст на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на природното и културно наследство. **(8ми март)**

- **27 - 30 март 2019 година -** Преку својата регионална програма, НДИ организираше учество на двајва пратеници и претставник на собраниската служба на регионалната работилница *Ефикасно законодавство и законодавна транспарентност.* Освен Собранието на Република Северна Македонија, на оваа работилница учествуваа претставници на парламентите на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Полска, Словачка, Србија, Црна Гора и Чешка.
- **16 мај 2019 година -** организација и фасилитирање на *третиот состанок на координативната група меѓу Собранието и Владата за надгледување и насочување на соработката меѓу законодавната и извршната власт*. На состанокот се дискутираше за потребата од усогласување на деловниците за работа на Собрание и Влада, информирање на Собранието за проценката на влијание на регулативата и усогласување на национално законодавство со законодавство со ЕУ.
- **31 мај 2019 година -** организација на *Работилницата за ревизија на Упатството за номо-технички правила* за преставници на Секретаријатот за законодавство и Собранието на Република Северна Македонија чија цел е ажурирање и подобрување на насоките и правилата за пишување на правни акти. На работилницата учествуваа 7 претставници на службите на Собранието на РСМ.
- **јуни 2019 година**- советодавна помош за организација на јавна расправа за предлог Законот за урбанистичко планирање која се одржа на 10 јуни;
- **јули 2019 година -** советодавна помош на Комисијата за образование и наука за организација на јавна расправа за Законот за основно образование која се одржа на 26 јули; советодавна помош на Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот за организација на јавна расправа за состојбата со човековите права во притворските одделенија и затворите која се одржа на 22 јули, 2019 година; средба и советодавна помош на претседателката на Комисијата за транспорт, врски и екологија за јавната расправа за предлог-законот за урбанистичко планирање.
- **септември 2019 година -** Поддршка на Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во теренските посети- посета на затворот Скопје и поддршка во изработката на заклучоците од јавната расправа за Состојбата со човековите права во казнено-поправните установи во РСМ
- **октомври 2019 година -** На 1.10.2019 година во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје, НДИ организираше работилница за *Улогата на Собранието на Република Северна Македонија во извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права.* На оваа работилница присуствува 8 пратеници, членови на Постојана анкетна комсија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно - правната комисија, 8 претставници на собраниските служби, претставник на канцеларијата на Народниот правобранител. Присутните беа запознаени со основните постулати на Европската конвенција за човекови права, институционалната поставеност за извршување на пресудите на Судот, како и

предизвиците со кои земјата се соочува во нивното извршување. На работилницата се дискутираше и за компаративните искуства на земјите членки на ЕУ и регионот во однос на институционалната поставеност за извршувањето и надзорот во извршувањето на пресудите.; Советодавна помош на Комисијата за локална самоуправа за организација на јавна расправа на тема *Спроведување на Законот за локална самоуправа во однос на работата на Комисиите за односи меѓу заедниците на локално ниво (членови 41 и 55),* која се одржа на 30 октомври, 2019 година.

- **ноември 2019 година** - Студиска посета на Словенија и Црна Гора за претставници на службите на Собранието на РСМ, Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања во периодот од 24-29 ноември, 2019 година. Целта на студиската посета беше размена на најдобри пракси и искуства во однос на комуникацијата и координацијата меѓу извршната и законодавната власта, утврдување на методологија за номотехника, како и усогласување со европското законодавство. Беа остварени средби во Националното собрание на Словенија, Националниот совет- долниот дом, Канцеларијата за законодавство на Словенија, Генералниот секретаријат на Владата на Словенија, Секретаријатот за законодавство во Црна Гора, Канцеларијата за европски интеграции и Парламентот на Црна Гора.
- **декември 2019 година** - НДИ организираше средба помеѓу Институтот за европска политика (ЕПИ) и претседателот на Постојаната анкетна комисија за човекови слободи и права со цел организирање расправа на тема на повратниците од Европската Унија. По средбата, НДИ и ЕПИ обезбедија материјали со цел информирање за оваа тема, како и список на институции и лица да се поканат на јавната расправа која би се одржала во јануари на оваа тема.

### *ПОДДРШКА НА КЛУБОТ НА ПРАТЕНИЧКИ*

- **јануари - февруари 2019 година -** НДИ, како и во 2018 година, продолжи да го поддржува Клубот на пратенички да се финализира Стратешкиот план на Клубот на пратенички кој беше усвоен на 4 февруари 2019 година.
- **јануари - декември 2019 година -** НДИ продолжи да го поддржува Клубот на пратенички со постојани консултации и обезбедување хонорар за асистентката на Клубот на пратенички.
- **12 февруари 2019 година -** НДИ организираше средба на Клубот со пратенички со амбасадор на САД во Република Северна Македонија, Џес Бејли. На оваа средба, пратеничките ги презентираа своите активности и достигнувања, а се разговараше и за следните активности на Клубот.
- **19 февруари 2019 година -** НДИ го поддржа Клубот на пратенички во организирацијата на тематски брифинг со Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика која го презентираше пакетот закони за социјалната реформа пред пратеничките и членовите на комисијата за труд и социјална политика.
- **2 април 2019 година** - НДИ го поддржа ОБСЕ на работилницата на која пратенички и претставници на служба го пополнуваа прашалникот за проценка на родовата

сензитивност на Собранието на Република Македонија на Европскиот институт за родова еднаквост.

- **мај 2019 година** - НДИ го поддржа ОБСЕ во подготовката на на извештајот од проценката на родовата сензитивност на Собранието на Република Македонија на Европскиот институт за родова еднаквост.
- **4-5 јули 2019 година** - НДИ спроведе обука за парламентарен надзор и вклучување на родовиот аспект во парламентарниот надзор на обуката организирана од страна на ОБСЕ за пратеници и собраниска служба која се однесуваше на унапредување на родовата еднаквост и родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија.
- **22 - 27 септември 2019 година** - НДИ организираше Недела на женски права и родова еднаквост во рамките на кои се организираа следните настани во соработка со Клубот на пратенички:

- Регионална конференција *Регионална соработка за унапредување на родовата еднаквост и во борбата против говор на омраза* - 23 септември
- Средба со невладини организации *Досегашната соработка и идните предизвици* - 27 септември
- Отворен ден на Собранието - организирани тури со пратеничките - 27 септември

Освен на овие настани, претставнички на Клубот на пратенички беа поканети и учествуваа на следните настани

- Тркалезна маса *Како се медиумски се покриваат политичарките и говорот на омраза против политичарките* - 24 септември
- Панел дискусија *Зголемување на политичкото учество на жените и девојчињата* - 24 септември
- Дебата *Економско јакнење на жените* - 25 септември
- Панел дискусија *Улогата на мажите во родовата еднаквост* - 26 септември

- **27 ноември, 2019 година** - НДИ ги поддржа Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите и Клубот на пратенички во организацијата на јавна расправа *Борба против говорот на омраза* која се организираше во рамките на кампањата *16 дена активизам против насилство врз жените и девојчињата*.

## *ПОДДРШКА ЗА ПОВТОРНО ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКИТЕ КАНЦЕЛАРИИ*

- **26 март година -** НДИ организираше презентација на надградбата на е-парламентот која се однесува на пратеничките канцеларии која беше развиена од страна на Институтот за парламентарна демократија во 2012 година. Презентацијата беше организирана за пратеници и собраниската служба за да ги видат предностите на овој софтвер.
- **август 2019 година** - НДИ обезбеди по три знака за секоја од планираните пратенички канцеларии. Овие знаци се со цел пратеничките канцеларии да бидат добро обележени во зградите каде се наоѓаат.

## ПОДДРШКА НА КЛУБОТ ЗА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

- **Во текот на целата 2019 година -** поддршка на Клубот за млади при организирање на средбите на Клубот за млади и работната група за Законот за младинско учество и младински политики
- **септември 2019** - НДИ организираше настан за Клубот за млади по повод меѓународниот ден на демократија наменет за млади во политика

## ПОДДРШКА НА ОСНОВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ (ПИ)

- **јануари - февруари 2019 година -** НДИ го набљудуваше процесот на вработување за отворени места во Парламентарниот институт во рамките на Оглас 194/2018. Меѓу другото, НДИ подготви и спроведе подолнителни тестови за кандидатите кои учествуваа на интервјуата за местата во Парламентарниот институт.
- **4-8 февруари 2019 година -** НДИ организираше напредна обука за раководителите на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија со Мартин Кута, раководител на Одделението за општа анализа од Парламентарниот институт на ешкиот парламент.
- **25 февруари - 1 март 2019 година -** НДИ организираше обука за вработените во Секторот за општи истражувања, анализи и евроинтеграции од Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија со Мартин Кута, раководител на Одделението за општа анализа од Парламентарниот институт на Чешкиот парламент.
- **11-15 март 2019 година** - НДИ организираше Проценка на архивските и библиотечните функционалности на Парламентарниот институт и Собранието, воопшто. Целта на оваа проценка е да се елиминираат дуплите функционалности и да се зголеми ефикасноста на Собранието во однос на овие две функционалности. Оваа проценка беше спроведена од страна на Ева Малачкова, директорка на Парламентарната библиотека и Петер Седлачек, заменик директор на Парламентарната архива од Парламентарниот институт на Словачкиот парламент.
- **септември - декември 2019 година -** НДИ го набљудуваше процесот на вработување за отворени места во Парламентарниот институт во рамките на Оглас 166/2019. Меѓу другото, НДИ подготви и спроведе дополнителни тестови за кандидатите кои учествуваа на интервјуата за местата во Парламентарниот институт.
- **14-18 декември, 2019 година** - НДИ организираше студиска посета на Националниот совет на Република Словачка за три вработени во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија. Целта на оваа студиска посета беше учесничките подетално да се запознаат со функционирањето на словачкиот парламентарен институт.

## *ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА*

- **18 април 2019 година** - Основан е Управувачкиот совет за имплементација на Проектот за поддршка на парламентот. Управувачкиот совет го води претседателот на Собранието Талат Џафери, а членуваат потпретседателите, како и координаторите на пратеничките групи и генералната секретарка на Собранието.
- **јуни 2019 година -** Во рамки на сесијата на Жан Моне дијалогот за слобода и демократија која се одржа на 22-23 јуни, ПСП даде придонес во подобрување на предлог одредбите за Деловникот за работа на Собранието во делот на надзорните расправи. На дијалогот исто така се постигна консензус околу потребата од воведување на собранискиот календар.
- **јуни - јули 2019 година -** ПСП спроведе истражување, како и интервјуа со релевантните собраниски службеници со цел да се процени степенот на спроведување Акцискиот план на Собранието за Отвореното владино партнерство (ОВП).
- **10 јули 2019 година** - свечен настан за одбележување на почетокот на реализацијата на Програмата за парламентарна поддршка финансиски поддржана од Швајцарската амбасада / Швајцарска агенција за развој и соработка, а имплементирана од Национален демократски институт (НДИ) во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП), Инситутот за демократија Societas civilis Скопје (ИДСЦС) швајцарското Федерално собрание, естонскиот Риигикогу, Европскиот парламент, германскиот Бундестаг, како и ManaBals.lv од Летонија.
- **31 јули 2019 година** - одржан е втор состанок на Управувачкиот совет за имплементација на Проектот за поддршка на парламентот на кој се разгледаа и одобрија буџетските проекции за финансискиот придонес за периодот 2020-2023 година во рамките на Програмата за парламентарна поддршка.
- **20-21 септември 2019 година** - одржана е работилница од серијата *Планински разговори* на тема „Независност на Собранието на Република Северна Македонија - Независност на собранискaта служба„ (Правна рамка за независна служба во Собранието на Република Северна Македонија). На работилницата Претседателот на Собранието, потпретседателите, координаторите на пратеничките групи, генералниот секретар на Собранието заедно со Претседателот на Владата Зоран Заев и министрите Дамјан Манчевски и Нина Ангеловска заклучија дека треба да се донесе законска рамка која овозможи осамостојување на собраниските служби и утврдија временска рамка за реализација.
- На **3 и 4 октомври 2019 година** се реализираше посетата на д-р Јохан Гукес, претставник на германскиот Бундестаг и член на Советодавниот комитет на ПСП. Беа остварени средби со Генералниот секретар Иванова, заменикот на генералниот секретар Милковски, претставник од секторот за меѓународна соработка, како и работна вечера со пратеници од Групата за соработка со Германија. Оваа посета во рамките на ПСП беше искористена и да се договорот области каде Бундестагот ќе може да придонесе кон реформите на Собранието, вклучувајќи независно управување со човечки ресурси,

сопствен буџет и собраниско обезбедување, како и парламентарниот аспект во процесот на пристапување во ЕУ. Начелно е договорено студиска посета на највисоко ниво (раководството на Собрание) на Берлин во септември 2020 година.

- **8-9 октомври 2019 година** - одржана е работилница за подготовка на Проценка на влијание на регулативата за законската рамка која ќе овозможи осамостојување на собраниските служби со работната група задолжена за подготовка на истата.
- **13-17 октомври, 2019 година -** Со цел да се направи проценка на Собраниските комуникациски и информативни системи со помош на Карл-Мортен Коппел (Естонски Риигикогу), Имантс Бреидакс (Manabals.lv), Гоце Арменски (ИКТ консултант) одржани се состаноци со пратеници како и бројни претставници од службите во Собрание. Консултантите вршеа проценка на тековните информативни системи и процеси во Собранието на Република Северна Македонија со цел да се утврдат потребите за подобрувања во следниве области: Комуникациски системи (мрежна опрема и софтвер), Компјутерска опрема (компјутери, лаптопи, печатари, скенери), Е-парламент системот, веб-страница на Собранието и дигитално емитување.
- **27-30 октомври, 2019 година** - Студиска посета на Парламентот на Естонија (Риигикогу) За време на посетата во Естонија беа споделени информации за Естонските информациски и комуникациски системи; вклучувајќи ја веб-страницата на парламентот, платформата за радиодифузија, интранет, системот за следење на законодавството, системот за управување со документи; како и заштитните мерки против компјутерски напади. Делегацијата исто така имаше средби со преставници од Управата за информатички системи на Република Естонија, Центарот за информирање е-Естонија, Академијата за е-Владеење, и комисијата за европскки прашања и други претставници од Естонскиот Риигикогу. Делегацијата од Собранието ја сочинуваа: Горан Мисовски - потпретседател на Собрание; Ејуп Алими - координатор на ДУИ; Диме Велкоски - заменик координатор на СДСМ; Никола Мицевски - координатор на ВМРО ДПМНЕ; Емилија Александрова - заменик координатор на ВМРО -ДПМНЕ - независна; Јулијана Николова - Либерално -демократска партија; Цветанка Иванова- Генерален секретар на Собрание; Беса Дрндар - претставник од Кабинетот на ПСРСМ; Мане Нецев - Одделение за системски инженеринг и развој во Собрание на РСМ; Дејан Ѓурчилов - Одделение за техника во Собрание на РСМ;
- Првата средба на Советодавниот комитет на ПСП се одржа на **8 ноември 2020 година**, со учество на претставници од партнерските парламенти и организации, а на кој учествуваше и лидерството на Собранието на РСМ;
- **ноември 2019 година** - Во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ОДИХР , организација на *Работилница за развивање на Упатство за споредување на Кодекс за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија* (21-22 ноември 2019 година). Целта на работилницата беше дискусија и подобрување на структурата и содржината на предлог упатството согласно препораките дадени од експертот од ОДИХР Јакопо Леоне. На работилницата учествуваа членови на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања, Комисијата за политички систам и односи меѓу заедниците и Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

претставници на владејачкото мнозинство и опозицијата, претставници на службите на Собранието, претставник на Министерството за правда, како и претставникот на Република Северна Македонија во ГРЕКО. По завршување на работилницата, до заменик- претседателката на Комисијата за деловнички и мандатно- имунитетни прашања и службата која ја поддржува работата на оваа комисија беше доставен детален извештај од работилницата со препораки и заклучоци за подобрување на упатството за кои беше договорено дека ќе бидат земени предвид при финализирањето на упатството.

- **11-15 ноември, 2019 година** - Во склоп на напорите на ПСП за поддршка на Собранието, Крис Дотен, Директор за иновации во НДИ учествуваше на серија состаноци со пратеници и преставници од службите во Собрание како дел од напорите на ПСП за вршење проценка на тековните информативни системи и процеси во Собранието на Република Северна Македонија со цел да се доутврдат потребите за подобрувања во следниве области: Комуникациски системи (мрежна опрема и софтвер), Компјутерска опрема (компјутери, лаптопи, печатари, скенери), Е-парламент системот, веб-страница на Собранието и дигитално емитување.
- **18 ноември, 2019 година** - со работната група за ЦАФ (CAF) одржана е воведна работилница за Методологијата за самопроценка (Заедничка рамка за управување со квалитет - Common Assesment Framework (CAF)) која е всушност стандард за квалитет во работењето на јавната администрација.
- **26 ноември, 2019 година** - Извршена е проценка на Собранискиот ТВ канал и студиото со Нехру Хоџа (ПСП медиа консултант) со посета на просториите на Собраниското ТВ студио, проценка на постоечката опрема што се користи во за радиодифузија, како и интервјуа со претставници од собраниските служби, со цел да се идентификуваат потребите и да се обезбедат препораки за модерен и функционален Собраниски ТВ канал и студио.
- **24-28 ноември 2019 година** - Директорката на Одделот за род, жени и демократија на НДИ, Сандра Пепера работеше со различни целни групи во однос на вклучување на родовиот аспект во работата на Собранието, во спроведувањето на проектните активности.
- **2-3 декември 2019 година** - одржана е општа обука за јавни набавки во согласност со новиот Закон за јавни набавки со претставници од собраниската служба.
- **4 декември 2019 година** - одржана е специјализирана обука за јавни набавки во согласност со новиот Закон за јавни набавки за вработените во Одделението за јавни набавки.
- **декември 2019 година** - одржани се серија работилници со ЦАФ работната група на кои се работеше по одделни критериуми од Методологијата.
- **13 декември, 2019 година** - ПСП го искористи присуството на извршниот продуцент на Комисија за претседателски дебати-КПД на САД, г-дин Мартин Слатски, како и Мет Дипел, заменик директор на НДИ за Латинска Америка и Карибите и КПД за да обезбедат професионално мислење и препораки за просториите одредени за

Собранискoто ТВ студио чии што препораки ќе бидат од корист при понатамошниот развој на проектот.

***КОМИСИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКО ПАРТНЕРСТВО НА КОНГРЕСОТ НА САД (ХДП)***

- **14-18 јули, 2019 година -** НДИ беше ко-организатор на Форумот на раководствата на парламентите во Вашингтон, САД. На овој форум учествуваат претседателот на Собранието на Република Северна Македонија Талат Џафери, потпретседателката на Собранието Фросина Ташевска-Ременски и координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Никола Мицевски. Темите на форумот опфаќаа: Враќање на независноста на законодавната власт воочи растечкиот авторитаризам, Борба против поларизацијата и зголемување на меѓупартиската комуникација, Законодавна транспаретност и отчет, Одговорно управување преку техники за вклучување на родовите прашања и спречувањето на насилството врз жените, итн.
- **29 - 31 јули, 2019 година** - НДИ спроведе Консултации за техничка поддршка на Собранието на РСМ преку Демократското партнерство на Конгресот на САД, во областа на законодавното буџетирање и собранискиот надзор. По тој повод, НДИ ги покани експертите од Конгресот на САД, г-а Шаланда Јанг, Директор на Службата при Комисијата за дискреционо буџетирање, и Кристи Антони, Шеф на одделот за буџетско проектирање при Конгресната буџетска канцеларија. Во текот на посетата, експертите остварија состаноци со повеќе претставници од Собранието, меѓу кои, Талат Џафери, Претседател на Собранието на РСМ, Фросина Ременски, Потпретседател на Собранието на РСМ и Претседавач со Собранискиот Буџетски совет, Цветанка Иванова, Генерален секретар, како и со пратениците од Комисијата за финансирање и буџет, Лилјана Кузмановска, претседател на Комисијата, и членовите на Комисијата Диме Велковски и Реџаил Исмаили. Експертите имаа работни средби и со вработените од Службата, Драган Пулевски и Искра Трајчевска, од Одделението за работни тела од областа на финансирање и буџет и економски прашања. Понатаму, конресните експерти разменија искуства и мислења со претставниците од Парламентарниот институт, Златко Атанасов, раководител на Институтот, и раководителите на сектори Фани Коровешовска и Ардита Јашари Бислими. За време на посетата беше организирана и еднодневна обука за вработените од Парламентарниот институт и други претставници од Службата, на теми поврзани со истражувачките и информациски услуги на службата во функција на зголемување на законодавната и контролна улога на Собранието во планирањето на буџетот и следењето на неговата имплементација.

## 9.2. АКТИВНОСТИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МОСТ Граѓанска Асоцијација 15 години

**Проект "Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието"**

Овој проект претставува продолжение на проектот "Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание". Крајната цел на проектот е придонес кон суштинска дебата за законските решенија, преку вклучување на сите засегнати страни во процесот, што би придонело и кон зголемување на одговорноста, транспарентноста и продуктивноста на Собранието во иднина. Во рамките на сегашниот проект, МОСТ презема и дополнителни активности за остварување на крајната цел.

Проектот започна да се имплементира во јуни 2018-та година, ќе се спроведува до март 2020 година и е финансиски поддржан од Британската амбасада Скопје.

Дел од активностите предвидени со проектот се собирање и обработка на податоци поврзани со работата на комисиите во Собранието на Република Северна Македонија и придонесот на пратениците, со согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Собраните податоци се обработуваат и презентираат преку Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието, проактивно учество во процесите на подобрување на работата на Собранието, работни групи и сл.

**Објавување на периодични и годишни извештаи за работата на Собранието**

Во 2019 година МОСТ ја анализираше работата на Собранието преку собирање и обработка на податоците, кои беа објавувани на тримесечна основа. Дополнително, МОСТ подготви и извештај за работата на Собранието за 2017 и 2018 година. Во 2019 година беа објавени 5 периодични извештаи и еден сумарен (годишен) извештај и тоа:

1. Втор периодичен Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието за период од јули - септември 2018 година, објавен на 29 јануари 2019 година;
2. Трет периодичен Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието, за период октомври - декември 2018 година , објавен на 29 март 2019 година;

3. Четврт Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието за период јануари - март 2019 година, објавен на 28 јуни 2019 година;
4. Петти Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието за период април - јуни 2019 година, објавен на 30 септември 2019 година;
5. Шести Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието за период јули - септември 2019 година, објавен на 26 ноември 2019 година и
6. Прв годишен извештај за работата на Собранието за 2017 и 2018 година, објавен на 29 март 2019 година.

**Објавување на кратки анализи (policy briefs) за работата на Собранието**

Во текот на 2019 година беа подготвени и објавени две кратки анализи за работата на Собранието, а се однесуваа на работата на комисиите во поглед на квалитетот на записниците и нивната транспарентност. Крајна цел на овие кратки анализи беше да се даде придонес во подобрувањето на транспарентноста на Собранието и подобрување на квалитетот на записниците што ги изготвува стручната служба, преку изготвување на препораки за подобрување на процесите во кратките анализи, кои во согласност со техничките можности беа прифатени од Собранието.

- ***Кратка анализа: "Наоди и препораки за подобрување на квалитетот на записниците од собраниските комисии"***

Во документот беа презентирани најновите податоци од набљудувањето на работата на комисиите во поглед на квалитетот на записниците кои се подготвувани од страна на стручните служби. Анализата беше објавена во март 2019 година и содржи препораки за подобрување на записниците. Препораките се однесуваа на изменување на Деловникот, во поглед на зголемување на транспарентноста и квалитетот на записниците од седниците на комисиите и подобрување на техничките можности и човечките ресурси на Собранието.

- ***Кратка анализа:*** **"Наоди и препораки за подобрување на транспарентноста на собраниските комисии"**

Во анализата беа презентирани податоците за работата на комисиите во поглед на транспарентноста. На 24 декември 2019 година анализата беше презентирана пред Заменик-претседателот на Собранието, Генералниот секретар на Собранието, претседателите на комисиите, координаторите на пратеничките групи и стручната служба. Како главна препорака која што произлезе од оваа анализа беше записниците од работните тела навремено да се усвојуваат и да се објавуваат на веб страницата на Собранието. Согласно техничките можности, Собранието започна да ја имплементира оваа препорака, што во голема мера придонесе за подобрување на транспарентноста на институцијата.

**Конференција на тема: “Транспарентноста на Собранието како предуслов за вклученост на граѓаните - Добри практики од граѓанските организации во Велика Британија“**

На 26 март 2019 година, во организација на МОСТ се одржа конференција на тема: “Транспарентноста на Собранието како предуслов за вклученост на граѓаните - Добри практики од граѓанските организации во Велика Британија”, на која што учество како говорници од Собранието зедоа: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија, г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски, потпретседател на Собранието на Република Северна Македонија, г-ѓа Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието на Република Северна Македонија, како и голем број на пратеници, кои дискутираа во однос на презентацијата на г. Тони Боуден од MySociety, организација која што го набљудува Парламентот на Велика Британија и Годишниот извештај на МОСТ за работата на Собранието за 2017 и 2018 година.

Конференцијата придонесе за подобрување на процесите во Собранието, во согласност со добрата волја на менаџментот на Собранието и техничките можности со кои располагаше Собранието во тие моменти.

# 9.3. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република СевернаМакедонија

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

**ВОВЕД**

Фондацијата за демократија на Вестминстер и Собранието на Република Северна Македонија, со поддршка на Британската амбасада во Скопје и во 2019 година ја продолжија соработката што беше започната со воспоставувањето на овој пратенички состав уште во 2017.

Врз база на активностите што беа имплементирани како дел од проектот “Поддршка на македонската парламентарна реформа” во 2017 и 2018, и Меморандумот за разбирање кој беше потпишан од страна на Претседателот на Собранието, г. Талат Џафери; Британската амбасадорка во Скопје, г-а Рејчел Галовеј и директорот на ВФД за Западен Балкан, Емил Атанасовски на 14.12.2018, Фондацијата за демократија на Вестминстер продолжи да го поддржува Собранието, овој пат во рамки на програмата: “Иницијатива за демократија за Западен Балкан”.

Целта на активностите во овој период беше зајакнување на вршењето на финансискиот надзор од страна на Собранието, преку работа со Собраниските комисии и служба. Дополнително, поддршката на Собранието беше насочена и во насока на подобро вклучување на прашањата поврзани со лицата со попреченост и младите, преку давање на поддршка на Интер партиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост и Клубот за младински прашања и политики.

ВФД вклучуваше претставници од Собранието на Република Северна Македонија и во своите активности на регионално ниво, преку вклучување на пратеници и службеници од Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во активностите на регионалниот проект HUGEN.

**АКТИВНОСТИ**

**„Воспоставување на Парламентарна буџетска канцеларија”**

Главниот процес на кој ВФД и Собранието на Република Северна Македонија беа фокусирани беше воспоставувањето на Парламентарна буџетска канцеларија во рамките на Собранието. Целта на воспоставувањето на оваа канцеларија е да обезбеди професионални,

навремени, објективни и непристрасни финансиски анализи извештаи и други документи за потребите на пратениците во Собранието, овозможувајќи им да вршат подобар финансиски надзор.

Како дел од овој процес во текот на 2019 година беа реализирани серија на активности и тоа:

1. **Формирање и состаноци на управувачкиот одбор**

Со цел активно и целосно вклучување на сите засегнати страни во процесот на формирањето на Парламентарната буџетска канцеларија, на почетокот на процесот беше формиран Управувачки одбор. Управувачкиот одбор имаше за цел да ги дискутира и да ги разгледува клучните аспекти на процесот и да носи одлуки околу насоката во која истиот треба да се движи.

Во управувачкиот одбор беа вклучени клучните засегнати страни, при што беше земено предвид истиот да биде балансиран како етнички и родово, така и од аспект на вклучување на претставници и од власта и опозицијата, како и од службите на Собранието. Членови на управувачкиот одбор беа: Талат Џафери, Претседател на Собранието на РСМ; Фросина Ташевска – Ременски, Потпретседателка на Собранието на РСМ и претседателка на Буџетскиот Совет; Лилјана Кузмановска, Претседателка на Комисијата за финансирање и буџет; Цветанка Иванова, Генерална секретарка на Собранието на РСМ; Илир Селмани, Шеф на кабинетот на Претседателот на Собранието; Јоана Бабушку, Британска амбасада во Скопје и Дамир Незири од Фондација за демократија на Вестминстер.

Управувачкиот одбор во 2019 одржа вкупно четири состаноци, и тоа: 22 јануари 2019, 28 јуни 2019, 25 јули 2019 и 16 септември 2019. Клучните одлуки што беа донесени на овие состаноци на Управувачкиот одбор се однесуваа на: утврдување и дефинирање на содржината и динамиката на имплементација на активностите во рамките на процесот за воспоставување на ПБК, утврдување на модел по кој ќе биде воспоставена ПБК, донесување на одлука за воспоставување на ПБК, како и донесување на одлука за реализација на процесот на вработување на лица во канцеларијата.

2. **Организирање на студиска посета на Белград, Србија и Единбург, Шкотска: 18 – 22 март 2019 година**

Делегација составена од претставници на управувачкиот одбор, а придружени од претставници од службата на Собранието беа на студиска посета на парламентите во Белград и Единбург. Целта на посетата беше размена на искуства со своите колеги од овие парламенти поврзани функционирањето на парламентарните буџетски канцеларии, како и бенефитите што постоењето на вакво тело во Собранието ги носи. Делегацијата ги вклучуваше следните претставници:

- Талат Џафери, Претседател на Собранието на РСМ;
- Лилјана Кузмановска, Претседателка на Комисијата за финансирање и буџет;
- Цветанка Иванова, Генерална секретарка на Собранието на РСМ;

- Илир Селмани, Шеф на кабинетот на Претседателот на Собранието;
- Беса Дрндар, претставник од кабинетот на Претседателот на Собранието;
- Бојан Василевски, претставник од кабинетот на Генералната секретарка на Собранието;
- Оливера Тренговска, претставник на службата од Комисијата за финансирање и буџет;
- Јоана Бабушку, Британска амбасада во Скопје;
- Дамир Незири, Фондација за демократија на Вестминстер; и
- Дона Костуранова од Фондација за демократија на Вестминстер.

За време на оваа посета членовите на делегацијата остварија средби со пратеници од двата парламенти, претставници на парламентарната служба, претставници на парламентарните буџетски канцеларии, како и со претставници на граѓански организации и државни ревизори. Овие средби беа искористени за размена на мислења и искуства, како и за добивање на повеќе и подетални информации околу работата на парламентарните буџетски канцеларии.

3. **Распишување на оглас за вработување и избор на вработени за ПБК**

Согласно со утврдените описи и пописи на работните места за вработените во ПБК, одобрени од страна на Управувачкиот одбор на 30 октомври 2019 година беа објавени огласите за вработување на лица во буџетската канцеларија. Огласите на почетокот беа објавени на веб страната на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД), како и во два дневни весници (Слободен печат и Коха). Рекламирањето во весниците траеше 5 дена, додека истовремено огласот беше дисиминиран и рекламиран на социјалните мрежи, на официјалната страница на Фејсбук на ВФД - Иницијатива за демократија на Западен Балкан, на Линкдин и останатите мрежи. Огласот траеше до 24.11.2019 година, до кога траеше официјално и кампањата за регрутација на кадар.

Врз база на овие активности на повикот беа добиени 25 апликации од вкупно 22 кандидати. Од добиените кандидати низ ригорозен процес на тестирање во кој покрај претставници на WFD беа вклучени и претставници на останатите членови на управувачкиот одбор, беше направена листа од четири најдобро пласирани кандидати за чие вработување управувачкиот одбор одлучуваше со консензус.

**„Зајакнување на капацитетите на Комисијата за култура за вршење на подобар финансиски надзор"**

Земајќи предвид дека во овој момент во Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за финансирање и буџет е единствената комисија што врши надзор над државниот буџет, а со цел поголема и поквалитетна контрола врз буџетот, во различните негови делови, WFD започна соработка со Комисијата за Култура. Целта на соработката беше зајакнување на капацитетите на комисијата да може да врши надзор над државниот буџет, во делот што се однесува на секторот култура. Ваква пракса постои во различни парламенти, а истата своевремено постоела и во Собранието.

За оваа цел Фондацијата за демократија на Вестминстер организираше работилница за членовите на комисијата и службениците од истата на тема: вБуџетски процес и механизми за зајакнување на парламентарниот надзор во областа на културатаг, која се одржа на 18-19 јули 2019 во Велес. На работилницата присуствуваа десетина пратеници од комисијата, од власт и опозиција, а на истата имаа можност да се запознаат со функционирањето на буџетскиот циклус, да го видат движењето на финансиите во секторот култура во изминатите пет години, да ја разгледаат структурата на ревизорските извештаи (заедно со претставник од ДЗР), како и да дискутираат за потенцијалната соработка со претставници од граѓанскиот сектор.

Како резултат на оваа обука, пратениците развија план за подобар парламентарен финансиски надзор од страна на комисијата.

Дополнително, за подобро информирање на пратениците од Комисијата за култура беа изготвени и две анализи:

- Буџетска анализа за секторот култура – Министерството за култура и финансирање на дејностите од областа на културата за периодот од 2015-2019 година и
- Буџетска анализа на секторот култура со осврт на Предлог буџетот за 2020 година.

“**Поддршка за поголемо политичко вклучување на лицата со попреченост**„

Фондацијата за демократија на Вестминстер, во партнерство со Полио+: движење против хендикеп, започна соработка со Интер партиската парламентарна група за правата на лицата со попреченост. Ваквата соработка има за цел поголемо вклучување на прашањата поврзани со правата на лицата со хендикеп во работата на Собранието, како воопшто, поголемо вклучување на лицата со хендикеп во политичкиот живот во државата.

За оваа цел, Собранието со поддршка од Полио+ и WFD изготви декларација за правото на политичко учество на граѓаните со попреченост. Декларацијата беше ставена како прва точка на 126 седница на Собранието од страна на Претседателот, потпретседателите и координаторите на пратеничките групи и истата беше едногласно усвоена од страна на пратениците на седницата што се одржа на 23 декември 2019.

По овој повод на 27 декември 2019 во Салата Борис Трајковски беше одржан свечен настан на кој пред присутните пратеници, претставници на амбасади и претставници на организации на лица со попреченост, се обратија Претседателот Талат Џафери, како и заменик претседавачите на ИППГ: Јагода Шахпаска, Трајчо Димков и Лилјана Поповска. Овој настан беше искористен за да се направи свечено доделување на признанија на членовите на ИППГ од составот 2017 – 2020.

Соработката помеѓу WFD, Полио+ и ИППГ, планирана е да продолжи и по завршувањето на изборите и формирањето на новиот собраниски состав.

Паралелно на ова, во консултација со претставници од Парламентарниот институт, а со одобрување од страна на Генералната секретарка, г-а Цветанка Иванова, беше договорена соработка помеѓу WFD, Полио+ и Парламентарниот институт. Во рамките на оваа соработка, Парламентарниот институт би требало да добие повеќе искуство и капацитети како во изготвување на истражувања на тема лица со попреченост, така и да ги зајакне своите капацитети во насока на поголемо и поправилно вклучување на лицата со попреченост во своите едукативни активности. Овие активности се предвидени за 2020 година.

“**Поддршка на клубот за младински прашања и политики**„

Кон крајот на 2019 година, Фондацијата за демократија на Вестминстер започна соработка со Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија. Ваквата соработка имаше за цел да ја трасира насоката во која ќе продолжи да се движи клубот по завршувањето на процесот на подготовка на Законот за младинско учество и младински политики, до најавените парламентарни избори.

Во оваа насока на 15-16 ноември 2019 година, во Велес, беше организирана работна средба за развивање на план за идни активности на Клубот за младински прашања. Оваа работна средба, на која учествуваа пратеници од Клубот за младински прашања, претставници на младински организации од државата и претставници на политички подмладоци, беше можност за членовите на клубот да направат рефлексија на својот стратешки план и она што е сработено од истиот. Во исто време, тие низ дијалог со претставниците од подмладоците и граѓанските организации да постават цели за периодот што следи. Како резултат од оваа работилница беше подготвен план за работа на клубот за следните неколку месеци.

Во согласност со изготвениот план, на 23 декември 2020 година, Клубот за младински прашања во соработка со Комисијата за образование, а со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер, беше организирана јавна расправа за Законот за младинско учество и младински политики. Како резултат на оваа јавна расправа во следниот период беа дефинирани амандмани на законот, кои подоцна беа интегрирани во истиот.

# 9.4. Активности на DCAF во Собранието на Република Македонија

**ДЦАФ**

**Програма за реформи во разузнавачкиот сектор во**

**Република Северна Македонија 2017- 2020**

**Проект: Развој на парламентарен и независен надзор**

**Годишен извештај за 2019 година**

**Општо за Програмата и Проектот**:

По интензивирањето на напорите за евро-атлантска интеграција на земјата во 2017 година се означија реформите во безбедносниот и разузнавачкиот сектор, како и на оние институции што имаат мандат да вршат надзор и контрола врз нив како итни и потребни за обезбедување на демократска транзиција и враќање на довербата на јавноста во институциите на државата. Како резултат на ова, ДКАФ му понуди стратешко партнерство на Парламентот што резултираше со потпишување на Меморандум за соработка на **3 мај 2018** година.

Во рамките на оваа стратешка соработка, Парламентот и ДЦАФ се согласија да го спроведат проектот „Развој на парламентарен и независен надзорг како дел од пошироката Програма на ДЦАФ за реформа на разузнавачкиот сектор во Република Северна Македонија 2017-2020. Оваа Програма има два дополнителни кластери на активности: јакнење на способноста на правосудството за контрола на одобрувањето и ревизија на употребата на интрузивните мерки за собирање на информации и асистирање во зајакнување на мерките за внатрешните заштитни механизми, и одговорност во разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

Општата цел на Проектот е да го поддржи развојот на парламентарниот и независен надзор, поефективен Парламентот во демократското управување со институциите во рамките на разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

Проектот обезбедува техничка помош, совети од експерти, преглед на нацрт законодавство, обуки/работилници, студиски посети и поддршка за процесот на уредување на заштитена просторија за состаноци во зградата на Парламентот, за употреба на двете комисии

за надзор на разузнавањето. Целта е да се олесни пренесувањето на знаењето и создавање на работни услови и процедури што помагаат во изградба на парламентарна експертиза и доверба во извршувањето на разузнавачки надзор.

За таа цел членовите на трите комисии за надзор на безбедноста и разузнавањето во почетокот на 2018 година заеднички развија Акциски план за соработка за ангажирање на ДЦАФ, каде што е дефиниран видот на поддршка, одговорностите и временските рамки.

*Во реализација на своите активности ДЦАФ се води по принципите на:* ***неутралност, локална сопственост/иницијатива и поттикнување на родовата еднаквост****.*

1. **Активности реализирани во 2019 година**

Во периодот од 01 јануари 2019 до 31 декември 2019 година, ДЦАФ со Собранитето на Република Северна Македонија, како партнерска институција за Проектот ***Развој на парламентарниот и независен надзор***, покрај редовната подршка на Собранието, реализираше вкупно 17 настани со пратениците и Собраниската служба од комисиите за надзор над безбедноста и разузнавањето и Советот за граѓански надзор. Активностите може да се поделат во 4 групи:

1.1 Активности за зголемување на свеста и релевантната експертиза за разузнавачката одговорност на избраните парламентарци и служба за разузнавачки надзор;

1.2 Практични вежби за парламентарен и независен надзор;

1.3 Експертски/јавни дебати за реформската легислатива и

1.4 Активности за реализација на заштитената соба во Собранието.

**Дијаграм за родова застапеност за целната група**

**(за сите настани реализирани во 2019 година**

**55% Машки и 45% Женски**



## 1.1 Активности за зголемување на свеста и релевантната експертиза за разузнавачката одговорност на избраните парламентарци и служба за разузнавачки надзор

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 1. | **РАБОТИЛНИЦА**<br>**Скопје, 20 февруари 2019**<br>Тема: Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци:<br>- Технички и организациски мерки за обезбедување на доверливост и заштита на личните податоци при нивната обработка<br>- Практики и процедури од областа на безбедност на персоналот<br>**МОДУЛ-02** за Парл. служба | Подигање на знаењето и свеста за темата. Содржината опфатена одработилницата опфаќа теми што произлегуваат од законите. Тренингот е поделен на два дела: заштитата на личните податоци и од областа на класифицирани информации. Обучувачите се високи експерти во областите, вработени во Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП) и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ). | 4–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 6** |
| 2. | **РАБОТИЛНИЦА**<br>**Скопје, 14.05.2019**<br>**Тема**: Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци:<br>- Обезбедување на оперативни системи за автоматска обработка на лични податоци.<br>- Предизвици при ракување со класифицирани информации, ракување со некласифицирани информации.<br>**МОДУЛ-03** за Парл. служба | Подигање на знаењето и свеста за темата. Содржината опфатена одработилницата опфаќа теми што произлегуваат од законите. Тренингот е поделен на два дела: заштитата на личните податоци и од областа на класифицирани информации. Обучувачите се високи експерти во областите, вработени во Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП) и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ). | 4–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 6** |
| 3. | **РАБОТНА ПОСЕТА/РАБОТИЛНИЦА**<br>**Љубљана, 21.05.2019**<br>**Тема**: Работна посета за процедурални аспекти на парламентарниот надзор – трансфер на знаење и искуство од Парламентарната служба на Словенечкиот Парламент. | Трансфер на знаење и искуство од Парламентарната служба на Словенечкиот Парламент кон Парламентарната служба на Собранието на РСМ, со цел подобрување на ефикасноста, планирањето и континуитетот на парламентарниот надзор. | 4–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 6** |
| 4. | **РАБОТИЛНИЦА**<br>**Скопје, 19.06.2019**<br>**Тема**: Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци:<br>**МОДУЛ-01 за пратеници** | Подигање на знаењето и свеста за темата за пратениците од надзорните комисии. Содржината опфатена одработилницата опфаќа теми што произлегуваат од законите. Тренингот е поделен на два дела: заштитата на личните податоци и од областа на класифицирани информации. Обучувачи: директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и висок експерт од Дирекцијата за заштита на лични податоци. | 17-пратеници<br>2–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 21** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | **<u>РАБОТИЛНИЦА</u>**<br>**Скопје, 06.09.2019**<br>**Тема**: Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци:<br>- Административна безбедност класифицирани информации.<br>- Енкрипција на податоци<br>**МОДУЛ-04** за Парл. служба | Подигање на знаењето и свеста за темата. Содржината опфатена одработилницата опфаќа теми што произлегуваат од законите. Тренингот е поделен на два дела: заштитата на личните податоции и од областа на класифицирани информации. Обучувачите се високи експерти во областите, вработени во Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП) и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ). | 4–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 6** |
| 6. | **<u>РАБОТНА ПОСЕТА</u>**<br>**Загреб, 08-09.10.2019**<br>**Тема**: Посета на Хрватскиот Парламент и Советот за граѓански надзор на Хрватска од страна на новоформираниот Совет за граѓански надзор на РСМ | Претседателката и членовите на Советот за граѓански надзор (СГН) на Република Северна Македонија да се запознат со Хрватскиот модел на надзор над безбедносните и разузнавачкита служби, кој истотака вклучува активен Совет за граѓански надзор кој со својата работа е поврзан со Комисијата за внатрешна политика и национална безбедност. Дополнително, претседателката и членовите на Советот да остварат работна посета за здобивање на искуства и добри пракси од работата на Хрватскиот Совет, како поискусно тело во функционирањето и пандан на Советот за граѓански надзор на Република Северна Македонија. | 6–СГН на РСМ<br>1-ДЦАФ<br>**Вкупно 7** |
| 7. | **<u>РАБОТИЛНИЦА</u>**<br>**Скопје, 06.09.2019**<br>**Тема**: Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци:<br>- Резервна копија на податоци и обнова по инциденти.<br>- Влијанието на прекумерната класификација, врз личната и врз безбедноста на информациите.<br>**МОДУЛ-05** за Парл. служба | Подигање на знаењето и свеста за темата. Содржината опфатена одработилницата опфаќа теми што произлегуваат од законите. Тренингот е поделен на два дела: заштитата на личните податоции и од областа на класифицирани информации. Обучувачите се високи експерти во областите, вработни во Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП) и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ). | 3–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 5** |
| 8. | **<u>РАБОТИЛНИЦА</u>**<br>**Скопје, 15.11.2019**<br>**Тема**: Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци:<br>**МОДУЛ-02 за пратеници** | Подигање на знаењето и свеста за темата за пратениците од надзорните комисии. Содржината опфатена одработилницата го опфаќа новиот Предлог-Закон за класифицитрани информации (измени, специфики, компарација со претходното законскио решение) и законски теми од аспект на заштита на лични податоци.<br><u>Обучувачи</u>: директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и висок експерт од Дирекцијата за заштита на лични податоци. | 5-пратеници<br>5–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 12** |
| 9 | **<u>РАБОТИЛНИЦА</u>**<br>**Скопје, 19.11.2019**<br>**Тема**: Родова застапеност во безбедноста | Овој прв модул, дизајниран за пратениците и собраниската служба од Собранието на Република Северна Македонија, цели кон воведување на концептот за род, родова еднаквост и родова пристрасност во безбедноста, обезбедувајќи платформа за дискусија помеѓу сите засегнати страни, создавајќи подлога за идно вклучување на ДЦАФ во оваа област. | 6-пратенички<br>4–парл. служба<br>**Вкупно 10** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | **КОНФЕРЕНЦИЈА**<br>**Скопје, 11.12.2019**<br>**Тема**: Родова застапеност во безбедноста | Целта е да се создаде можност за размена на искуства и мислења за неодамна воведените реформи преку интерактивна панел дискусија. Воведените значајни реформи ја променија состојбата во разузнавачкиот сектор, но во некои сфери од надзорот се' уште се покажуваат практични и концептуални предизвици. Исто така, тема на дискусија ќе бидат и приоритетите, како и наредните чекори кои треба да се преземат заради зголемена одговорност во разузнавачкиот сектор.<br>На крајот на настанот ќе биде промовиран **Прирачникот за спроведување на мерките за следење на комуникациите**, како нов производ пишуван од и за практичарите од правосудството во рамките на ДЦАФ програмата. | 6-пратеници<br>4–парл. Служба<br>8-експерти<br>40-ост. Учесници (невладин, цивилен сектор и сл.)<br>**Вкупно 58** |
| 11. | **РАБОТИЛНИЦА**<br>**Скопје, 20.12.2019**<br>**Тема**: Заштита и безбедност на класифицирани информации и лични податоци:<br>- Интернет безбедност и социјално инженерство.<br>- Прекласификација и декласификација на КИ и проблеми поврзани со прекумерна класификација - искуства и научени лекции.<br>**МОДУЛ-06** за Парл. служба | Подигање на знаењето и свеста за темата. Содржината опфатена одработилницата опфаќа теми што произлегуваат од законите. Тренингот е поделен на два дела: заштитата на личните податоци и од областа на класифицирани информации. Обучувачите се високи експерти во областите, вработени во ДЗЛП и ДБКИ. | 3–парл. служба<br>2-експерти<br>**Вкупно 5** |

**Постигнат резултат:**

Индивидуалните мониторинг интервјуа покажаа дека членовите на соодветните комисии и вработените сметаат дека нивното разбирање, вештини и знаење за управувањето со безбедноста и разузнавањето, одговорноста и нивната формална надзорна улога се зголемија, што влијае на нивната способност да бидат ефективни во нивниот мандат.

Истото се докажува со практичното ангажирање на комисиите во надзорни активности во 2019 година споредбено со претходните години кога парламетарен надзор над разузнавањето во пракса не се спроведуваше. Поставени се основите за парламентарен надзор, но треба да се работи на подобрување на неговиот квалитет.

Во 2019 година комисиите и Советот за граѓански надзор имаат реализирано **12 надзорни активности** врз институциите надлежни да ги контролираат. Споредбено со 2018 кога таа бројка беше **2 активности** и со 2017 кога **немаше активности** од тој тип, може да се заклучи дека има сериозен интерес, разбирање и исчекор овој сегмент.

**Идни предизвици:**

- Овозможување на ангажирањето на двјца постојани технички експерти;
- Креирање на листи на домашни и странски експерти за надзор;

- Создавање на услови за Советот за граѓански надор да може да функционира со полн капацитет;
- Подобрување на квалитетот на парламентарниот и независен надзор.




Како дел од Програмата на ДЦАФ во Република Северна Македонија, под покровителство на ДЦАФ и во соработка со практичари, теоретичари и академската фела од правосудството, се разви и изработи ***Прирачниокот за спроведување на мерките за следење на комуникациите***, кој првенствено е наменет за судиите и јавните обвинители, но и за институциите кои имаат право да предлагаат и да следат комуникации.
Како интегрален дел од Прирачникот е делот за надзор и контрола, кој ги опфаќа сите сегменти во општеството кои директно или индиректно може да вршат надзор и контрола врз овој сегмент, вклучително и собраниските комисии.
Прирачникот беше промовиран на Конференцијата организирана од ДЦАФ на 11.12.2019 година каде учество земаа пратеници и претставници на собранискета служба од комисиите за надзор над разузнавањето.

## 1.2 Практични вежби за парламентарен и независен надзор

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 1. | <u>**1 ПРАКТИЧНА ВЕЖБА**</u><br>**Велес, 26-27.02.2019**<br>**Тема**: Надзор над разузнавачките и безбедносните служби | Подигање на знаењето, свеста и практична примена на одредбите од законите во врска со парламентариот надзор над безбедносно-разузанавчките служби. Тестирање на новите реформски легислативни норми во оваа сфера и продукција на заклучоци за примена или евентуална промена/прилагодување кон подобри стандарди. | 8- пратеници<br>4 –парл. служба<br>4 – експерти<br>**Вкупно 21** |
| 2. | <u>**2 ПРАКТИЧНА ВЕЖБА**</u><br>**Маврово, 18-19.09.2019**<br>**Тема**: Парламентарен надзор над разузнавачките и безбедносните служби-Теренска надзорна посета | Подигање на знаењето, свеста и практична примена на одредбите од законите во врска со парламентариот надзор над безбедносно-разузанавчките служби. Интеракција помеѓу комисиите и Советот за граѓански надзор (СГН). Тестирање на новите реформски легислативни норми во оваа сфера и продукција на заклучоци за примена или евентуална промена/прилагодување кон подобри стандарди. | 15- пратеници<br>3–парл. Служба<br>6-СГН на РСМ<br>3–надв. експерти<br>**Вкупно 32** |

**Постигнат резултат:**

Практичните вежби се покажаа како одлична алатка за воочување на практичните проблеми со кои пратениците, Службата и СГН може да се сретнат при надзорните активности и одличен тест за новата легислатива за парламентарен надзор содржана во неколку законски решенија. Со практичните вежби се увиде на слабоста на легислативата и потребата од нејзино усовршување и оптимизирање во овој дел, како неопходен услов за подобрување на квалитетот на надзорот, за да може да се гарантира заштита на човековите права и законско работење на разузнавачките служби. Ова се наметна како општ заклучок од сите парламентарни групи и индивидуи кои се дел од комисиите за надзор.

**Идни предизвици:**

- Подобрување на законските прописи кои го регулираат надзорот;
- Иницирање на постапка за Закон за парламантарен и независен надзор.

## 1.3 Експертски/јавни дебати за реформска легислатива

| б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 1. | **ЕКСПЕРТСКА ДЕБАТА**<br>**Скопје, 12.03.2019**<br>**Тема**: Закон за Агенцијата на национална безбедност | По претходно доставени коментари на Нацрт-Законот за АНБ до МВР на РСМ, од страна на ДЦАФ, на барање на пратениците и иницијатива на Комисијата за одбрана и безбедност од Собранието организирана е експертска дебата помеѓу ДЦАФ експерти, пратеници и претставници на МВР, во Собранието на РСМ, со цел подобрување на текстот на законот. | 19-пратеници<br>4–парл. служба<br>4 – ДЦАФ екс.<br>1–надв. експерт<br>3-претс. од МВР<br>**Вкупно 31** |
| 2. | **ЈАВНА ДЕБАТА**<br>**Скопје, 12.03.2019**<br>**Тема**: Закон за Аенција на национална безбедност и Закон за координација на безбедносно разузнавачката заедница во Република Северна Македонија | Комисијата за одбрана и безбедност од Собранието организирана е експертска дебата помеѓу ДЦАФ експерти, пратеници и претставници на МВР, во Собранието на РСМ, со цел подобрување на текстот на законот. ДЦАФ присуствуваше на дебатата со 2 претставници. | 20-пратеници<br>4–парл. служба<br>2 – ДЦАФ експ.<br>14–надв. експерт<br>**Вкупно 40** |

**Постигнат резултат:**

Експертската дебата организиирана од ДЦАФ и Комисијата за одбрабна и безбедност се покажа како одлична алатка за подобрување на квалитетот на законот за Агенцијата за национална безбедност. Одредени коментари на на законот од страна на ДЦАФ беа елаборирани пред пратениците и пред претсавниците на предлагачот на законот (МВР на РСМ) од каде што произлегоа конструктивни заклучоци кои подоцна беа вградени во финалниот текст на законот. Овој модел на експертска дебата, базирана на коментари на предлог законско решение пред сите заинтересирани страни, се покажа како ефективна алатка.

## 1.4 Активности за реализација на заштитената соба во Собранието

| Р.б. | Активност, датум и место | Цел | Присутни |
|---|---|---|---|
| 1. | **РАБОТНА ПОСЕТА**<br>**Љубљана, 21.05.2019**<br>**Тема**: Посета на Словенечкиот Парламент и заштитената соба во Словенечкиот Парламент од страна на Собраниската служба и експерти од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. | Посета на заштитената соба во Словенечкиот Парламент. Визуелизација и собирање на податоци, спецификации и искуства кои треба да се применат во понатамошниот процес на планирање, проектирање и изведба за заштитена соба во Собранието на Република Северна Македонија. | 7–парл. Служба<br>2-ДЦАФ<br>2-ДБКИ<br>4-експ. од Словен.<br>**Вкупно 15** |
| 2. | **РАБОТНА ПОСЕТА**<br>**Љубљана, 12.06.2019**<br>**Тема**: Посета на Словенечкиот Парламент и заштитената соба во Словенечкиот Парламент од страна на Собраниската служба и експерти од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. | Посета на Словенечкиот Парламент и заштитената соба од страна на претседателите на трите комисии за надзор над безбедноста и разузнавањето. Визуелизација и собирање на податоци и искуства кои треба да се применат во понатамошниот процесот на изведба за заштитена соба во Собранието на Република Северна Македонија и генерирање на политичка волја за изведба на концептот. | 3–пратеници<br>1-ДЦАФ<br>**Вкупно 4** |

**Постигнат резултат:**

Заштитената соба во Собранието на РСМ започна со планирање и реализација. Одредени се соодветни простории за пренамена и изградба на заштитената соба и изготвена е Проектна програма за истата, која треба да се одобри од страна на преседателот на Собранието. Одредени експертски консултации се направени со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и истите се вградени во проектната програма.

Врз база на Проектната програма, планирани се финансиски средатва од 100.000 EUR во Буџетот на РСМ за 2020 година за изградба на заштитената соба, а ДЦАФ има предвидено дополнителни 100.000 CHF за таа намена.

**Идни предизвици:**

- Одобрување на Проектната програма од страна на претседателот на Собранието;
- Потпишување на Договор за донација со ДЦАФ (100.000 CHF) и спецификација на начинот на трошење (до крај на мај 2020);
- Отпочнување и завршување на градежните работи (јуни –декември 2020)
- Опремување на просторијата (септември-декември 2020)
- Процедури и обука за употреба на просторијата (јуни-ноември 2020).

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на РепубликаСеверна Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Северна Македонија и Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието од 12 февруари 2015 година настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата, така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменици на генералниот секретар;*
3. *државни советници*
4. *сектори и*
5. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*На осмата седница на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 14 јули 2017 година за нов генерален секретар е избрана* ***г-ѓа Цветанка Иванова.***

*Генералниот секретар во моментов има три заменици и тоа,* ***Неџбедин Ибраими, Маријана Кацарска и Мики Милковски.***

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието, сектор, посебна организациона единица и одделение.*

*Согласно со Правилникот за организација се образуваа 13 сектори во чии рамки има 51 одделение, две посебни организациони единици - одделенија како и една посебна организациона единица - Парламентарен институт.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието, односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела е составен е од девет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека со три одделенија, врши работи во врска со информирање на јавноста за работа на Собранието и работните тела, изготвување на статистички материјали поврзани со работата на Собранието и работните тела, се прибираат, чуваат , обработуваат и даваат на користење документациони податоци и материјали за работа на Собранието, набавка и евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна

политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република *Северна* Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за административни работи со пет одделенија врши административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Секторот за поддршка на Советот на собраниски канал со две одделенија ги извршува работите на планирање, подготовка и реализација на преносите на седниците на Собранието и работните тела и планирање, развој и имплементација на системот за електронско гласање и говорење.

Во посебната организациона единица - Парламентарен институт се вршат работите на истражувања за потребите на пратениците и стручната служба на Собранието, врши анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Северна Македонија. Парламентарниот институт својата работа ја извршува преку два сектора со по две одделенија.

Посебната организациона единица-Одделение за внатрешна ревизија ги врши работите кои се однесуваат на оценување на значајните фактори на ризик, давање на совети на генералниот секретар на Собранието за намалување на факторите за ризик, утврдување и оценување на економичноста, ефективноста и ефикасноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола врз основа на анализи, проверка на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финасиските извештаи, утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и интерните акти и на работите во врска со следење на спроведувањето на преземените мерки од страна на генералниот секретар на Собранието врз основа на ревизорскиот извештај.

Посебната организациона единица - Одделение за управување со човечки ресурси, обезбедува ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, учествува во постапките за вработување, унапредување и мобилност на административните службеници и другите вработени во институцијата, ги организира и координира стручното усовршување и унапредување со учинокот на административните службеници, како и други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.

## 10.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да принесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### *ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2019 ГОДИНА*

Одделението за внатрешна ревизија постапува согласно Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија кој го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола .

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2019 година беа планирани 4 ревизии и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешни контроли при користење на службените возила на Собранието на Република Северна Македонија;

2. Ревизија на системот на внатрешни контроли на прекувремена работа (останување на вработените подолго од полното работно време) на Собранието на Република Северна Македонија;

3. Ревизија на системот на внатрешни контроли при функционирање на работењето на Одделението за библиотека на Службата на Собранието на Република Северна Македонија и

4. Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2018 година;

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

### 3.1. Ревизија на системот на внатрешни контроли при користење на службените возила на Собранието на Република Северна Македонија.

Ова ревизија беше спроведена согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2019 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при користење на службените возила на Собранието на Република Северна Македонија.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во ревидираниот процес.

### 3.2 Ревизија на системот на внатрешни контроли на прекувремена работа (останување на вработените подолго од полното работно време) на Собранието на Република Северна Македонија.

Ова ревизија беше спроведена согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2019 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола на прекувремена работа (останување на вработените подолго од полното работно време.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

**3.3 Ревизија на системот на внатрешни контроли при функционирање на работењето на Одделението за библиотека на Службата на Спобранието на Република Северна Македонија.**

Ова ревизија е составен дел на Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2019 година.

Целта на ревизијата беше да се увериме дали постои и како функционира системот на внатрешна контрола при функционирање на работењето на Одделението за библиотека на Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

За оваа ревизија е изготвен Ревизорски извештај и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа опфатени со извршената ревизија.

**3.4 Ревизија на следење на препораките дадени во ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за вршење на внатрешна ревизија за 2018 година**

Со ревизијата е опфатено следењето на препораките од ревизорските извештаи реализирани согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година.

За спроведената ревизија се изготвува Ревизорски извештај и истиот ќе се доставува до генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија.

Целта на ревизијата беше да се информира раководството на Собранието на Република Северна Македонија за бројот на спроведени односно неспроведени препораки дадени во ревизорските извештаи изготвени од Одделението за внатрешна ревизија во Службата на Собранието на Република Северна Македонија.

## 10.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници.

Основна задача на Одделението е да обезбеди ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, да учествува во постапките на вработување, унапредување и мобилност на административни службеници и другите вработени во институцијата, да ги организира и координира стручното усовршување и управувањето со ефектот на административните службеници и другите вработени во институцијата, како и да врши други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.

| Назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | помошно Стручни | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | **1+3** | - | - | - | - |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | **6** | 2 | 4 | - | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | **31** | 4 | 24 | 3 | - |
| *Државни советници* | **9** | 9 | | | - |
| *Законодавно правен сектор* | **7** | 2 | 4 | 1 | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | **9** | 4 | 5 | - | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | **43** | 8 | 34 | 1 | - |
| *Сектор за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека* | **9** | 4 | 4 | 1 | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | **9** | 3 | 4 | - | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | **6** | 2 | 3 | 1 | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | **15** | 3 | 2 | 10 | - |
| *Сектор за финансиски и економски прашања* | **19** | 4 | 6 | 9 | - |
| *Сектор за преведување* | **22** | 4 | 11 | 7 | - |
| *Сектор за стручни и административни работи* | **66** | 3 | 3 | 30 | 30 |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | **1** | 1 | - | - | - |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | **20** | 6 | 14 | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | **2** | 1 | 1 | - | - |
| *Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси* | **1** | 1 | - | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | ***275*** | ***59*** | ***123*** | ***63*** | ***310*** |

Во Службата, заклучно со 31 декември 2019 година има  245 административни службеници и 30 вработени без статус на административни службеници (помошно-технички лица) или вкупно 275 вработени во редовен работен однос. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија, кој има заменици

Службата има 59 раководни административни службеници, **123** стручни административни службеници, **63** помошно-стручни административни службеници и **30** вработени без статус на административни службеници, односно помошно-технички лица.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници, организирани во пратенички групи предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

***Реализирани обуки во 2019 година***

Во насока на зајакнување на капацитетот на Службата на Собранието во периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 година беа организирани повеќе специјализирани обуки со цел зголемување и проширување на знаењата и вештините на државните службеници во Службата:

***Февруари***

1. Обука за раководителите во Парламентарниот институт, од 5 до 7 февруари 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;
2. Процедури за постревизорскиот процес, во организација на Вестминстер фондацијата за демократија, од 11 до 13 февруари 2019 година, Гевгелија;
3. Конференција:,,Cyber security tech day”, 26 февруари 2019 година, Скопје;
4. Набљудување на одржувањето на едукативната активност во вид на игра на улоги „Mein Standpunkt, студиска посета на Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација од 20 до 22 февруари 2019 година, Берн, Швајцарија;
5. Тркалезна маса на тема: „Зајакнување на проценката и мониторингот на капацитетите-претставување на мониторинг алатка”, во организација на Центарот за европски безбедносни студии (ЦЕСС) и Собранието на Република Северна Македонија, финансиски поддржана од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, 21 февруари, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;
6. Работилница на тема:„Истражувачки консултации”,  од  26 до 29 февруари 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;

***Март***

7. Твининг обука на тема: „Понатамошно подобрување на системот на внатрешна контрола”, финансиран од Европска Унија, а организиран од Министерството за финансии на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за финансии на Република Хрватска, 7 март 2019 година, Скопје;
8. „Зајакнување на административните капацитети во насока на јакнење на законодавната функција на Собранието: постапка за донесување закони, номотехнички правила на изработка на прописи,

постапка за донесување буџет и усогласување на домашното со ЕУ законодавството" во организација на Парламентарниот институт, од 14 до 16 март, 2019 година, Кавадарци;

9. Состанок на Извршниот комитет на Европски Центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД), 21-23 март 2019 година, Даблин, Ирска;
10. Вишокот храна наспроти предизвиците за справување со сиромаштијата и гладот во општеството, 27 март 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;
11. Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија, во организација на UN Women – Тело на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените, 29 март 2019 година, Скопје;

***Април***

12. Работилница за проценка на родовата сензитивност на Собрание на Република Северна Македонија, во организација на Комисија за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје , 2 април 2019 година, Собрание на Република Северна Македонија;
13. Работилница на тема: „Формирање и развивање на ефективни тимови„ во рамки на проектот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, „Поддршка на демократските процеси за демократско управување", 23 и 24 април 2019 година, Скопје;
14. Обука за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, организирана од Дирекцијата за заштита на лични податоци, 24 април 2019 година, Скопје;

***Мај***

15. ЕЦПРД семинар на тема: „Парламентарна буџетска контрола", во организација на Европски Центар за парламентарни истражувања и документација, 8-11 мај 2019 година, Хаг – Холандија;
16. „Парламентарен надзор над јавните политики во Советот на Европа", во организација на Совет на Европа, 20-22 мај 2019 година, Будимпешта;
17. Работилница - преглед на Регистарот на ризици на Собранието, 21 мај 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;
18. Годишен интернационален форум на центри на посетители во парламентите „Иновации – лабораторија за демократија", 28 мај 2019 година, Скопје;
19. Подготовка на Годишен план на активности на Парламентарниот институт за 2020 година, 28 мај 2019 година, Скопје;
20. Петта регионална конференција на истражувачките центри од регионот на тема: „Попис на население и домаќинства во земјите од Југоисточна Европа", 31 мај 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;

***Јуни***

21. Студиска посета на Австрискиот парламент, Виена, Австрија од 5 до 8 јуни 2019 година;
22. ЕЦПРД семинар на тема: „Предизвици на дигиталната ера, зачувување, управување со парламентарните документи и библиотечното наследство" во организација на Европски Центар за парламентарни истражувања и документација, 6 до 8 јуни 2019 година, Сенатот во Мадрид, Кралство Шпанија;

23. Работилница за истражувачки служби на парламентите од Западен Балкан, во организација на Европски Парламент, од 6 до 8 јуни 2019 година, Брисел, Кралство Белгија;
24. Поддршка на Собранието во спроведувањето на реформи, 11-13 јуни 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;
25. Состанок на Мрежата на организациски единици за управување со човечки ресусрси, одржана на 18 јуни 2019 година, Скопје;
26. Форум за антикорупциските реформи, во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН), 18 јуни 2019 година, Скопје;
27. Презентација на извештајот на ОБСЕ, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, 24 јуни 2019 година, Собрание на Република Северна Македонија;

***Јули***

28. Работилница: „Родово сензитивно законодавство и надзор на родова еднаквост“, во организација на Националниот демократски институт (НДИ) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 4 јули 2019 година, Маврово;
29. Обука на тема:„Презентациски вештини за Секторот за работни тела„, во рамки на проектот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, „Поддршка на демократските процеси за демократско управување”, од 11 до 12 јули 2019 година, Скопје;
30. Панел дискусија: „Националните перспективи на крајот на романското и во очекување на финското претседателство со Советот на ЕУ”, во организација на Амбасадата на Романија во Скопје, Амбасадата на Финска во Белград и Институтот за демократија, 16 јули 2019 година, Министерство за надворешни работи, Скопје;
31. „Тренинг за истражувачи и други вработени во Службата на Собранието”, во организација на Националниот демократски институт (НДИ), 31 јули 2019, Едукативен центар на Парламентарниот институт;

***Август***

32. Работилница за подготовка на Доброволен национален извештај за имплементацијата на целите за одржлив развој, 15-16 август 2019 година, Влада на Република Северна Македонија;
33. Годишна конференција: „Поддршка на дијалогот за промени”, IFLA, 21-22 август 2019 година, Парламент на Република Грција, Атина;

***Септември***

34. Тркалезна маса: „Медиумското покривање на политичарките и говорот на омраза”, во организација на Националниот демократски институт (НДИ), 24 септември 2019 година, Скопје;
35. Панел дискусија: „Улогата на мажите во родовата еднаквост”, во организација на Националниот демократски институт (НДИ), 26 септември 2019 година, Скопје;
36. Студиска посета во Европскиот парламент на тема управување со човечки ресурси, во организација на Европскиот парламент, 25-27 септември 2019 година, Брисел, Кралство Белгија;
37. Систем за менаџмент со квалитет - Барања и ИСО 19011: 2011 Упатство за проверување на системи за менаџмент, во организација на Еуромак контрол, 30 септември 2019 година, Скопје;

***Октомври***

38. Работилница: „Улогата на Собранието на РСМ во извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови праваг, во организација на Националниот демократски институт (НДИ) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 1 октомври 2019 година, Скопје;
39. ЕЦПРД семинар на тема:„Вештачка интелигенција, иновации и проекти во парламентите” од областа на информатичките технологии во парламентите“, во организација на Европски Центар за парламентарни истражувања и документација, 3-4 октомври 2019 година,Талин, Естонија;
40. Тркалезна маса: ,,Донирање и редистрибуција на вишок храна“, во организација на Банка за храна, 8 октомври 2019 година, Скопје;
41. Работилница на тема: „Проценка на влијанието на регулативата и креирање рамка за независност на Собранието на Република Северна Македонија” , од 8 до 9 октомври 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;
42. Годишна конференција на коресподенти, во организација на Европски Центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД), 9 до 12 октомври 2019 година, Берлин, Германија;
43. Студиска посета на Швајцарскиот парламент, во организација на Парламентот на Швајцарија, 16 до 18 октомври 2019 година, Берн, Швајцарија;
44. Билатерална работилница на тема: „Кон родово сензитивни парламенти во Република Северна Македонија и Република Албанија“, во организација на Мисија на ОБСЕ во Подградец, Албанија, 18 до 20 октомври 2019 година, Подградец, Албанија;
45. „Регионална работилница на парламентарните истражувачки служби”, во организација на Национален Демократски Институт (НДИ) во рамки на WBLSI (Иницијатива за јакнење на законодавните капацитети на земјите од Западен Балкан), 23 до 25 октомври 2019 година, Будва, Црна Гора;
46. ЕЦПРД семинар: ”The Legal Status of MPs - Recent Developments”, во организација на Европски Центар за парламентарни истражувања и документација, од 24 до 25 октомври 2019 година, Парламент на Кралството Белгија, Брисел;

***Ноември***

47. Работилница за менторки и менторини во рамки на Менторската иницијатива „Жени за жени во јавниот сектор”, во организација Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика, од 12 до 14 ноември 2019 година, Гевгелија;
48. Родовите аспекти во проценка на влијанието на националните политики, и во истражувања и анализи на политики, во организација на UN Women, од 20 до 23 ноември 2019 година, Маврово;
49. Презентација на наоди од проектот ACTION SEE, во организација на Вестминстер фондација за демократија, 26 ноември 2019 година, Скопје;

***Декември***

50. ,,Примена на новиот Закон за јавните набавки во Собранието: детална презентација на измените и новините што се воведуваат со новото законско решение”, во организација на Национален Демократски Институт и Парламентарниот институт, од 2 до 3 декември 2019 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт, Собрание на Република Северна Македонија;
51. Тренинг за користење на алатките на социјалните медиуми, во организација на Швајцарска агенција за соработка и развој (СДЦ), од 4 до 5 декември 2019 година, Скопје;

52. Работилница „Кон национална рамка на показатели: Усогласување на рамките на показатели за целите за одржлив развој (ЦОР) и показатели за оценување на постигнувањата (ИПА ПАФ) ”, 11 декември 2019 година, Скопје;
53. Регионален настан: „Подобрување на политиките за оданочување на тутунот во Западен Балкан”, од 12 до 13 декември 2019 година, Скопје;
54. Студиска посета на Парламентарниот институт во Словачка, в, во организација на Национален Демократски Институт (НДИ), од 15 до 18 декември 2019 година, Братислава, Словачка;
55. Промоција на Извештај за: „Соработка во полето на образование,култура и невладиниот сектор по Преспанскиот договор. Како да се продолжи напред? ”, 16 декември 2019 година, Скопје.

Покрај специјализираните обуки, реализирани се и генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на општите компетенции, предвидени во Каталогот на генерички обуки во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административни службеници на Министерството за информатичко општество и администрација. Генеричките обуки беа реализирани преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS) на следниве теми:

- Решавање на проблеми;
- Учење и развој;
- Комуникациски вештини;
- Постигнување резултати;
- Работење со други;
- Стратегии и иновации;
- Ориентираност кон клиенти;
- Управување и развој;
- Управување со промени;
- Креирање и дефинирање на политики;
- Евалуација на програми и политики;
- Антикорупциски мерки и етика во администрацијата и
- Административно работење.

## 10.1.3 Парламентарен институт

Годишниот план на активности на Парламенатрниот институт опфаќа над 150 активности во функција на спроведување на три стратешки цели од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020: отворен парламент, информирани пратеници и одржлив и вмрежен Парламентарен исНтитут со вклучени, квалификувани и продуктувни службеници.

1. **Отворен парламент**

1.1 За да се промовира **култура на отвореност на законодавната власт**, во текот на 2019 година беа одржани **26 едукативни семинари и работилници** наменети за ученици од основно и средно образование и студенти на универзитетите. На семинарите учествуваа **вкупно 935 учесници**, што во споредба со претходната година (344 учесници), како и во однос на индикаторот од Стратешкиот план (планирани 340 учесници) е скоро три пати повеќе учесници (зголемување за 271,8%)[1].

**Графикон 1. Приказ на бројот на учесници на едукативните семинари организирани од ПИ во периодот 2015-2019**




Најголем удел во зголемувањето на бројот на учесници на семинарите и работилниците има новата активност на Парламентарниот институт наменета за ученици од средно образование „Имам став!", која за прв пат беше реализирана во 2019 година. **Едукативната активност „Имам став!"** претставува симулација на процесот на разгледување предлог-закон во рамките на Собранието. Активноста ги стимулира учесниците да развиваат сопствени ставови во врска со политички теми и истите да ги бранат со аргументи пред останатите учесници, со цел изнаоѓање на решение кое ќе биде прифатено од мнозинството на учесници. Истата е подготвена по примерот на едукативната активност „My Point of View", организирана од страна на Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација. Во текот на 2019 година, во рамките на активноста

[1] Реализирани точките од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 1.1.1 Вклучување, информирање и инспирирање на младите и 1.1.2 Донесена и спроведена програма со минимум 80% од активностите.

се реализираа **18 работилници на кои учествуваа вкупно 592 ученици и 38 професори од 17 средни училишта од девет различни градови** во државата.

За играта, беше снимано и **заедничко промотивно видео**, снимано во Скопје и во Берн, финансирано од Швајцарската амбасада преку Институтот за демократија. Видеото ќе се емитува на Собранискиот ТВ канал, како и да се користи од страна на двата парламента за промоција на едукативната активност.

Во рамките на подготовките за спроведувањето на активноста „Имам став!", Парламентарниот институт организираше **работилница за наставници од средните училишта** на 18 јануари 2019 година за да се подготват за успешно менторирање и организирање на учениците за учество во активноста.

Дополнително, беше подготвен и споделен **Водич со инструкции за организација на едукативната активност „Имам став!"**.

Во 2019 година, Парламентарниот институт продолжи со организација и на останатите едукативни активности наменети за различни целни групи. Беа организирани две едукативни работилници **„Детски парламент"** за ученици од основните училишта. Првата работилница беше организирана на 15 февруари 2019 година и на неа учествуваа вкупно 75 учесници од 15 основни училишта од 13 различни општини во државата, додека втората на 20 септември 2019 година со 72 учесници од 14 основни училишта од 11 различни општини[2]. Целта на оваа активност е преку симулација на законодавната постапка да се приближи работата на Собранието до младите, да се придонесе за развој на демократска свест и култура на толеранција, како и да се поттикнат младите за општествена и политичка критичност и вклученост. На работилниците **учество земаа и четири пратеници од различни пратенички групи** во Собранието.

За време на работилниците учениците имаа можност да ја изразат својата креативност преку презентација на пано со порака до пратениците претставена низ мисла, стих или цртеж. Цртежите и пораките на учениците беа искористени за изработка на **календар за 2020 година**, кој беше испечатен и дистрибуиран во **500 примероци**.

Дополнително, беа организирани и спроведени вкупно **6 еднодневни едукативни семинари за ученици од средно образование и за студенти**. На двата семинари за ученици во средните училишта, насловени **„Демократијата и Собранието"**, организирани во септември и ноември, учествуваа вкупно 60 учесници од десет средни училишта од 11 различни општини во државата. Низ теоретски предавања, видео проекции и работилници, учениците ги утврдија и проширија своите знаења за демократијата, историски развој на парламентаризмот во Македонија, за принципот на поделба на власта, за местото и улогата на Собранието во политичкиот систем на Републиката, за изборот на народните претставници, за постапката на донесување закони во Собранието и други слични теми.

За студенти беа спроведени четири едукативни семинари со работен наслов „**Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право"**, во февруари, април, октомври и ноември, на кои учествуваа вкупно 98 учесници од четири различни факултети. Студентите беа запознати со правилата по кои се одвива парламентарниот живот и

---

[2] Поради организациски и логистички причини, беше одлучено бројот на учесници на Детскиот парламент да се намали од 90 на 75 учесници.

дејноста на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија, постапката за донесување на законите, парламентарната демократија и нејзиниот историски развој.

Во насока на поголема вклученост и информирање на социјално-економските ранливи категории, Парламентарниот институт организираше **тркалезна маса** која се одржа по повод одбележување на 23 септември - Меѓународниот ден на знаковните јазици, во соработка **со Националниот сојуз за глуви и наглуви лица**. На тркалезната маса **учество земаа тројца пратеници** од Собранието и претставници од сите 17 општински организации кои членуваат во Националниот сојуз. Во подготовките за овој настан, беа изработени **три различни постери на кои преку слики и текст на знаковен јазик** се опишуваат следните поими: Собрание (парламент), пратеник, устав, закон, демократија и избори. Постерите, кои претставуваат нови едукативно-информативни материјали на Институтот, беа испечатени во 20 примероци од секој постер (вкупно 60 постери).

Дополнително, по повод одбележување на 15 октомври - Меѓународниот ден на Белиот стап - симболот на слепиот човек, Парламентарниот институт организираше **специјализирана обиколка на законодавниот дом за претставници од Здружението на слепи и лица со оштетен вид Скопје**. Во текот на обиколката, гостите имаа можност да се запознаат со историјата и архитектурата на парламентарната зграда, како и да добијат подетални информации за организацијата и работата на Собранието. На присутните им беа поделени и информативни материјали на Брајово писмо. Во рамки на посетата, беше одржана и средба со двајца пратеници во Собранието, потпретседатели на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности.[3]

1.2 Во втората половина на 2019 година, Парламентарниот институт **спроведе јавен оглас за ангажирање на шест практиканти**. Огласот беше објавен на 5 август 2019 година и траеше десет дена. Беше формирана комисија за селекција на практиканти, која го спроведе процесот на селекција и подготви конечна ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминаа сите фази на постапката за селекција и истата ја достави до генералниот секретар на Собранието. Сепак, поради законски и институционални пречки, **практикантската работа не се реализираше**, односно одбраните кандидати не беа ангажирани.

1.3 Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт спроведува **организирани тури на зградата на Собранието** за сите заинтересирани граѓани. Преку овие тури, кои се со времетраење од еден час, граѓаните имаат несекојдневна можност да ја разгледаат зградата на Собранието и да видат каде работат пратениците. Посетите се реализираат во редовни термини, за време на **отворените денови - секој последен петок во месецот**, или во вонредни термини, по барање од граѓани, пратеници или образовни институции. Во текот на 2019 година, во рамките на 160 организирани обиколки Собранието го посетија **вкупно 6.032 посетители,** што претставува 32% зголемување во однос на бројката од 4.066 посетители во текот на 2018 година[4].

1.4

[3] Реализирана точката од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 1.1.3 Вклученост и информирање на социјални и економски ранливи категории

[4] Надминати предвидените индикатори за оваа цел во Стратешкиот план 2018-2020, утврдени во точка 1.1.2 од истиот (5.000 посетители годишно) за преку 20%.

**Графикон 2. Приказ на бројот на посетители на Собранието во периодот 2015-2019**




**Во однос на типот на терминот за посета,** 2.334 посетители имало за време на редовните термини (секој последен петок во месецот), 2.650 на термините организирани по барање од институции и организации, а 1.048 за време на обиколките кои се одржуваат во склоп на едукативните семинари.

**Табела 1. Преглед на посетители на Собранието во 2019 година**

| тип на термин за посета | број на термини | број на обиколки | број на посетители |
|---|---|---|---|
| редовен (секој последен петок во месецот) | 11 | 56 | 2.334 |
| по барање | 29 | 76 | 2.650 |
| организирани обиколки во склоп на едукативните семинари | 28 | 28 | 1.048 |
| вкупно | 68 | 160 | 6.032 |

**Во однос на периодот од годината**, најмногу посетители се забележани во месеците март (1.418), декември (1.271) и април (930)[5], додека најмалку посетители имало во месеците јуни (89), јули (1) и во август кога немало ниту еден посетител[6].

[5] Високиот број на посетители во март и во април е производ на големиот број на учесници на едукативната активност „Имам став!“, во склоп на која за учесниците се организира и тура на зградата на Собранието; во декември поради интересот од јавноста беа организирани голем број на вонредни термини за обиколки.
[6] Малиот број на посетители во летните месеци е резултат на годишните одмори и летниот распуст на учениците.

**Графикон 3. Приказ на бројот на посетители на Собранието во 2019 година по месеци и квартали**




**Во однос на родовата структура на посетителите**, поголем број на посетители или 55,77% биле жени (3.364), додека 44,23% биле мажи (2.668).

**Графикон 4. Приказ на родовата структура на посетителите на Собранието во 2019 година**




| | јануари | февруари | март | април | мај | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жени | 251 | 300 | 795 | 553 | 92 | 37 | 0 | 0 | 237 | 195 | 281 | 623 |
| мажи | 146 | 190 | 623 | 377 | 47 | 52 | 1 | 0 | 183 | 156 | 245 | 648 |
| вкупно | 397 | 490 | 1418 | 930 | 139 | 89 | 1 | 0 | 420 | 351 | 526 | 1271 |

1.5 Во текот на годината беше спроведена континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на материјалите на Парламентарниот институт**. Беше извршено целосно ревидирање на текстот и изработка на нови верзии на сите едукативно-информативните материјали на Парламентарниот институт и превод на истите на албански и англиски јазик. Во 2019 година беа **испечатени вкупно 11.243 информативни материјали и дистрибуирани вкупно 8.407 информативни материјали** до соодветните целни групи. Во спредба со претходната година кога беа дистрибуирани 26.878 материјали, имаме значително намалување од 68,72% на дистрибуираните информативни материјали[7]. Во континуитет се врши дистрибуција на изрежаните промотивни цедиња на Институтот.

[7] Реализирана точка 1.1.2 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020, (број на испечатени и дитрибуирани материјали до целни групи).

1.6 Со цел подобро промовирање на новите софтверски платформи (онлајн виртуелна тура на Собранието и онлајн едукативен квиз), Парламентарниот институт изработи и испечати 150 парчиња на македонски и албански јазик, **нов промотивен материјал – флаер за промоција на виртуелната тура и онлајн едукативен квиз**.

1.7 Дополнително, во текот на 2019 година, во насока на поголема промоција на Собранието и своите активности, Парламентарниот институт изработи **три нови информативно-промотивни материјали**:

- **Прирачник за посетители во Собранието**, во кој се опфатени корисни информации за Собранието, вклучително и историјата, работата и надлежностите, внатрешноста на зградата, претходните претседатели, а содржи и насоки за посетителите на отворените денови; од материјалот беа испечатени 500 примероци и истите се дистрибуираат на посетителите за време на отворените денови;
- **Водич за пратеничкиот состав 2016-2020**, во кој се прикажани сите пратеници од актуелниот пратенички состав, со слики и основни информации за сите, со цел подобро запознавање на јавноста со народните избраници; од материјалот беа испечатени 200 примероци и истите се дистрибуираат за време на отворените денови и на останатите едукативни активности на Институтот;
- **Беџови за посетители**, со логото на Собранието, кои се делат на сите учесници на организираните обиколки на зградата; досега се изработени и дистрибуирани вкупно 870 беџови.

1.8 На почетокот на годината беа подготвени **Годишен план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2019 година** и **Годишен план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2019 година**. На седницата на Управувачкиот совет од 1 февруари 2019 година, беа предложени и усвоени двата плана, со што се постави основата за спроведување на активностите за едукација и информирање на граѓаните, како и на пратениците, вработените во Службата на Собранието, надворешните соработници на пратеничките групи и асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните.

1.9 Во контекст на промоција на законодавната власт, Парламентарниот институт пристапи кон **ревидирање на досега изработените едукативни видео материјали** во согласност со новиот политичко правен развој во државата, со цел продолжување на нивното емитување на Собранискиот ТВ канал. Дополнително, во текот на 2019 година, Парламентарниот институт изработи **две нови промотивно-едукативно видеа:** „Собранието за сите“, со цел приближување на работата на Собранието до ранливите категории на граѓани, и „Парламентите за младите“, заедничкото промотивно видео на активноста Имам став! на Собранието и соодветната активност „My Point of View“ од Швајцарскиот парламент.

1.10 Во насока на олеснување на процесот на пријавување на обуките во организација на Институтот, како и зголемување на транспарентноста при евиденција на континуираниот професионален развој на вработените во Службата на Собранието, беше спроведена јавна набавка за изработка на **онлајн платформа за обуки**. Преку ова софтверско решение, обезбедена е можност за електронско пријавување на обуките и работилниците од страна на различните целни групи, како и континуирано евидентирање и преглед на сите посетени едукативни активности од страна на вработените во Службата (водење на персонални досиеја).

1.11 Со цел обезбедување на **непречен и брз пристап до софтверите на Парламентарниот институт**, беше спроведена јавна набавка на услуги за **превентивно и адаптивно одржување** на системите Е-архива, Е-библиотека и PMC. Преку овие услуги се врши квалитетно и навремено одржување на апликативните решенија и базите на податоци на информацискиот систем, со цел непречено функционирање на истите, како и надградба на постојните системи согласно утврдените потреби. Дополнително, спроведена беше и јавна набавка за **сервисирање и одржување на хардверската опрема** на Институтот.

1.12 Во правец на унапредување на електронската и информатичката инфраструктура, во првата половина на оваа година беше набавена **нова аудио и видео опрема за потребите на Парламентарниот институт**: професионален безжичен систем за водење на организирани тури (tour guide system), професионален безжичен вокален сет со два микрофони, два ласерски покажувачи со функција за презентирање и дигитален дисплеј со единица за сетирање на време.

1.13 Во контекст на зголемување на отвореноста на податоците на Парламентарниот институт, во февруари 2019 година на интернетската страна на Собранието, на банерот на Парламентарен институт, беше објавен Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 година.

1.14 Во извештајниот период, Парламентарниот институт продолжи со воспоставената пракса за **известување за своите настани** преку електронски алатки. По реализација на секој настан, информации за истиот се објавуваат на официјалните страни на социјалните мрежи, како и на интернетската страна на Собранието преку банерот на Парламентарен институт, во табот Активности. Исто така, на секои три месеци за овие настани се известува и во кварталниот електронски билтен.[8]

1.15 Во однос на **искористеноста на материјалните средства, електронска и информатичка инфраструктура**, во текот на 2019 година Едукативниот центар беше искористен за следните активности: пет генерални колегиуми, два состаноци на Управувачкиот совет, една презентација од страна на Претседателот на Собранието, една регионална конференција, една презентација на билатерално истражување, еден промотивен настан, две сесии интервјуа со кандидати за

[8] Реализирана точка 1.2.1 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (известување по електронски пат)

практикантство, 19 работни состаноци на Комисијата за архивирање на материјали (отпис и попис на архивски материјали за Службата на Собранието), шест семинари за ученици и студенти, две тркалезни маси, три презентации, 51 состанок, 20 обуки, еден вебинар, 11 настани за истражувачки потреби, шест ревизии од страна на ревизорска куќа, два работни состаноци за инсталирање на софтверски програми, еден работен состанок за одржување на софтвер и осум други настани. **Степенот на искористеност** на капацитетот на **Едукативниот центар** за 2019 година изнесува **29,96%**, што претставува зголемување за повеќе од осум проценти во однос на 2018 година (21,31%).

1.16 Во насока на обезбедување достапност на податоци за законодавната власт, реализирани се следниве активности во наведениот извештаен период: одговорени се **23 прашалници кон ЕЦПРД** мрежата и иницирани се **3** прашалници кон оваа мрежа; одговорени се 3 барања кон други баратели и 5 прашалници кон ИПУ.[9]

1.17 Во контекст на промовирање на отвореноста, транспарентноста и отчетноста, Парламентарниот институт **ги објави своите уредувачки акти и истражувачките работи по сопствена иницијатива од 2019 година** на интернетската страница на Собранието https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut.nspx [10].

**2.Информирани пратеници**

2.1 Парламентарниот институт во извештајниот период обезбеди **навремени, објективни и непристрасни услуги по барање на пратениците и другите баратели и по сопствена иницијатива**. Во 2019 година беа поднесени **103 барања**[11] за истражувачки работи и во споредба со 2018 година, бројот на поднесени барања (92) бележи **пораст за 11,95%**.[12]

2.2 Дополнителните статистики од аспект на полова структура, етничка и политичка припадност на пратениците подносители на барања за истражувачки работи се дадени во Табела бр. 1 од овој годишен извештај. Може да се увиди тенденција на пораст на барањата за истражувачки работи од пратеници кои се дел од владејачкото мнозинство во споредба со 2018 година, а тенденција на пораст се забележува и кај барањата поднесени од пратеници кои се дел од опозиција. Реализираните 103 барања за истражувачки работи се поднесени од вкупно **47 различни пратеници или 39,2% од вкупниот број на пратеници**, што е **зголемување за 27%** во споредба со 2018 година кога барале 37 пратеници. Барањата од пратениците во најголем дел се поврзани со прашања од агендата на Собранието.

[9] Реализирана точка 1.2.2 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт, (размена на парламентарни информации)
[10] Реализирани точки 1.3.1 и 1.3.2 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (јавност на уредувачки акти и услугите и продуктите на ПИ)
[11] Од вкупниот број 103 поднесени барања за истражувачки работи, 99 се поднесени од пратеници, а 4 барања се поднесени од Генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија
[12] Реализиран индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020.

**Табела 2. Статистика на истражувања по барање на пратеници**

| Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 103 | | | | |
| Полова структура | број на барања од жени пратеници | | број на барања од мажи пратеници | |
| | **35** | 33,98% | **68** | 66,02% |
| Етничка припадност | број на барања од Македонци пратеници | | број на барања од Албанци пратеници | |
| | **84**[14] | 81,55% | **19** | 18,45% |
| Политичка припадност | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | |
| | **58** | 56,31% | **45** | 43,69% |

| Вкупен број пратеници кои поднеле барање за истражување | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **47**[13] | | 39,2% | | |
| Полова структура | жени пратеници | | мажи пратеници | |
| | **19** | 40,42% | **28** | 59,57% |
| Етничка припадност | Македонци пратеници | | Албанци пратеници | |
| | **36** | 76,59% | **11** | 23,41% |
| Политичка припадност | владејачко мнозинство | | Опозиција | |
| | **29** | 61,70% | **18** | 38,30% |

2.3 По сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработи **13 истражувачки работи**.

2.4 Во извештајниот период објавена и испечатена е **Збирката на истражувачки работи** по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт за 2018 година.[15]

2.5 Со цел поголема информираност Парламентарниот институт одржа **две презентации и briefing за пратениците**[16]. Во март 2019 година во соработка со Банката за храна беше одржана презентација на тема „Вишокот храна наспроти предизвиците за справување со сиромаштијата и гладот во општеството". На 19 декември 2019 година се одржа презентација на тема: „Улогата на парламентот во процесот на буџетска контролаг.

2.6 **Согласно Годишниот план за обуки за 2019 година**[17], во текот на годината беа реализирани две работилници за пратеници, четири работилници за службата и една обука за надворешните соработници на пратеничките групи. Со оглед на тоа дека во текот на годината не беа одржани избори, немаше потреба од организација на воведна (ориентациона) сесија за новоизбрани пратеници. Планираната обука за асистентите во канцелариите за комуникација со граѓаните не беше реализирана од причина што, со оглед на најавените избори, беше одлучено дека подобро би било истата да се изврши по промената на пратеничкиот состав, имајќи во предвид дека истото ќе доведе до промени кај асистентите.[18]

2.7 На 13 ноември 2019 година Парламентарниот институт одржа **работилница за пратеници во Собранието** на тема: „Постапка за донесување на буџет во Собранието на Република

[13] Во овој вкупен број на пратеници има барања кои се поднесени од повеќе пратеници: 1 барање е поднесено од еден пратеник и една пратеничка, а две барања се поднесени од две пратенички
[14] Едно барање е од пратеник Ром, 6 барања од пратеник Египќанец и 6 барања од пратеник Босанец
[15] Индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020.
[16] Индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020
[17] Реализирана точка 2.4 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт (Донесен Годишен план за обуки)
[18] Реализирани се 77,7% од индикаторот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 од точката 2.4 (Обезбедени едукативни активности за законодавната власт според утврдените потреби)

Северна Македонија". На работилницата учествуваа вкупно четири пратеници. Целта на работилницата беше да ја приближи постапката за донесување на буџет во Собранието до пратениците, од теоретски и од практичен аспект, како најзначаен инструмент на законодавната власт за контрола на прибирањето и трошењето на буџетските средства.

Дополнително, на 12 и 13 септември 2019 година, во организација на ОБСЕ се одржа дводневна **работилница, наменета за пратениците** во Собранието на Република Северна Македонија, на која во улога на обучувач учествуваше вработен од Парламентарниот институт. Темата која беше опфатена на работилницата беше комуникацијата на пратениците со граѓаните. Во склоп на сесијата Структура за поддршка на Парламентарната мрежа за комуникација со граѓаните (ПМКГ), вработениот од Институтот имаше излагање на кое беа опфатени можностите за соработка помеѓу Парламентарниот институт и ПМКГ.

2.8 Во насока на зајакнување на капацитетите на Службата на Собранието на Република Северна Македонија, Парламентарниот институт во текот на 2019 година организираше и реализираше **четири работилници наменети за вработените во Службата**.

**Табела 5. Преглед на работилници за службата на Собранието**

| ТЕМА | МЕСТО | ДАТУМ | УчЕСНИЦИ |
|---|---|---|---|
| 1. Преглед на Регистарот на ризици на Собрание на РМ | Скопје | 21-22 мај 2019 година | 40 |
| 2. Подготовка на План на активности на ПИ за 2020 година | Скопје | 28 мај 2019 година | 18 |
| 3. Вовед во функционирањето на софтверот за преведување ТРАДОС | Скопје | 6 ноември 2019 година | 12 |
| 4. Примена на новиот Закон за јавните набавки во Собранието: детална презентација на измените и новините што се воведуваат со новото законско решение | Скопје | 2-3 декември 2019 година | 24 |

2.9 Дополнително, во функција на исполнување на Стратешкиот план на Собранието 2019 - 2021 во однос на приоритетот за обезбедување напредни и ефикасни услуги за пратениците, од 14 до 16 март 2019 година, Парламентарниот институт организираше и спроведе **работилница за надворешните соработници на пратеничките групи** на тема: „Зајакнување на административните капацитети во насока на јакнење на законодавната функција на Собранието: постапка за донесување закони, номотехнички правила на изработка на прописи, постапка за донесување буџет и усогласување на домашното со ЕУ законодавството". На работилницата присуствуваа 16 надворешни соработници од сите пратенички групи во Собранието, како и други вработени во Службата на Собранието, дел како предавачи, а дел како учесници.

2.10 Во функција на промовирање на своите услуги и активности, Парламентарниот институт вршеше континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на своите промотивни материјали**. Во рамките на овие активности, во првата половина на 2019 година беше

извршено **ревидирање на Водичот за услугите на Парламентарниот институт и на флаерите за промоција** на Институтот (за Парламентарниот институт, за Едукативниот центар и за истражувачка библиотека и за законодавна архива) и превод на истите на албански јазик.[19]

2.11 Преку полиците поставени на повеќе места во зградата на Собранието, на пратениците, вработените во Службата и останатите корисници им се достапни различните материјали подготвени од страна на институтот (истражувачки работи, едукативно-информативни и промотивни материјали и слично). Од страна на Институтот се врши континуирање полнење на полиците со нови материјали.

2.12 Парламентарниот институт продолжи со својата пракса на изготвување на **квартален електронски Билтен на активности** со кои се известува за спроведените активности и настани за секои три месеци. Во текот на извештајниот период беа подготвени и дистрибуирани четири изданија на електронскиот Билтен, кој се доставува до околу 400 контакти, а се изработува на три јазици: македонски, албански и англиски. Просечната **рата на отворање на Билтените** за 2019 година изнесува **28,2%**. За потребите за проследување на Билтенот до соодветните таргет групи, беше извршена годишна **претплата на услугата Constant Contact.**[20]

2.13 Парламентарниот институт е претплатен на **3 дневни весници на македонски јазик** (Слободен печат; Вечер; Нова Македонија), **2 дневни весници на албански јазик** (Коха и Лајм), **1 неделно списание** (Фокус) и **1 месечно списание** (Економија и бизнис).

2.14 За потребите на пратениците и за Службата на Собранието, Парламентарниот институт се има претплатено на три бази на податоци – **Службен весник на Република Северна Македонија, Академика и Праксис.** Обезбедени се **35 лиценци** за пристап до базите на податоци на Службениот весник на Република Северна Македонија за координаторите на пратеничките групи, вработените и асистентите на пратеничките групи. Во однос на правните бази на податоци, во 2019 година се зголеми претплатата на базата Академика од една на две лиценци, а Институтот се претплати и на базата Праксис.

2.15 Библиотечниот фонд е унифициран и достапен за пратениците и другите корисници. Читалницата на библиотеката на Парламентарниот институт, е отворена и достапна за сите корисници каде може да се пристапи кон базите на податоци, читање на дневниот печат, да се користат книгите, да се поднесе барање и слично. Почнувајќи од мај 2019 година, е-библиотека системот се користи за внесување на целиот библиотечен фонд на Собранието освен од вработените во Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива исто така и од вработените во Одделението за библиотека.

2.16 Во е-библиотека системот вработените **индексираа и каталогизираа книги** кои беа донирани на Парламентарниот институт минатата година како и книги кои беа набавени со

[19] Реализиран индикаторот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 од точката 2.4 (Водичи за ПИ, прирачници, водичи за пратеници, збирки, истражувања, флаери, х 600 македонски
[20] Реализиран индикаторот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 од точката 2.4 (Изработени 4 билтена)

јавна набавка во 2018 и 2019 година. Во извештајниот период индексирани се **688 нови наслови**. Со ова, вкупниот број на книги индексирани во системот е 7754 наслови. **Електронскиот каталог** се пристапува преку страницата <http://biblioteka.sobranie.mk/General/Books.aspx>, каде секој корисник може да пристапи со неговото коирсничко име и лозинка со која и се пристапува во системот е-парламент.

2.17 Од истражувачката библиотека во текот на 2019 година се **изнајмени 161 наслови** од кои наслови 18 книги беа изнајмени од страна на пратеници.

2.18 Во текот на 2019 година се изработени десет тематски истражувања од библиотечниот фонд со кој располага библиотеката и тоа:

- Права на децата и нивна заштита
- Жените во политиката
- Глобализација
- Дипломатија
- Јавна политика
- Маркетинг и неговите форми
- Пари и прење пари
- Говорење во јавност
- Западен Балкан
- Сметководство

Тематските истражувања се достапни на рмс системот на Парламетарен институт, во читалницата на истражувачката библиотека како и по полиците низ Собранието заедно со другите материјали на Парламентарниот институт.

2.19 **Читалницата во архивското депо** е опремена со четири компјутери и е достапна за корисниците за разгледување на документите кои ја сочинуваат законодавната архива (пребарување на е-архива системот) како и за пристапување до интернет или другите бази на податоци.

Во делокругот на работата на законодавната архива, главен фокус се става на **ажурирањето на е-архива системот** со сите видови на документи кои се предмет на законодавната архива, што подразбира **скенирање и индексирање на документи** кои произлегуваат од работата на пленарните седници и од седниците на работните тела. Индексираните документи во е-архива системот се достапни за сите корисници, преку пристап на следниот линк: <http://pi-earchive/Cases.aspx?affiliateId=1>, од каде може лесно да се пребаруваат документи по различни критериуми, како што се пратенички мандати, број на пленарна седница, вид на документ и друго.

**3.Одржлив и вмрежен Парламентарен институт со вклучени, квалификувани и продуктивни службеници**

3.1 **Во функција на вмрежување** со истражувачките служби од парламентите во регионот, во периодот 31 мај - 2 јуни 2019 година во Скопје, беше одржана **петтата регионална конференција**[21], на која учествуваа претставници, истражувачи од парламентите на Албанија, Црна Гора, Косово, Босна и Херцеговина, а беа поканети и парламентите на Бугарија, Грција, Србија, Хрватска и Словенија. Беше изработена заедничка студија на тема **„Пописите на населението и домаќинствата во државите од југоисточна Европа"**[22], која на конференцијата беше презентирана. Како петта конференција по ред, присутните се согласија за важноста на меѓусебната соработка и беа споделени правни модели кои им стојат на располагање на државите за спроведување на пописите и обработка на податоците.

3.2 Во функција на вмрежување со истражувачките служби од други парламенти беше реализирано **заедничко истражување**[23] со Парламентот на Чешката Република. Презентацијата пред пратениците и членовите на невладини организации и други државни институции се одржа на 19 декември 2019 година на тема: **„Улогата на парламентот во процесот на буџетска контрола"**[24].

3.3 Во функција на **вмрежување со организациите на граѓанското општество**[25] беше реализирано едно заедничко истражување со експертската невладина организација Институтот за истражување на општествениот развој **РЕСИС** на тема: **„Етно-културалните белези во пописите на населението и домаќинствата".**

3.4 Во рамки на **билатералната соработка со Швајцарскиот сојузен парламент**, од 28 февруари до 1 март 2019 година беше одржана една **мисија во Парламентарниот институт** од страна на двајца претставника на парламентарната служба. Целта на мисијата беше гостите да ја набљудуваат реализацијата на едукативната активност „Имам став!", преземена од Швајцарскиот парламент, и да дадат свои препораки и насоки во врска со организацијата и реализацијата на активноста[26].

3.5 Како дел од соработката, на покана од Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација, од 20 до 22 февруари 2019 година беше реализирана **студиска посета на двајца вработени во Парламентарниот институт на Швајцарскиот парламент**. За време на посетата, вработените имаа можност да го набљудуваат текот на едукативната активност во вид на игра на улоги „Mein Standpunkt", и да се стекнат со значајни искуства во однос на организацијата и реализацијата на активноста.

3.6 Во насока на континуираните заложби за вмрежување на Парламентарниот институт, во текот на 2019 година продолжи **соработката во рамките на мрежата на Европскиот центар за**

[21] Реализиран Индикатор 3.2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020
[22] Прилог 4 кон овој извештај.
[23] Индикатор 3.2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020
[24] Прилог 5 кон овој извештај.
[25] Реализиран Индикатор 3.2.3 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020
[26] Реализирани се 50% од индикаторот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 од точката 3.2.1 (Остварени две мисии од Швајцарскиот парламент во ПИ за развој на дебатни настани)

**парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД)**. Пет вработени во Парламентарниот институт учествуваа на вкупно четири семинари организирани од страна на ЕЦПРД. Дополнително, раководителот на Парламентарниот институт, како кореспондент во мрежата и член на Извршниот комитет, учествуваше на Годишната конференција на кореспонденти и на Состанокот на Извршниот комитет на ЕЦПРД мрежата[27].

3.7 Двајца вработени во Парламентарниот институт учествуваа на **Третиот меѓународен форум за парламентарни центри за посетители**, кој се одржа од 22 до 24 мај 2019 година во Виена, Австрија. Оваа посета е континуитет на воспоставена пракса на учество на вработени од Одделението за едукација и комуникација на годишната интернационална средба за размена на најдобри практики и искуства во парламентите во областа на спроведување на едукативни активности со цел зголемување на транспарентноста на парламентите. Целта на активноста беше вработените, преку учество на форумот, да разменат искуства и да соберат информации кои ќе бидат од огромно значење за Парламентарниот институт во насока на подобро планирање и организација на идните едукативни активности спроведени од страна на Одделението за едукација и комуникација на Институтот.

3.8 Во контекст на исполнување на стратешката цел за **соработка и вмрежување**, двајца вработени од Парламентарниот институт зедоа учество на **годишната регионална средба на парламентарните истражувачки служби** која се одржа во октомври во Будва, во рамките на WBLSI Иницијативата за јакнење на законодавните капацитети на земјите од Западен Балкан на Националниот Демократски Институт.

3.9 Во Едукативниот центар на Парламентарниот институт се одржаа **четири состаноци на работната група за Заедничката рамка за проценка (ЦАФ модел)**, во која член е еден вработен во Институтот, кој е сертифициран обучувач на ЦАФ моделот.

3.10 На 23 април во Парламентарниот институт по петти пат беше организиран настан **по повод Светскиот ден на книгата и авторското право.** Организацијата на настанот беше во соработка со НУБ вКлимент Охридскиг. Како гости присутни беа соработници од различни универзитетски и институционални библиотеки, како и претставници од Државниот архив. Традиционално на настанот беа прочитани пораките напишани од Генералниот директор на УНЕСКО и пораката упатена од Македонија, која оваа година беше напишана од Милчо Манчевски, режисер, писател, фотограф.

3.11 На **Годишната Пред-конференција на ИФЛА** која се одржа на 21-22 Август во Атина, учествуваа еден вработен од Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива и еден заменик генерален секретар. Овогодишната тема на конференцијата беше ”Поддршка на дијалогот за промени“ со цел презентација на добри парламентарни практитки, кои се од корист на истражувачките и библиотекарските капацитети, со акцент ставен на прашања поврзани со соработката на Парламентите. Како заклучок од Конференцијата произлезе повикот до библиотеките и меѓународната заедница за информатички науки да дискутираат, да ја преиспитаат улогата на библиотеките како промотри на промените бидејќи библиотеките и општеството треба да бидат во постојан, отворен дијалектички однос. Ова ќе доведе до добро

[27] Реализирани се 58,3% од индикаторот од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 од точката 3.2.1 (Учество на 12 вработени низ предвидените форуми и мрежи)

информирани граѓани, за да го олеснат напредокот и развојот и да доведат до просперитет во сите полиња на демократското општество.

3.12 За **зајакнување на административните капацитети и континуирано професионално усовршување на службениците**, вработените во Парламентарниот институт учествуваа на бројни настани во земјата и во странство кои се поврзани со нивната работа и тоа на: **шест семинари, осум работилници, осум обуки, две годишни конференции, една регионална конференција, еден меѓународен форум, три студиски посети, две регионални работилници, четири тркалезни маси, три панел дискусии, шест промоции/презентации, еден состанок и еден форум**.[28]

3.13 Во текот на 2019 година се спроведоа повеќе **активности во насока на зајакнување на професионалните капацитети на вработените** во Парламентарниот институт.

Од 4 до 8 февруари, во посета на Парламентарниот институт беше експерт од Чешкиот парламент, со цел одржување на консултации со раководниот тим на Институтот, за време на кои беа разгледани повеќе теми од интерес на работата на раководителите, како што се интерната и меѓусекторската координација и организација, стратешкото планирање, управувањето со финансиите, јавните набавки и други слични теми.

Во периодот од 25 февруари до 1 март се одржа консултативна работилница за истражувачки методологии со експерт од истражувачката служба на Чешкиот парламент. За времетраењето на работилницата беа разменети значајни искуства околу методите за истражување, како и софтверските системи за менаџирање на барањата за истражувачки услуги во двата парламенти. Исто така, експертот одржа и воведни обуки за нововработените истражувачи во тимот на Институтот и ги сподели своите искуства со употребата на различни методи за визуелизација при изработката на истражувачките работи.

Со цел проценка на библиотечните и архивските услуги на Собранието, од 11 до 15 март во посета на Парламентарниот институт беа двајца експерти од Словачкиот парламент. За време на посетата беше разгледан сегашниот статус на истражувачката библиотека и законодавната архива, а беа остварени и средби со раководните лица на повеќе сектори во Службата на Собранието кои се вклучени во процесот на обезбедување на библиотечните и архивските услуги на Собранието. Како дел од посетата беше организирана и работилница на тема „**Институционална консолидација и одржливост на парламентарната библиотека и архивските услуги**“, на која, покрај вработените од Институтот, учествуваа вработени и од други сектори во Службата. За време на работилницата се разговараше за можностите за надминување на преклопувањата помеѓу Парламентарниот институт и другите одделенија во Службата, како и овозможување поблиска соработка и решавање на идентификуваните проблеми со одделенијата кои се критични за квалитетно обезбедување на библиотечните и архивските услуги од страна на Институтот.

Вработените во Парламентарниот институт беа дел од обуката на тема: „Родовите аспекти во проценка на влијанието на националните политики и во истражувања и анализи на политики“. Обуката се одржа од 20 до 23 ноември 2019 година во Маврово, а беше организирана од страна на

[28] Комплетната листа на настани е дадена во прилог на овој Извештај.

UN Women. На работилницата, вработените имаа можност да се запознаат со главните родови концепти, со основите на родовото одговорно буџетирање и со изработката на анализи за Проценка на влијанието на регулативата (ПВР). Еден од главните резултати од работата на работилницата беше изработката на три ПВР анализи во кои беше вклучен и родовиот аспект.

3.14 Четворица вработени во Парламентарниот институт ја користат можноста за **стипендирање за запишување на последипломски и докторски студии**, согласно Рамката за професионален развој на вработените и Програмата за стипендирање, и тоа еден вработен на последипломски, а тројца на докторски студии.

3.15 Во насока на **мерење на степенот на задоволство на корисниците на услугите** на Парламентарниот институт, се врши **евалуација на едукативните настани** по завршувањето на истите, при што се изработуваат **Анализа од евалуацијата и Извештај со заклучоци и препораки**, кои се земаат во предвид при изработката на Годишниот план и при ревизијата на програмите на едукативните настани. Од мај 2019 година се започна со мерење на степенот на задоволство и на посетителите на организираните обиколки на зградата на Собранието. Врз база на добиените податоци во текот на целата година изработена е Анализа од евалуацијата и Извештај со заклучоци и препораки[29].

3.16 Согласно вопоставената пракса и проектна документација, вработените од Парламентарниот институт го изготвија **Годишниот план за активности на Парламентарниот институт за 2020 година**. Документот беше изработен на работилница што се одржа на 28 мај 2019 во Скопје, со активно учество на сите вработени.

[29] Реализирана точката од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 3.4 Степен на задоволство од услугите на ПИ (рок, објективност и непристрасност)

## 10.2. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



**_Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата_**




**_Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата_**



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 244.300 копии**

**А3 формат: 417492 копии**

**А4 формат фотокопирани: 1002796 копии**



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| **1.** | Триесет и втора седница | **09.01.2019**[30] | **-среда** | **11,30-11,45** |
| **2.** | Шеесет и шеста седница | **27.05.2019**<br>**09.07.2019** | **-понеделник**<br>**-вторник** | **17,15-18,20**<br>**13,10-13,15** |
| **3.** | Седумдесет и прва седница[31] | **08.01.2019** | **-вторник** | **12,30-18,20** |
| **4.** | Седумдесет и петта седница | 09.01.2019<br>11.01.2019 | -среда<br>-петок | 12,20-17,45<br>17,50-19,00 |
| **5.** | Седумдесет и седма седница | **06.02.2019** | **-среда** | 12,30-17,30 |
| **6.** | Седумдесет и деветта седница | 23.01.2019 | -среда | 12,25-12,35 |
| **7.** | Осумдесетта седница | 16.01.2019<br>17.01.2019 | -среда<br>-четврток | 12,35-18,20<br>16,15-17,25 |
| **8.** | Осумдесет и прва седница | 28.01.2019<br>29.01.2019<br>30.01.2019<br>06.03.2019 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-среда | 12,30-18,30<br>12,05-22,55<br>12,00-15,00<br>14,00-14,25 |
| **9.** | Осумдесет и втора седница *п*п | 31.01.2019 | -четврток | 11,30-18,05 |
| **10.** | Осумдесет и трета седница | 04.02.2019 | -понеделник | 12,35-14,00 и<br>16,05-17,00 |
| **11.** | Осумдесет и четврта седница | 04.02.2019 | -понеделник | 15,50-16,05 |
| **12.** | Осумдесет и петта седница | 08.02.2019 | -петок | 13,40-14,30 |
| **13.** | Осумдесет и шеста седница | 18.02.2019<br>21.02.2019<br>28.02.2019<br>04.03.2019<br>11.03.2019 | -понеделник<br>-четврток<br>-четврток<br>-понеделник<br>-понеделник | 11,50-12,35<br>13,10-15,30<br>12,25-17,30<br>11,25-11,40<br>12,20-14,00 и<br>15,00-22,10 |
| **14.** | Осумдесет и седма седница*п*п | 27.02.2019 | -среда | 11,20-18,05 |
| **15.** | Осумдесет и осма седница | 04.03.2019 | -понеделник | 14,35-15,05 |
| **16.** | Осумдесет и девета седница | 24.02.2019 | -недела | 21,25-00,05 |
| **17.** | Деведесетта седница | 06.03.2019<br>07.03.2019<br>11.03.2019 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник | 11,35-14,00<br>14,20-18,05<br>14,15-14,20 |
| **18.** | Деведесет и прва седница | 14.03.2019<br>16.05.2019 | -четврток<br>-четврток | 11,40-16,50<br>16,35-17,45 |
| **19.** | Деведесет и втора седница *п*п | 28.03.2019 | -четврток | 11,30-18,55 |
| **20.** | Деведесет и трета седница | 27.03.2019<br><br>21.05.2019 | -среда<br><br>-вторник | 11,40-16,35 и<br>16,55-17,25<br>13,55-14,10 |
| **21.** | Деведесет и четврта седница | 27.03.2019<br>16.05.2019<br>27.05.2019 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник | 16,35-16,55<br>15,55-16,35<br>13,40-13,45 |

[30] продолженија на седници од 2018 година
[31] незавршени седници

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **22.** | Деведесет и петта | 24.04.2019 | -среда | 11,40-16,40 |
| **23.** | Деведесет и шеста | 12.05.2019 | -недела | 12,20-12,40 |
| **24.** | Деведесет и седма | 16.05.2019 | -четврток | 15,40-15,55 |
| **25.** | Деведесет и осма | 20.05.2019<br>21.05.2019<br>27.05.2019 | -понеделник<br>-вторник<br>-понеделник | 12,10-17,40<br>11,55-13,55<br>15,40-17,15 |
| **26.** | Деведесет и деветта | 22.05.2019 | -среда | 11,55-13,45 |
| **27.** | Стотта | 27.05.2019 | -понеделник | 12,25-13,40 и<br>14,00-15,40 |
| **28.** | Сто и прва п*п* | 30.05.2019 | -четврток | 11,30-18,05 |
| **29.** | Сто и втора | 11.06.2019<br>12.06.2019 | -вторник<br>-среда | 12,35-17,40<br>13,20-18,15 |
| **30.** | Сто и трета | 26.06.2019<br>27.06.2019 | -среда<br>-четврток | 12,00-21,15<br>11,30-23,15 |
| **31.** | Сто и четврта | 09.07.2019<br><br>10.07.2019 | -вторник<br><br>-среда | 11,50-13,10 и<br>13,15-16,50<br>14,15-15,45 |
| **32.** | Сто и петта п*п* | 28.06.2019 | -петок | 11,25-17,50 |
| **33.** | Сто и шеста | 23.07.2019<br>24.07.2019<br>26.07.2019 | - вторник<br>-среда<br>-петок | 12,15-18,40<br>13,32-21,15<br>12,25-13,00 |
| **34.** | Сто и седма п*п* | 25.07.2019 | -четврток | 12,20-19,10 |
| **35.** | Сто и осма | 27.08.2019 | -вторник | 11,40-17,40 |
| **36.** | Сто и деветта | 30.07.2019 | -вторник | 12,25-18,45 |
| **37.** | Сто и десетта | 30.08.2019<br>31.08.2019 | -петок<br>-сабота | 12,05-22,30<br>12,25-18,40 |
| **38.** | Сто и единаесетта | 11.09.2019<br>16.09.2019<br>01.11.2019<br>06.11.2019 | -среда<br>-понеделник<br>-петок<br>-среда | 12,55-19,10<br>12,25-16,25<br>16,00-16,05<br>15,35-15,40 |
| **39.** | Сто и дванаесетта | 14.09.2019 | -сабота | 13,50-15,05 |
| **40.** | Сто и тринаесетта п*п* | 03.10.2019 | -четврток | 11,50-18,10 |
| **41.** | Сто и четиринаесетта | 07.10.2019<br>08.10.2019<br>09.10.2019<br>10.10.2019<br>21.10.2019<br>22.10.2019<br>01.11.2019 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-петок | 12,35-18,20<br>11,55-17,45<br>11,25-17,55<br>11,40-15,15<br>11,40-16,30<br>11,55-16,50<br>13,45-16,00 |
| **42.** | Сто и петнаесетта | 03.10.2019 | -четврток | 11,15-11,50 |
| **43.** | Сто и шеснаесетта | 05.11.2019<br>06.11.2019<br>07.11.2019<br>13.11.2019<br>14.11.2019<br>20.11.2019<br>21.11.2019<br>25.12.2019 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-среда<br>-четврток<br>-среда<br>-четврток<br>-среда | 16,25-16,45<br>15,40-17,25<br>13,00-17,15<br>11,15-14,05<br>12,40-18,00<br>12,30-17,05<br>12,10-18,00<br>12,55-13,00 |
| **44.** | Сто и седумнаесетта п*п* | 31.10.2019 | -четврток | 10,10-14,00 и<br>15,45-18,50 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **45.** | Сто и осумнаесетта | 05.11.2019 | -вторник | 10,40-11,05 |
| **46.** | Сто и деветнаесетта | 31.10.2019 | -четврток | 10,45-11,10 и 15,30-15,45 |
| **47.** | Сто дваесетта | 12.11.2019 | -вторник | 12,40-17,50 |
| **48.** | Сто дваесет и прва п*п* | 28.11.2019 | -четврток | 11,20-18,40 |
| **49.** | Сто дваесет и втора | 18.12.2019 | -среда | 12,10-12,40 |
| **50.** | Сто дваесет и трета | 11.12.2019<br>12.12.2019<br>17.12.2019<br>18.12.2019<br>25.12.2019<br>27.12.2019 | -среда<br>-четврток<br>-вторник<br>-среда<br>-среда<br>-петок | 14,55-19,00<br>13,40-18,05<br>13,05-19,10<br>15,00-15,10<br>13,00-14,10<br>13,15-16,40 |
| **51.** | Сто дваесет и четврта п*п* | 26.12.2019 | -четврток | 11,45-18,10 |
| **52.** | Сто дваесет и петта | 16.12.2019<br>18.12.2019<br>19.12.2019<br>20.12.2019<br>22.12.2019 | -понеделник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-недела | 13,10-18,00<br>15,10-18,30<br>11,50-17,00<br>12,30-18,20<br>12,30-18,35 |
| **53.** | Сто дваесет и шеста | 23.12.2019<br>24.12.2019<br>25.12.2019<br>27.12.2019 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок | 13,45-00,20<br>11,30-18,15<br>17,20-17,35<br>11,50-13,15 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Триесет и втора седница** **29.01.2018 (понеделник)**

26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка;
42. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2016 година;
43. Годишен финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година.

**Шеесет и шеста седница** **26.11.2018 (понеделник)**

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила - I читање;
12. Информација за енормното загадување на амбиентниот воздух во Република Македонија
13. Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Македонија за 2017 година.

**Седумдесет и прва седница** **18.12.2018 (вторник)**

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - I читање;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија - I читање;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити - I читање;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард - I читање;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните - I читање;
14. Предлог на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавка на нови автобуси за Град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет, по скратена постапка;
16. Предлог на закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, по скратена постапка;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, по скратена постапка;
20. Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија за 2019 година;

21. Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија за 2019 година;
22. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2017 година.

**Седумдесет и петта седница** **09.01.2019 (среда)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка", во Исламската Република Авганистан, под архисвки број 08-7569/1;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка", во Исламската Република Авганистан, под архисвки број 08-7570/1;
4. Утврдување на Предлог на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија;
5. Донесување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија;
6. Прогласување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија;
7. Предлог на уставен закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

**Седумдесет и седма седница** **06.02.2019 (среда)**

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите - I читање;
4. Предлог на закон за прекршоците - I читање;
5. Предлог на закон за Судскиот совет на Република Македонија - I читање;
6. Предлог на закон за управни спорови - I читање;
7. Предлог на закон за извршување на санкциите - I читање;
12. Предлог на закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, по скратена постапка

**Седумдесет и деветта седница** **23.01.2019 (среда)**

-Na ovaa sednica na Sobranieto na Republika Makedonija }e mu se obrati pretsedatelot na Sobranieto na Crna Gora, gospodin Ivan Brajovi}.

**Осумдесетта седница** **16.01.2019 (среда)**

1. Предлог на одлука за објавување на јавен конкурс за именување на членови на Програмскиот советот на Македонската радио телевизија;
2. Предлог на одлука за објавување на јавен конкурс за избор на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ);

3. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци;
4. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за именување на член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;
5. Предлог на одлука за објавување јавен оглас за именување на заменик на претседателот и два члена на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;
6. Предлог на закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по скратена постапка.

**Осумдесет и прва седница 28.01.2019 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за начинот на вршење на интервју, оценување и рангирање на кандидатите за претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;
2. Предлог на кодекс за изменување и дополнување на кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот за граѓански надзор;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави;
6. Предлог на одлука за избор на член на Државниот Совет за превенција на детско престапништво;
7. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
9. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);
10. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици - членови на Националниот совет за евроинтеграции;
11. Предлог на одлука за разрешување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
12. Интерпелација за работата на министерот за надворешни работи Никола Димитров;
13. Дополнет предлог на закон за јавните набавки - II читање;
14. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити - II читање;

15. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита - II читање;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - II читање;
17. Предлог на закон за дополнување на Законот за ученичкиот стандард - II читање;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард - II читање;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - I читање;
20. Предлог на закон за практикантство - I читање;
21. **Предлог на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија - I читање;**[32]
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, по скратена постапка;
23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, по скратена постапка;
24. **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации, по скратена постапка;**
25. Предлог на закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка;
26. Предлог на закон за изменување на Законот за трговија на зелени пазари, по скратена постапка;
27. Предлог на закон за дополнување на Законот за пратениците, по скратена постапка;
28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги, по скратена постапка;
29. Граѓанска иницијатива за собирање потписи од најмалку 150.000 избирачи за распишување на дополнителен референдум за одлучување на граѓаните на целата територија на Република Македонија;
30. Предлог на одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2019 година;
31. Предлог на одлука за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2019 година;
32. Предлог на одлука за согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2019;
33. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2019 година;
34. Годишен извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во 2017 година;
35. Годишен извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2017 година;
36. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2019 година.
37. Предлог на автентично толкување на член 9, став 6 од Законот за спортот; (Поднесен од: Ивана Туфегџиќ)

[32] неразгледани точки

38. Барање за давање на автентично толкување на член 134 став 3 од Законот за стечај, поднесено од градоначалникот на Општина Куманово;
39. Барање за давање на автентично толкување на член 5-б став 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, поднесено од градоначалникот на Општина Велес;
40. Барање за давање на автентично толкување на член 128 став 3, а во врска со член 79-а став 1 од Законот за основното образование, поднесено од пратеникот Панчо Минов;
41. Барање за давање на автентично толкување на член 8, став 7 и 9 од Законот за даноците на имот, поднесено од градоначалникот на Општина Кочани;
42. Барање за давање на автентично толкување на член 5, став 3 од Законот за правосудниот испит, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ;
43. Барање за давање на автентично толкување на член 11 став 2 од Законот за денационализација, поднесено од пратеникот Снежана Калеска Ванчева;
44. Барање за давање на автентично толкување на член 25, став 1 од Законот за катастар на недвижности, поднесено од пратеникот Бети Рабаџиевска Наумовска.

**Осумдесет и втора седница 31.01.2019 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Осумдесет и трета седница 04.02.2019 (понеделник)**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборен законик, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка.

**Осумдесет и четврта седница 04.02.2019 (понеделник)**

1. **Барање за одобрување притвор на пратеникот Љупчо Димовски, поднесено од Основен суд Скопје I , Скопје, Одделение за организиран криминал и корупција III.КОК – ПП. БР.32/19 од 01.02.2019 година.**

**Осумдесет и петта седница 08.02.2019 (петок)**

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог одлука за распишување јавен оглас за назначување на членови на Советот за граѓански надзор
3. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев” - во Штип;
4. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;
5. Предлог одлука за именување на член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;

6. Предлог одлука за разрешување и именување на член на Комисијата на Агенцијата за пошти.

**Осумдесет и шеста седница** **18.02.2019 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка", во Исламската Република Авганистан;
2. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за соработка во областа на образование, наука, култура, мас-медиуми, млади и спорт;
3. Интерпелација за работата на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски
4. Предлог на закон за услуги - I читање;
5. Предлог на закон за тутун, производи од тутун и сродни производи - I читање;
6. Предлог на закон за слободен пристап до информации од јавен карактер - I читање;
7. Предлог на закон за акцизите - I читање;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавен долг - I читање;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања - I читање;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија - I читање;
11. Предлог на закон за вршење на сметководствени работи - I читање;
12. Предлог на закон за прекинување на бременоста - I читање;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, по скратена постапка;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка;
17. Предлог на закон за изменување на Законот за оперативно-техничка агенција, по скратена постапка;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, по скратена постапка;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, по скратена постапка;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка;
21. Предлог на закон за дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, по скратена постапка .
22. Предлог на одлука за давање согласност на предлогот на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година;

23. Предлог на одлука за давање согласност на Предлогот на годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2019 година;
24. Барање за давање автентично толкување на член 85 став 1 од Законот за административни службеници, поднесено од градоначалникот на општина Охрид;
25. Барање за давање автентично толкување на член 59 ставови 2, 3 и 4, а во врска со член 60 ставови 3 и 4 од Законот за средно образование, поднесено од пратениците Димитар Стеванаnџија и Ане Лашкоска.

**Осумдесет и седма седница 27.02.2019 (среда)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Осумдесет и осма седница 04.03.2019 (понеделник)**

1. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите - II читање;
2. Дополнет предлог на закон за прекршоците - II читање;
3. Дополнет предлог на закон за управните спорови - II читање.

**Осумдесет и деветта седница 24.02.2019 (недела)**

1. **Барање за одобрување притвор на пратеникот Трајко Вељаноски, поднесено од Основен суд Скопје I Скопје, Одделение за организиран криминал и корупција III.КОК – ПП. бр.95/19 од 21.02.2019 година.**

**Деведесетта седница 06.03.2019 (среда)**

1. Предлог на закон за класифицирани информации - I читање;
2. Предлог на закон за Агенција за национална безбедност - I читање;
3. Предлог на закон за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија - I читање;
4. Предлог на закон за изменување на Законот за следење на комуникациите - I читање;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи - I читање;
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странци - I читање;
7. Предлог на закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги - I читање;
8. Предлог на закон за електронско управување и електронски услуги - I читање;
9. Предлог на закон за Централен регистар на население - I читање;

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи - I читање;
11. Предлог на закон за спречување и заштита од дискриминација, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, по скратена постапка.

**Деведесет и прва седница** **14.03.2019 (четврток)**

1. Предлог на одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка”, во Исламската Република Авганистан;
